**УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАМБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ**

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО ОДБРАНАТА ОД ИСЕЛУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Магистарски труд**

**МЕНТОР:**
**Д-р. Илија Ацески**

**КАНДИДАТ:**
**Драган Брајановски**

**СКОПЈЕ**
**2005 год**

**В О В Е Д** ..... **5**

**I. ВООПШТО ЗА МИГРАЦИИТЕ** ..... **13**

I.1. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА МИГРАЦИИТЕ ..... 13

I.2. ВИДОВИ НА МИГРАЦИИ ..... 18

I.3. МЕТОДИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИГРАЦИИТЕ ..... 21

**II. ВИДОВИ НА МИГРАЦИИ** ..... **25**

II.1. ИСТОРИСКИ И МЕТАНАСТАЗИЧКИ ДВИЖЕЊА ..... 25

II.2. МИГРАЦИИ УСЛОВЕНИ ОД ПРИРОДНО - ГЕОГРАФСКИ ФАКТОРИ ..... 28

II.3. ИНВЕРЗНИ МИГРАЦИИ ..... 32

II.4. ПРИСИЛНИ МИГРАЦИИ ..... 35

II.5. БЕГАЛНИЧКИ МИГРАЦИИ ..... 38

II.6. ВНАТРЕШНИ МИГРАЦИИ ..... 41

II.7. НАДВОРЕШНИ МИГАЦИИ ..... 45

а) Интерконтинентални миграции ..... 46

б) Понови надворешни миграции на население и работна сила ..... 47

**III. ОБЛИЦИ НА ИСЕЛЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ** ..... **49**

III.1. ОБЛИЦИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ ..... 49

III.2. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО ..... 53

**IV. СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ИСЕЛЕНИЧКА ПРОБЛЕМАТИКА** ..... **57**

IV.1. КРИТЕРИУМИ ЗА ИСЕЛУВАЊЕ ОД МАКЕДОНИЈА ..... 57

IV.2. ПЕРИОДИ НА ИСЕЛУВАЊЕ НА МАКЕ-ДОНЦИТЕ ОД СВОЈАТА ТАТКОВИНА ..... 60

**V. ПРОГНОЗА НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА ..... 65**

V.1. ПРОГНОЗА НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИ-ЖЕЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ И ПОГРАНИЧНИТЕ ПОДРАЧЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ..... 65

**VI. ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА ВРЗ ПОДГОТОВКИТЕ И ВОДЕЊЕТО НА ОДБРАНБЕНА ВОЈНА ВО СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ..... 73**

**VII. ПРОБЛЕМИТЕ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД Р.МАКЕДОНИЈА ..... 89**

VII.1. ПЕРИОДИ НА ИСЕЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД НИВНАТА ТАТКОВИНА - ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД ..... 89

VII.2. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ВО ГЕНЕРАЦИИ ..... 90

VII.3. ПРОБЛЕМИ НА ВТОРАТА И ТРЕТАТА ГЕНЕРАЦИЈА ИСЕЛЕНИЦИ ОД СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТ ..... 91

**VIII. СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ..... 101**

VIII.1. БРОЈНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ..... 101

VIII.2. АСПЕКТИ НА ПРОБЛЕМОТ НА НЕВРАБОТЕНОСТА ..... 102

VIII.2.1. ВИДОВИ АСПЕКТИ ..... 104

Општествени ..... 104

Економски ..... 104

Психолошки ..... 104

Етички ..... 105

**IX. ВОЕНОГЕОГРАВСКИ КАРАКТЕРИСТКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 106**

>> ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ << ..... 106

IX.1. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТКИ ..... 108

IX.1.1 БРОЈНО ДВИЖЕЊЕ И ПРИРОДЕН ПРИРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ..... 109

IX.1.2 ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНИЕТО ........ 114
IX.2. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ........ 118
IX.2.1. ПОЛОВА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 118
IX.2.2. СТАРОСНА СТРУКТУРА ........ 119
IX.2.3. ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА ........ 122
IX.2.4. ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА ........ 129
IX.2.5. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА ........ 131
IX.3. ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ........ 134
IX.3.1. ГРАДСКИ НАСЕЛБИ ........ 135
IX.3.2. СЕЛСКИ НАСЕЛБИ ........ 138
IX.3.3. РЕГИОНАЛЕН РАСПОРЕД НА НАСЕЛЕНИЕТО ........ 143
IX.4. НЕОФИЦИЈАЛНИ ПОДАТОЦИ ОД ПОПИСОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2002 ГОДИНА ........ 148
**X. ДОЛГОРОЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА МИГРАЦИИТЕ ........ 149**
X.1. ПОТРЕБАТА ОД АКТИВНА МИГРАЦИОНА ПОЛИТИКА ........ 151
X.2. МОЖНИ НАСОКИ НА ПОЛИТИКАТА ВО ВРСКА СО МИГРАЦИИТЕ ........ 152
X.3. ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА ........ 155
X.4. РАБОТНАТА СИЛА ........ 160
X.4.1. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА ........ 160
X.4.2. ДОЛГОРОЧНИ НАСОКИ ВО ПОЛИТИ-КАТА ВО ВРСКА СО ПРЕВРАБОТЕНОСТА И НЕВРАБОТЕНОСТА ........ 167
X.5. ВЛИЈАНИЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВРЗ ОДБРАНАТА ........ 173
X.5.1. ПОСЛЕДИЦИ ОД ИСЕЛУВАЊЕТО ........ 178

**XI. ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ **180**

XI.1. ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА ........ 181

XI.2. ПЛАНИРАЊЕ НА ОДБРАНБЕНИТЕ РЕСУРСИ ........ 186

XI.3. ПРИОРИТЕТИ ........ 189

**ЗАКЛУЧОК** ........ **192**

**КРАТЕНКИ** ........ **198**

**БИБЛИОГРАФИЈА** ........ **200**

# ВОВЕД

Историјата, развојот на човештвото, покрај позитивните има и негативни карактеристики. Индустрискиот развој, разместеноста на трудот, технолошкоот напредок, поместувањето на работната сила создаваат нови проблеми во одбраната на матичната земја. Отука се наметнува потребата од изнаоѓање на нови решенија во областа на одбраната. И, што со состојбите и перспективите на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија?

Појавата на Република Македонија, како самостојна и суверена држава на меѓународната политичка сцена, од военостратегиски аспект, претставува појава на нов географски фактор на Балканскиот Полуостров, кој од основа, ги измени дотогашните воено-политички односи во регионот.

Од военогеографски аспект, политичкото осамостојување на нашава држава, означува појава на ново национално војувалиште, олицотворено во нејзинот државен простор.

Тоа, логично, предизвикува потреба од редефинирање на најголем дел од дотогашните научни погледи врз многу научни области, меѓу кои и во областа на одбраната.

Имајќи ја во предвид неопходноста од автентични научни воени изучувања на нашиов простор, согласно со потребите на нашиот одбранбен систем. Трудот ***“Последиците во одбраната од иселувањето на младите од Република Македонија”***, е обид да се направат анализи во просторот на Македонското војувалиште.

Ценам, дека ќе дадам значаен придонес, во осветлувањето на низа суштински прашања од историскиот развој и сегашните состојби, во повеќе иселенички средини. Со тоа, имам намера да ги мотивирам научните работници, во иднина постојано и посестрано да се занимаваат со иселеничката проблематика во Република Македонија.

Во рамките на меѓународните односи, државите водат интензивна грижа за својата безбедност. Применувајќи низа мерки и активности во тој правец, од особено значење е и создавањето на соодветен одбранбено-заштитен систем, како еден од подсистемите на општествениот систем, чија основна улога е да обезбеди мир и стабилност на луѓето. Класичните извори на загрозување на светскиот мир и безбедност не се елиминирани, напротив, дел од нив се проширени со изменета форма и содржина, деструктивно делувајќи во различни области од општествениот живот.

Заради присутноста на голем број на фактори, кои влијаат врз дестабилизацијата и дезинтеграцијата на Република Македонија, неопходно е Р.Македонија да организира одбранбено-заштитен систем за заштита и обезбедување на својата сувереност, територијалниот интегритет и државност.

Опстанокот на Република Македонија во голема мера зависи и од способноста на одбранбено-заштитниот систем да ги попречи, намали и по можност да ги елиминира актуелните и потенцијалните загрозувања и конфликти со кои ќе се соочува.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија, Р.Македонија се конституира како суверена и демократска држава, во која суверенитетот и територијалниот интегритет се неделиви и неотуѓиви. Таа добива уставно-правен легитимитет за извршување на своите функции од областа на одбраната, безбедноста и заштитата.

Исто така Република Македонија по приемот во Организацијата на Обединетите Нации (ООН) се здоби со правото на самоодбрана, кое претставува право да организира одбранбено-заштитен систем за заштита и зачувување на сопствениот суверенитет и својот територијален интегритет.

Токму заради тоа, Република Македонија континуирано работи на организирање, развивање и опремување на сопствен и респектибилен одбранбено-заштитен систем, способен за одвраќање на агресија, превентивно да делува и да ги отстранува сите видови на загрозување на државата.

Врз основа на законската и меѓународната регулатива, како и одбранбено-безбедносната политика, Република Македонија гради сопствена одбранбена структура базирана на трите основни столба: вооружените сили, цивилната одбрана и вклучувањето на колективните системи за безбедност и членството во НАТО.

Обезбедувањето на стратегиски одбранбен концепт е базиран на трите основни столба на одбраната, а раководството на Република Македонија го гледа и преку барање и остварување директни и индиректни гаранции за нашите безбедносни интереси во соработката и во зачленувањето во НАТО, преку колективните системи за безбедност и одбрана, како и со склучување на разни аражмани на тој план.

Токму поради тоа Република Македонија воспоставува одбранбена структура остварлива во рамките на националните ресури и интереси.

Уште од формирањето на Армијата на Република Македонија (АРМ), една од основните цели беше и достигнувањето на стандардите што важат за современите армии, како и создавање на вооружена сила која според својата концепциска структура ќе биде компатабилна со современите армии и НАТО, што е еден од битните предуслови за влез во Евроатланската Алијанса.

Миграциите на населението претставуваат значаен, траен и универзален феномен на човештвото, од најстрите времиња па до денес. **Миграцијата** *претставува преместување на населението од едно во друго место.* Миграциите станаа општа законитост во промените на општеството, со големи реперкусии скоро во сите области од човековото живеење. Во Република Македонија уште од далечно минато па до ден денес, миграциите не мируваат. Тие имале и сеуште имаат свои реперкусии во одбранбено-заштитниот систем. Миграциите, на ова подрачје, претставуваат траен процес, кој се одвивал во еден подолг временски интервал, некогаш со поголеми, а некогаш со помали амплитуди.

Согласно концепциско-доктринарните определби, Република Македонија, во спротиставувањето на било кој агресор, ќе пристапи кон максимално ангажирање на сите сили и средства, во функција на одбраната на државата.

Обемот, структурата, возраста и квалификациите на мигрираното население, влијаат на критичната маса на најнеопходниот воен контингент, кој треба да се обезбеди, за спротиставување на евентуална агресија.

За добивање на вистинската слика за местото, улогата и видовите на миграцијата на населението од Република Македонија потребно е да се разгледаат следните проблемски содржинии:

- Современото војување: тактики, техники, процедури, методи и постапки
- Основните тенденции, карактеристики и процеси во современите миграциони процеси;
- Основните карактеристики, специфичности, можности, дострели и влијаније на миграционата популација од и во нашата земја врз одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија.
- Досегашните искуства од миграционите движења во и од Република Македонија
- Проблемите на кои наидува АРМ и МО при регрутирањето и едукацијата на регрутно способната миграциона популација
- Можен модел на системски мерки за спречување на миграционите процеси во и од Република Македонија за потребите на АРМ и МО и др.

Проблемот на истражувањето е доста актуелен и од гледна точка, што нашата армија и останатите субјекти на одбраната, се во процес на преструктуирање и партиципација во НАТО.

Потребата за поголемо проучување на овој проблем, од гледна точка на регрутниот контигент, стручните кадри од сите профили и логистичката подршка, во случај на евентуална потреба за одбраната на Р.М., има како научна, така и практична оправданост.

Со разработувањето на оваа проблематика не се претендира кон целосно решавање на проблемите во спречување, мотивирање и ангажирање на младата миграциона популација на Р.М. во одбранбено-заштитниот систем на Р.М. Поточно, дека со спречување, намалување и мотивирање на младата миграциона популација, ќе бидат предложени решенија, кои ќе бидат мотив за продлабочени истражувања.

Од научно гледна точка кон значењето на ова истражување, произлегува критичкиот осврт на досегашните искуства во политиката за спречување и намалување на миграционите процеси, направеното досега и оценката на она што сега се прави на тој план.

Во овој поглед, сознанијата до кои ќе се дојде, за поврзаноста и меѓусебната условеност на одбранбената способност на Р.М. влијанието од последиците на раселувањето и иселувањето на младите од Р.М., ќе биде од посебно значење за понатамошното проучување.

Општествено-политичкото значење на истражувањето, се гледа во користа што би ја имале сите одбранбени субјекти: Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ, се со цел за превземање, донесување и имплементација на мерките на највисоко ниво во државата, за спречување на иселувањето на младите од Р.М.

Согласно со претходно дефинираниот проблем и целите, основен предмет на истражувањето се последиците во одбраната од иселувањето на младите од Република Македонија.

Конкретно, предметот на ова истражување се состои во проучувањето на следните сегменти:

- Историски развој на иселувањето во светски рамки и кај нас;
- Достигнатиот степен на иселувањето во светски рамки и кај нас и неговиот натамошен тренд. (Со други зборови: ќе се проучат основните содржини на процесот на миграцијата, факторите, причините и условите, како искуство за сопствените потреби на Р.Македонија);
- Улогата на миграцијата на младите од Република Македонија во одбранбено-заштитен систем на Република Македонија, последиците од овој процес и нивното значење.
- Анализа на современите миграциони процеси во светски рамки, како насоки за разрешување на проблемите од миграционите процеси во Република Македонија;
- Анализа на досегашните искуства на миграционите процеси, од аспект на стручната оспособеност на младите кадри од миграционите простори (региони) во Република Македонија.
- Како предмет на истражувањето ќе биде националното и надворешното едуцирање на младите кадри и нивното влијаније врз миграционите движења во светски рамки;
- Каква е моменталната состојба со оспособеноста на мла-дите кадри во Р.Македонија, за нивно вработување и опстанување;
- Со истражувањето би настојувале да покажеме, колку одливот на младата македонска интелегенција, има директно влијание врз одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија, последиците од тоа и нивното значење;

- Креирање на можен план (програма), за спречување на миграционите процеси во Република Македонија. План - модел кој ќе одговори на современите трендови и барања, а кој воедно ќе биде и насока за спречување на одливот на младиот стручно оспособен кадар.

# I. ВООПШТО ЗА МИГРАЦИИТЕ

## I.1. ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА МИГРАЦИИТЕ

Етимолошко значење на термините:

- ***Миграција***[1]
- ***Емиграција***[2]
- ***Имиграција***[3]

Миграциите ја означуваат географската динамика на населението, односно просторното движење или територијалното преразместување на населението. Тие претставуваат една од мошне важните компоненти на социјалната географија. Всушност, еволуцијата на екумената е во најнепосредна врска со миграционите движења кои го определиле досегашниот нејзин распоред. Миграциите од една страна, от-секогаш го следеле стопанскиот, политичкиот, етничкиот, културниот и другите развитоци на човечкото општество, односно тие произлегуваат од тие развитоци, а од друга страна, зависат од природниот или биолошкиот развој. Според тоа, миграциите се условени од развојот на општеството и социо-економските односи, од природата на просторот, како и од природниот прираст на населението. Секој значаен период во развојот на општеството, дури од првобитната човекова заедница па се до денес, е одбележан со миграции било на поединци, помали групи или на цели народи.

[1] – значи ***селење***, преместување од едно место на друго. - (лат. *migratio*) - (*речник: Вујаклија*)

[2] – под овој поим се подразбира ***иселување од земјата***, или бегалци од една земја. - (лат. *emigratio*) - (*речник: Вујаклија*)

[3] – значи ***доселување***. - (лат. imigrare) - (*речник: Вујаклија*)

Обемот, времето и правците на миграциите зависат од причините кои се разновидни и различно се одразуват врз динамиката на преразместувањето на населението. Всушност, најбитните услови, односно фактори кои што ги предизвикуваат миграциите, потекнуваат и можат да се разгледуваат, од економски, социјален и демографски аспект. Ако во далечното минато, опстанокот на човекот на одреден простор, најмногу зависел од природните можности за неговата егзистенција, денес, во екот на силната индустријализација и урбанација на разните економски и политички прилики, во времето на современиот технолошко-технички и научен прогрес, миграциите се мошне актуелни и имаат свое влијание врз социо-економските промени на географските простори, односно на географската средина.

Мигрантите најмногу се упатуваат кон подрачјата или населбите со побрз индустриски развој, односно, местата каде можностите за вработување и за подобра заработувачка се поголеми.

Според тоа, тие најмногу доаѓаат од подрачјата каде националниот доход по глава на жител е низок, а стапката на природниот прираст на населението е голема. Врз динамиката на миграциите влијаат и некои специфични причини, како што се: војните, епидемиите на болести, природни катастрофи и др.

Миграциите како појава имат важно значење во социјалната географија, односно во проучувањето на населението и населеноста. Пред сè историјата на човештвото, односно неговата целокупна еволуција, е одбележана со преселенички движења на населението.

Низ еден долготраен процес, по пат на миграциите, се оформувале различни етнички населени простори, што претходело на подоцнежното создавање на политички територијални целини, односно на државите. Колонизациите, асимилациите и помасовните преселнички движења, имаат одраз врз структурата на народите на одреден простор, која и во денешно време претставува значаен предмет на проучување.

Населбите настанувале или исчезнувале низ долг процес на миграциските движења. Денес пак, големите агломерационите системи, особено милионските градови, настанале и настануваат најмногу, благодарение на механичкиот прилив на населението, па затоа миграциите имаат големо значење врз еволуцијата и развојот на мрежата на населбите.

Од друга страна, пак поради интензивно преселничко движење, односно емиграцијата на населението, се јавуваат депопулациони зони, односно населби, а тоа се најчесто, селските. Се раселуваат или сосема исчезнуваат, така што се создаваат простори со поретка населеност и поретка мрежа на населби. Процесите пак на деаграризација, се во најнепосредна врска со миграциите, што значи дека тие имаат влијание и врз функционалните промени на одреден простор, како што се аграрните промени на населените места. Од друга страна пак, преселничките движења, особено имиграциите, може да се одразат и врз ревитализацијата на населбите, особено ако се тие предизвикани од економски причини.

Миграциите имаат особено значење врз промените на демографската структура на населението. Пред сѐ, често пати од нив зависи динамиката на масата на популација, односно дали на еден простор или во населба, расте или опаѓа бројот на населението, бројот на домаќинствата и какви промени настануваат во нивната структура. Од преразместувањето на населението зависи и неговата полова и староснa структура, така што на еден простор или во населба може да преовладува младо или старо население. Одделно значење имаат миграциите во разместувањето на производствените сили односно врз распределбата на работоспособното и активното население. Непосредно миграциите се одразуват и на природниот прираст на населението, во тесна врска со старосната структура, така што, во одделни моменти тие ја одразуваат мобилноста и виталноста на населението, па според тоа и неговата репродуктивна моќ. Од наведените причини, при проучувањето на современите миграции, посебно значење имаат проучувањата на мигарациите од демографски аспект.

Миграциите посебно се одразуват врз социјалните проблеми на населението, па затоа тие имаат значење и од социјален аспект. Имено, прекумерната концентрација или депопулација имаат влијание врз степенот на вработеноста, приходите (капиталот), односно врз животниот стандард на населението. Во големите населени места, во зависност од општествено-економското уредување, поради значителен механички прилив на невработено население, се појавуваат проблеми од областа на криминалот, малолетничкта деликвенција, алкохолизам, наркоманија и редица други девијантни и неморални појави.

Кога се бара решение за проблемите на општественото, економското и просторното планирање, неопходно е да се земат предвид и проучувањата на миграциите, бидејќи без нивна анализа и предвидувања за понатамошно преселување на населението, може да се појават сериозни последици во планирањето, односно нереални оценки, особено во урбанистичкото планирање.

Воопшто, миграциите како појава, имаат широко значење. Како важна компонента на социјалната географија, претставуваат сложен предмет на проучување. Поради тоа, особено внимание треба да се обрне на причините и факторите кои ги условуваат преселничките движења, на обемот и правците и насоките на движењето, времето и времетраењето на текот на миграциите, начинот на преселувањето, демографската структура на мигрантите и др. Исто така важно е да се согледаат последиците од миграциите, кои може да бидат поволни, но во почести случаи се неповолни и да се оценат проблемите, односно да се бараат најсодветни мерки за нивно решавање. Меѓутоа, значајно е да се проучат и прогнозите за натамошните миграциони движења, со цел - за поправилно насочување на преселничките движења.

## I.2. ВИДОВИ НА МИГРАЦИИ

Лицата кои учествуваат во преселувањата се **доселеници** или **иселеници**. Ако миграциите се одвиваат на еден простор, односно не се надворешни, во тој случај бројот на доселениците и иселениците, ќе биде речиси еднаков, а ако преселувањата се одвиваат и надвор од определена територија, тогаш ќе се јават значителни разлики во миграциското салдо, кое може да биде позитивно, ако се зголемува бројот на населението, или негативно, ако бројот на населението опаѓа. Но како и да е, *иселувањето* се означува како ***емиграција***, а *доселувањето* - ***имиграција***. Тоа се двата основни видови на миграциони движења.

Како постар вид на миграции може да се сметаат ***историските миграции***, или големите освојувачки движења на народите. Таков бил случајот со преселувањата на Јужните Словени, широките просторни освојувања на Хуните, Монголите и Турците, или колонизацијата на новооткриените делови на Америка - Новиот Свет. Слични на историските, или блиски до нив, се таканаречените метанастазички движења, кои не се **масовни** туку **поединечни** или **групни**.

Според **критерумот на државната припадност**, а по просторниот домет на движењето, миграциите можат да бидат ***внатрешни*** и ***надворешни***. Тие се одвиваат постојано - **постојани** или повремено (**повремени миграции**).

- ***Внатрешните миграции*** се одвиваат во рамките на една држава и може да бидат: локални или месни, регионални, републички или интререгионални, меѓурепублички (ако државата има републики) или државни.

- ***Надворешните миграции*** се одвиваат надвор од границите на државата, а може да бидат меѓудржавни или интернационални, континентални и меѓуконтинентални.

Ако се земе во предвид, како **критериум**, во однос на **поделбата на населбите** според нивната функција, **на градски и селски**, тогаш миграциите се одвиваат меѓу овие два вида населби. Во тој случај, преселничките движења може да се одвиваат меѓу градовите, меѓу селата, меѓу градовите и селата, но во многу земји во светот, особено во оние што се во развој, каде индустрализацијата и урбанизацијата значително се шират, најмасовни се ***миграциите*** на релацијата ***село-град***, како што е случај и во нашата земја. Тие се одвиваат како **стихијни** и **неорганизирани**.

Разгледувани од аспект на **временскиот критериум**, миграциите на населението се различни по времетраењето на движењата:

- Така, ако луѓето се преселуват на друго место, со постојан престој (место) на живеење, тогаш тие се ***конечни*** или ***дефинитивни миграции***.
- Ако пак населението, извесен временски период престоју-ва на некое друго место, за вршење на некоја дејност и повторно се враќа во постојаното место на живеење, тогаш тие се ***сезонски миграции (привремени миграции)***.
- Постојат уште и ***дневни*** и ***седмични миграции***, од кои дневните се современ облик на движење на вработени ли-ца, ученици и студенти, кои од местото на постојано живе-ење секој ден одат на друго место на работа или настава.

Посебен вид претставуваат ***присилните*** или ***бегалнички миграции***, предизвикани од *политички*, *воени*, *верски* и други *причини*.

Специфични се и таканаречените ***инверзни*** или ***повратни миграции***, кои не се одвивале само во минатото туку се актуелни и денес, предизвикани од *економски* и *политички причини*.

Во најново време, како посебен вид, актуелни се *миграциите на работната сила*, кои може да се одредат како ***слободни економски миграции***. Обично, тие се одвиваат од помалку развиени во поразвиени земји, односно - луѓето одат да бараат работа и поголема заработувачка и подобар животен стандард.

Всушност, тие денес се карактеристични, речиси за целокупната екумена и обично, најмногу подвижна, е онаа работна сила, која е вработена во секундарните и терцијарните дејности, а послабо подвижна е работната сила од примарните дејности.

Кај некои од наведените типови миграции постои одредена селективност, особено според половата, старосната и образовната структура на населението и според економски одлики. Така на пример, во однос на полот може да биде поголемо учеството на женското население во типот на локалните миграции бидејќи тие се одвиваат на помала одалеченост, додека кај сезонските миграции или на подалечни дестинации, повеќе се застапени машките мигранти. Во однос на старосната структура во преселувањата, најмногу учествуваат лицата од 15 до 34 години, односно помладото население.

Од аспект на образовната структура, се смета дека поголем интензитет во преселувањето покажува населението кое е школувано и тоа е поподвижно на подолги релации.

На еден простор, во зависност од природните и од социо-економските, политичките и други прилики, може да се одвиваат еден, два или повеќе типови на миграции. Секако, далеку посложени се оние простори каде се одвиваат повеќе типови на миграции, така што последиците и проблемите од разните преселнички движења во многу зависат од структурата и типовите на миграциите. Затоа, при социогеографските проучувања, особено внимание треба да се обрне на класификацијата на типовите на миграциите.

## I.3. МЕТОДИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИГРАЦИИТЕ

Како што е познато, при преселничкото движење на населението се случува доселување или иселување на население, кое се означува како **бруто-миграција**, **нето-миграција**, или **миграциски биланс**.

На еден простор или населба, каде може да се согледа доселувањето или иселувањето на населението, соодносот на миграциите се следи, воглавно, само според статистичките податоци од пописот на населението.

Во врска со ***статистичкиот метод*** во проучувањето на миграциите, се применуват *три начини на следење*: **моментно**, кога *може да се врши и анкетирање*, или **постојано** и **ретроспективно**, или *следење на преселувањата во минатите пописи*.

Меѓутоа најпрецизниот метод за добивање на податоци за миграциите се базира врз основа на постојано водени регистри, или со помош на посебно водење на преселничка статистика. Всушност за секое лице што се преселува, при одјавувањето или пријавувањето, во регистарот за населението се води посебен статистички картон. На тој начин се добива најцелосна информација за миграциите, односно за времето, правците и насоките на преселувањето и други податоци од интерес. За разлика од некои земји во Европа, каде што се водат регистри за населението, во нашата земја сеуште не се применува целосно овој мошне прецизен метод за следење на доселувањето и иселувањето на населението.

Податоците за **нето стапката на миграциите** се пресметуваат со ***споредувачки метод***, помеѓу порастот на населението и природниот прираст, во периодот помеѓу два пописа, а тоа се добива преку следната формула:

$С= (П_2 - П_1) - (Н - М)$, при што:

- **S** - го претставува миграциски биланс,
- $\mathbf{P_2}$ и $\mathbf{P_1}$ - го означуваат вкупниот број на населението на двата пописа соодветно,
- **N** и **M** - го означуваат вкупниот природен прираст на населението меѓу двата пописа, при што N го означува бројот на живородените, а M - бројот на умрените.

Предноста на овој метод најмногу зависи од точноста на статистичките податоци од двата пописа. Преку него се оценува само нето-миграцијата, бидејќи таа не дава информации, ниту за правците на преселничките движења, ниту за местата или подрачјата од каде се одвива доселувањето или иселувањето

Покрај овој метод, постојат уште два метода и тоа:

- ***Непосреден метод***, за кој спомнавме дека е потребно да се водат посебни статистички картони за миграциите преку регистар за населението.
- ***Посредниот метод*** пак, се базира на пописите на населението. Обично во пописните прашалници се бараат информации за местото на постојано живеење и местото на раѓање. Од нив, се добиваат податоци за автохтоното население и за она што мигрирало. Всушност во посредниот метод, се добиваат податоци за потеклото на населението, но не во целост, бидејќи во меѓувреме некои мигранти живееле во повеќе места, а при пописот се добива, најчесто, последното место од каде се доселиле. Тоа значи дека не се следи сукцесивното преселување од повеќето пописи, туку само од последните два пописи.

При истражувањето на миграциите, за да се оценат социо-економските појави, последиците и проблемите во одредено подрачје, односно населено место, важна е информацијата за мигрантите од демографски аспект. Всушност, треба да се изврши снимање на мигрантите по пол, старост, образование, квалификација, припадност кон некој народ и др.

Со оглед на тоа дека во статистиката, особено за иселениците, не се проучува овој аспект, нужно е при истражувањето на миграциите да се користи ***метод на анкетирање*** со посебни прашалници, но сепак, тој е ограничен за еден избран простор.

Мошне е сложен и не секогаш прецизен, ***методот за прогнозирање на миграциите***. Всушност, за да се оценат идните преселнички движења, потребно е да се проучат тенденциите на миграционите движења во минатото, објективно да се анализираат факторите што ги условуваат миграционите движења и да се изврши избор на оние фактори што ќе ги одредат преселеничките движења во наредните периоди. Прогнозата има главно субјективна оценка, бидејќи истражувачите поаѓаат од некоја хипотеза, која тие сметаат дека е најдобра според општествено-економскиот развој, но претежно прогнозите се базираат на движењата што постоеле во минатите периоди.

При прогнозирањето на интензитетот на миграциите, ако се земат во предвид, на пример, демографските, економските, социјалните и други фактори, тогаш за одредени подрачја треба да се обрне внимание на следните показатели: природниот прираст на населението, стапката на активното и работоспособното население, националниот доход од одредени дејности, бруто-личниот доход, оптималните можности на природните ресури и природно-географските услови, состојба и можности за развој на сообраќајот и мрежата на населби, инфраструктурна опременост, просторното планирање и др.

# II. ВИДОВИ НА МИГРАЦИИ

## II.1. ИСТОРИСКИ И МЕТАНАСТАЗИЧКИ ДВИЖЕЊА

Денешната населеност на екумената и населбите, почнуваќи од најстарите предисториски човечки живеалишта, настанала и се развивала преку непрекинатиот процес на миграциите на населението. Всушност, целокупното денешно распространување на луѓето на Земјата е резултат на бројни преселнички движења и на цели народи, па затоа тие се сметаат како големи историски движења кои се одразиле на создавањето на единствени или етнички мешани простори. Големите освојувачки мигрирања во времето на јакнењето на старите цивилизации, оставиле видни траги кај многу народи, особено во земјите на Стариот свет.

Познато е дека меѓу стариот и средниот век во Европа се одвивале големи преселувања на народите, а особено во времето на Хуните, како и преселувањето на Јужните Словени од заткарпатските области на Балканскиот Полуостров, почнувајќи на крајот од V и почетокот од VI век, па се до крајот на VIII и почетокот на IX век.

Големи историски движења се забележани во времето кога Арабјаните се преселувале во Северна Африка и Југозападна Европа. Особено се карактеристични преселувањата на Монголите и Татарите од Средна Азија во Источна и Средна Европа. По својата масовност не заостанувале и преселувањата на Турците на Балканскиот Полуостров и Северна Африка.

Познати се големите руски освојувања и населувања од втората половина на XVI до втората половина на XVII век од Урал, преку Сибир, до Беринговиот Мореуз и Аљаска. Имало големи историски прекуокеански преселувања, како што биле освојувањата на Конквистадорите во Новиот Свет, кои условиле колонизација на двете Америки, од крајот на XV и почетокот на XVI век и подоцна, а таков бил и случајот со Австралија.

Миграциите имаат светско-историско значење, бидејќи на одреден начин ги одбележуваат границите на вековите. Така на пример, голема селидба на народите која го предизвикала падот на Римската империја, го одбележила крајот на стариот и почетокот на средниот век. Географските откритија на Новиот Свет во 1492 година, односно со почетокот на европската колонизација на Америка по пат на преселнички движења, ја означиле втората светско-историска граница, крај на средниот и почетокот на новиот век.

После големите историски движења, следеле бројни, помалку масовни и поединечни миграции, познати како ***метанастазички движења***, кои воглавно се надоврзуваат и се одвиваат по правците на историските миграции. Всушност, тоа се преселнички движења на поединци или помали групи од земјата матица во земјата на колонизацијата, со претходни известувања за неа, при што се поминуваат стотици и илјадници километри.

Зборот ***метанастазис*** е од грчко потекло и го означува менувањето на местото на живеењето во долговековен правец на движење на иселениците. Овој вид миграции на Балканскиот Полуостров од XV до XIX век, особено ги проучил Ј. Цвииќ.

Истражуваќи го потеклото на населението Цвииќ ги утврдил *метанастазичките области*. Областите што не примиле многу доселеници и каде се одвиваат, главно, локални преселувања, се наречени *аметанастазички области*. Следејќи ја таканаречената динарска струја, односно иселувањето на населението од Херцеговина, Црна Гора, Сјеница и Пештер, како и други преселнички струи во разни правци, Ј. Цвииќ констатирал дека поизразени метанастазички области биле Моравска Србија, Далмација, Славонија и Срем. Како аметанастазички области ги забележал Словенија, Јужна Македонија, Кајкавска Хрватска и др.

Проучувањата на миграциите во подалечното, па и во поблиското минато, имаат мошне важно значење, за утврдување на потеклото на населението, а научната објективност на таквите проучувања, треба да помогне во решавањето на прашањата и проблемите на националните конфликти, кои во некои случаи се манифестираат дури и преку војни.

# II.2. МИГРАЦИИ УСЛОВЕНИ ОД ПРИРОДНО - ГЕОГРАФСКИ ФАКТОРИ

Иселувања од одреден простор може да е предизвикано и од природни елементарни непогоди или катастрофи, особено ако таквиот простор е релативно пренаселен, со слаб капацитет за исхрана.

Основните ***природни фактори*** кои може да го условат преселничкото движење се:

- **силните ветрови** кои прават пустош во населениот простор, големите шумски, савански или прериски пожари, кои не само што ја уништуваат вегетацијата туку го принудуваат на бегство и животинскиот свет, така што луѓето од таквиот “осиромашен”со храна, опожарен простор, се иселуваат избегнувајќи ја опасноста и сами да бидат жртви на огнената стихија.
- Страотна деградација на населбите и аграрните површини прават **големите поплави**, по чие повлекување условите за живеење подолго време се мошне отежнати.
- Луѓето може да се преселат и од оној простор каде има **ослабнат бонитет на земјиштето** кој многу ослабнал поради исцрпеноста на почвите и преголемата експлоатација.
- Ненадејни, па дури и панични миграции предизвикуваат силните и **катастрофални земјотреси**. Такви примери има доста, а прилично свежи сеќавања носиме од земјотресот во Скопје. Од Скопје, по катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година, значителен број од градското население се пресели, иако привремено, во многу места во нашата земја.

- **И вулканските појави** влијаат врз преселувањата од зоните на нивното дејствување. Денес, во многу земји во светот се преземаат современи заштитни мерки од природните непогодности, за да биде населението побезбедно во своите живеалишта и помалку подложено на иселување.

Посебно влијание врз миграциите на населението имаат таканаречените ***периодични климатски колебања***, кои обично се јавуваат на триесет и пет години, кога од неповолните последици, било на **дождовите** или **сушата**, се намалува плодноста и приносите од почвите. Во континенталните области поради сушни и топли климатски периоди се јавуваат мошне слаби жетвени приноси, пресушуваат изворите и протечните води, прегоруваат пасиштата и се намалува сточниот фонд. Поради ваквите периоди со наведените последици, се претпоставува дека, во централна Азија настанале големите историски движења на монголските народи од исток на запад.

Врз миграциите влијаат и **студените** и **влажни климатски периоди**, кои исто така, се одразуваат на слабите жетвени приноси, особено во приморските и океанските земји. Познат е примерот на трите масовни иселувања на населението од Велика Британија во САД, и тоа од 1833 до 1913 година, се доведуваат во врска со трите максимуми на влажност, кои предизвикале и три периоди на мошне слаби жетвени приноси.

Обично неповолните природни појави кои ги предизвикуваат миграциите се придружени со **глад** и **болести**, а кога се вмешани и неповолни последици од општествено-политичките и економските односи, тогаш преселничките движења, може да бидат уште помасовни.

Така на пример, во времето на Цар Борис Годунов, во 1601 година настанал голем глад во Русија, како последица и на наведените причини. Често такви појави имало и во Сибир, кога значителен дел од населението изумрело од глад и болести, а преживеаното се преселувало. Има примери кога поради оскудност на храна, луѓето емигрираат не само поради природните, туку и поради општествените фактори.

Во таа смисла, специфични примери има во историскиот развој на капитализмот, каде се уништувани големи количества залихи на прехрамбени продукти, заради зголемување на профитот. Така, по Првата Светска Војна, во Ирска биле уништени големи количества месо, за да се подигне цената на месото на пазарите, па поради скудноста на исхраната со месо, голем број Ирци емигрирале најчесто во Америка. Слично, уништување на голем број на пилиња имало во Данска, пченица - во Аргентина, кафе - во Бразил, кое се користело дури и како погонско гориво во локомотивите, млеко - во Њујорк, компир - во Канада итн.

***Природата***, со некои свои нови карактеристики, особено во минатото, се појавува како пречка во преселничкото движење на населението. Всушност, зоните на **високите планини**, **пространите пустини**, **густите прашуми** и **студените и ледени појаси** ги сопирале миграциите, така што тие области имаат својство на изолирање и оделување на некои народи. Поради ваквите природни пречки се јавиле народносни односно етнички граници, кои подоцна станале и државни граници.

Во минатото, пред развојот на посовремени сообраќајни средства, голема пречка за миграционите движења претставувале и **водените површини**, посебно океаните, морињата, езерата па дури и големите реки. Така на пример, како природна и етничка граница помеѓу Суданските Негри и Банту-народот, претставуваат тропските прашуми во централна Африка. Високите Пиринеи се поставиле како етничка и природна граница помеѓу Франција и Шпанија, Големите Езера помеѓу САД и Канада итн.

За запирање на големите преселнички движења со освојувачки карактер подигани се и **вештачки бедеми**. Таков објект, единствен и грандиозен, за пример неизбежно е да се спомне изградбата на големиот Кинески Ѕид во III век пред нашата ера, во должина од 2400км. Поради него, многу монголски преселувања наместо во источен правец, се свртувале на запад, дури до Европа.

Некогашните природни пречки, денес успешно се совладуваат, но сепак, некои од нив сеуште го отежнуваат движењето. Иако е човекот во општеството доминантен фактор, во одредувањето на преселничките движења, при проучувањето на миграциите, треба да се води сметка и за природно-географските услови.

# II.3. ИНВЕРЗНИ МИГРАЦИИ

Овој вид на миграции, всушност, претставуваат **повратни движења**, односно спротивни на правците на поранешните миграции. **При овие преселнички движења населението се враќа од земјата на колонизацијата во земјата матица** и тоа поединечно, но може да бидат и помасовни. Инверзните миграции се одвивале во минатото, а се одвиваат и денес.

Карактеристични миграции од овој тип, биле повратните миграции на турските Муаџири. Познато е дека Турците во својата освојувачка политика ги преминале дури Сава и Дунав. Меѓутоа, од втората половина на XVII век и почетокот на XVIII век, во различните војни, турската војска и население почнало да се повлекува на југ, односно, повратно се движеле. Турските Муаџири се повлекувале особено во XIX век од ослободените територии на Србија, Бугарија, и Босна и Херцеговина и се населувале во Македонија, Албанија и на делови од Тракија. По Балканските војни во 1912 год. инверзните миграции на Турците продолжиле кон егејскиот дел на Македонија и Тракија, за во 1922-1923 год., значителен дел од нив да се повлечат назад во Мала Азија, од каде започнала инвазијата на Балканскиот Полуостров. Во истиот период пак, со повратна миграција, голем број Грци се вратиле од Мала Азија, каде многу векови пред тоа извршиле колонизација. Со инверзното повлекување на Турците, било преселено и бројното нетурско исламизирано население, слично на тенденциите на преселувањето на исламизираното население од Македонија и Санџак во Турција по Втората светска војна, поточно од 1951 год. па наваму.

Во овој период, најголемиот број Турци од Македонија, доброволно (по своја желба), се иселиле во Турција. Како последица од овој вид миграции се активирале локалните преселувања, односно, доселувања на месното население во градовите и селата каде живееле Турците. Всушност, за период од десетина години биле интензивни внатрешните преселувања, особено на планинското население.

Како постара инверзна миграција, се смета повратното иселување на Арабјаните и Маврите од Шпанија од XIV до XV век. Всушност, Арабјаните на Пиринејскиот Полуостров се доселувале во времето на големите арабјански движења и освојувања, од Средна Азија и Северна Африка, и тоа од VII, VIII век па наваму. Нивната повратна миграција од овој полуостров се случува токму во периодот на откривањето на Новиот Свет.

Во време и непосредно по Втората светска војна имало бројни инверзни миграции. Особено било карактеристично иселувањето на германското население од областите што ги колонизирале пред почетокот на оваа војна. Тие масовно се иселиле, се повлекле, од западните области на Полска, односно од Шлезија, или Шљонск, Познањ, Гдањск и од другите места во Полска.

Иселувањето било големо од источна Прусија, каде што до 1939 година живееле околу еден милион Германци. Исто така, познато е повлекувањето на германските колонисти од Чехословачка, Унгарија, Романија, од Словенија, Хрватска и Банат. Иселеното население, главно се населувало во Западна Германија и благодарение на тоа делумно се надополнила изгубената маса на германската популација за времето на Втората светска војна.

Карактеристична инверзна миграција, претставува силната повратна струја на Евреите, од многу делови од светот во Палестина, кога се создаде државата Израел. Всушност, оваа миграција започнала по Првата светска војна, кога Палестина, ослободувајќи се од турското ропство станала британски колонијален мандат под заштита на поранешната Лига на нациите. Меѓутоа интензивното доселување на Евреите во Израел започнало кога оваа држава била организирана од страна на ООН (Организацијата на Обединетите Нации). Во неа во 1948-1949 година се доселиле Евреи и од нашата земја, и тоа 5586 лица, сосема доброволно, по нивна желба, иако ги имале сите права како и другите граѓани на нашата држава. Во врска со создавањето на младата држава Израел се активирал нов вид преселничко движење, така наречена ***ремиграција***, која **го означува спротивното движење на инверзната миграција**. Имено, одреден број еврејски доселеници не можејќи да се прилагодат кон економските тешкотии, повторно се иселиле од земјата, а таков случај бил во 1952 година, кога од Израел емигрирале околу 133 000 лица, и тоа најмногу во САД и Канада.

По пат на инверзна миграција во нашата земја има повратници од Канада, САД, Австралија, Нов Зеланд и од некои западноевропски земји, каде тие или нивните родители отишле на печалба меѓу двете светски војни или порано. Така, на пример забележано е дека веќе во 1938 година во прекуокеанските земји бројот на југословенските доселеници достигнал 1,1 милион лица, додека во Европските земји имало 81 000 иселеници. Во тој предвоен период во Југославија со инверзна миграција се вратиле нешто повеќе од 80 000 печалбари. Како инверзна миграција може да се смета и враќањето на нашите работници кои се наоѓаат на привремена работа во странство.

Нивниот број е доста голем. Во разни земји во светот, а особено во Германија, Шведска и Франција работат или се наоѓаат како членови на домаќинствата, речиси, околу еден милион лица, кои потекнуваат од нашата земја.

Инверзните миграции, предизвикани од војните, како што биле турските и германските, се одразиле врз зголемувањето на населението во земјите матици, додека повратните миграции, предизвикани од економски аспект, ја подобруваат материјалната база и квалификационата структура на населението.

## II.4. ПРИСИЛНИ МИГРАЦИИ

Во групата миграции, кои по карактерот и причините на преселувањето се мошне тешки за населението, дури на моменти и мошне неповолни за нивниот опстанок, се ***присилните миграции***. Тие се познати уште од поодамна, односно уште од родовската организација, преку големите историски движења, до денешно најново време. Овој вид миграции настануваат особено од големите колонизации, инвазии, воени походи, политички тортури и слично, кога **одделни народи или етнички групи биле потискувани и приморувани на преселување, при што во некои случаи, со сила иселувани или дури и истребувани**.

Присилни миграции би се сметале и оние кога некои привилегирани етнички групи, по пат на сила на власта, вршат економски притисок, односно одземање на аграрните имоти, присилувајќи го останатото население да бара нов егзистенцијален простор.

Напуштањето на родното огниште по присилен пат е следено со тешки социјални и економски последици, така што присилните миграции се најтешки за човештвото и од политички аспект и од аспект на хуманост.

Присилното преселување и истребување на северноамериканските Индијанци од страна на англиските, шпанските и други европски колонизатори, е класичен пример на овој вид миграции. Така, кога во 1848 година било откриено златото во Калифорнија односно во времето на "златната трска" под притисок на илјади нови доселенции истражувачи од Европа, Индијанците биле протерувани од своите огништа, делумно истребувани а некои племиња и сосема исчезнале. Дотогаш овие староседелци на Калифорнија броеле над 250 000 жители, чиј број до пред 25 години се намалил на 14 000 лица. Исто така во XIX век од прериите на САД Индијанците биле иселувани и истребувани од страна на ловците на бизони (поради бизонската кожа), а се знае дека овие животни им биле важна храна на Индијанците.

Мошне нечовечно и злосторничко било насилното одведување на црнечкото население од Африка како робје во тропските и суптропските области на Америка на работа на тамошните плантажи. Црнечкото население како робје насилно било одведувано од источна Африка во соседните арабјански приморски делови под англиска колонијална управа. И покрај тоа што ропството и трговијата со црнечко робје се укинати, сепак тешките последици од присилното преселување се уште се манифестираат преку расната дискриминација.

Како присилно преселување може да се смета и некогашното депортирање на англиските затвореници во Австралија кои воедно биле и прво бело европско население населено на овој континент. Силни депортирања имало и во времето на рускиот царизам, кога бројни казненици биле преселувани во далечниот и студен Сибир. На ваков начин, на пример, за време на турското владеење на Балканскиот Полуостров до 1912 година, многу македонски револуционери биле депортирани на островот Родос. Познат е случајот кога во 1459 година од Србија насилно биле одведени околу 300 000 лица и раселени и растурени во разни предели на Турција. Воопшто, за време на турското владеење постоеле бројни присилни миграции на рајата, на словенското население, а меѓу нив особено нечовечно било насилното одземање на машки деца за јаничари.

Големо и на повеќе пати повторувано присилно преселување и истребување доживеале Евреите. Нивните долготрајни миграции датираат уште кога биле протерани од Палестина во римското време. Тогаш голем дел од нив биле присилно преселени во Шпанија. Потоа, во времето на познатата инквизиција, тие од Шпанија биле протерани во разни земји во светот. Евреите биле масовно истребувани за време на хитлеровата фашистичка власт, кога се убиени повеќе од 6 милиони лица. До пред триесетина години нешто повеќе од 10 милиони Евреи живееја во разни земји во светот, од кои половината во САД.

За време на Втората светска војна во окупираните територии од страна на Германија имало доста присилни преселувања и истребувања. Таков е примерот и во нашата земја кога насилно десетици илјади Словенци биле иселени од Штаерска во Србија, Босна и Хрватска.

Од поново време датираат и присилните миграции во Грција, односно од времето на Граѓанската војна од 1944 до 1948 година. Тогаш околу еден милион селско население било преселено во разни места во Грција, а особено на островите, од кои околу 250 000 биле деца. Од загрозените подрачја во Грција, во соседните земји нашле живеалиште десетици илјади деца на борците за социјална и политичка слобода, а такви имало и во нашата земја.

И денес, за жал, во кризните воени подрачја низ светот, (особено на Блискиот Исток) постојат присилни миграции на недолжно население. Овие примери укажуваат на тоа, дека присилните миграции се уште не се надминати како непожелен вид преразместување на населението, бидејќи резултираат со мошне тешки последици врз нивната егзистенција.

## II.5. БЕГАЛНИЧКИ МИГРАЦИИ

Овој вид миграции, речиси, по ништо не се разликуваат од присилното движење на населението, кои се придружени дури и со уште потешки социјални, економски, политички и други последици. За ***бегалничките преселувања*** **основни причини се војните**, но тие може да бидат предизвикани и од **разни општествени и политичко – територијални промени, од појава на опасни и заразни болести и епидемии, од ненадејни природни катастрофи и др**.

Постојат бројни примери, како во минатото - така и во денешно време, кога при воени судири, дел од населението се крева на панично бегање:

- Кога се водела војната меѓу Северна и Јужна Кореја, милиони луѓе се преселувале (бегале), особено во Северна Кореја.
- За време на долгогодишната истребувачка војна во Виетнам, кога оваа земја беше поделена на два дела, голема маса од населението бегало од воените жаришта.
- Уште посвеж е случајот на Блискиот Исток, кога избила арапско-израелската војна во 1948година, а која делумно се води и денес. Всушност, уште со избивањето на војната околу 870 000 арапски бегалци го напуштиле делот на Палестина и побарале безбедност во соседните арапски држави. Така, во Јордан избегале 475 000 лица, во Либан 102 000, во Сирија 85 000 итн.
- Непосредно по Втората светска војна, кога Германија била поделена на Источна и Западна, подолго време имало одлевање или пребегнување на населението во едната или другата држава но повеќе од Источна во Западна Германија.
- Во време пак на граѓанската војна во Грција, по 1948 година значителен број од населението од егејскиот дел на Македонија, пребегнал во нашата и други, источно-европски земји.

Примери на бегалнички миграции од војните имало доста и во минатото:

- Да спомнеме само дека по легендарната епопеја на Илинденското востание, во Македонија поради тешките репресалии на казнените турски одреди, односно поради освета, неколку десетини илјади Македонци емигрирале надвор од својата татковина.

- Специфичен е, пак случајот на масовното бегање на германските фолксдојчери од Банат при крајот на Втората светска војна. Ова колонистичко население, како припадник на германските фашистички вооружени сили, правело големи злодела за време на војната. Тоа било причина, поради напредувањето на Народносло-бодителната војска да избега во Германија и Австрија. Во Австрија, во 1950 година се регистрирани околу 300 000 вакви бегалци од Банат.

Има примери на бегалнички миграции поради општествени, социјални промени и верски нетрпеливости:

- За време на турското владеење се до 1676 година, кога бил укинат данокот во крв, (одземањето на машките деца од 6 до 9 години за јаничари), домаќинствата што имале машки деца бегале во потешкодостапните планински предели. Бидејќи одземањето на децата се одвивало секоја четврта година, секоја четврта година се појавувала по една бегалничка миграција.
- Како во минатото, па дури и денес, во некои средини, особено помеѓу муслиманското население, владее непишан закон за крвна освета. За да се избегне тоа, загрозените лица или домаќинства бегале во непознат правец.

Непосредните внатрешни општествено-политички и економски односи во некоја земја може да бидат причина дури и за бегалнички миграции, а такви примери има и по Втората светска војна.

Бегалничките преселувања настануваат и поради верските разлики и нетрпеливости:

- Познат бил случајот на бегање на католичките свештеници со дел од народот од Босна во Хрватска и во некои далматински градови. Всушност, нив ги гонеле босанските богомили, кои не сакале да ја примат католичката вера, туку напротив - се исламизирале, кога Турците ја освоиле Босна.
- Уште покарактеристичен е случајот со Индија, која во 1947 година, кога била ослободена како британска колонија, се поделила на две држави: Индија и Пакистан. Кога настанале верските судрувања меѓу Индусите и муслиманите, тогаш се активирале бегалничките преселувања, и тоа на милионско население. По околу 8 милиони бегалци, со различна верска припадност пребегале од Индија во Пакистан и обратно.
- За жал и војната која се водеше помеѓу Иран и Ирак во осумдесеттите години од минатиот век, на чии фронтови загинаа многу војници, беше делумно предизвикана и од верскиот фанатизам, особено во Иран.

## II.6. ВНАТРЕШНИ МИГРАЦИИ

Освен досега споменатите видови миграции, кои се специфични по причините на нивната појава, посебно значење, особено во денешно време. имаат ***внатрешните миграции***. **Тие се одвиваат во рамките на една држава**, а по обликот, причините, правците и времето на движењето тие се разновидни.

Внатрешни миграции се разликуваат како *сезонски*, кои по времето на преселувањето се најстари, *дневни* миграции, кои по настанувањето се помлади но, денес во современиот свет најактуелни, и *дефинитивни* миграции кои ги имало и во минатото а се одвиваат и денес.

Всушност, внатрешни миграции имало секогаш, но обемот и видот најмногу зависеле од обликот и фазите на општествено-економскиот развој на една земја.

Тие впрочем, како и сите видови миграции, се придружени со разновидни последици и проблеми. Од внатрешното преразместување на населението зависи степенот на населеноста на одреден простор, разместеноста на производствените сили и економската развиеност на одредени области. Ако внатрешните миграции се одвиваат нерационално, стихијно, тогаш не е сè едно и секогаш оправдано, да се создаваат подрачја на депопулација, или подрачја и места на преголема концентрација на населението, што денес станало карактеристика - особено на земјите во развој.

Оттаму, правилното и потребно насочување на внатрешните миграции бара научна основа, што е предмет на проучување на социјалната географија.

- ***Сезонските миграции*** - Се одвивал уште во далечното минато, па затоа се смета како најстар облик на движење. Во денешно време неговиот интензитет значително ослабел и нема веќе такво значење како што имал во времето на натуралното и полунатуралното стопанство, односно во недоволно развиените општествено-економски средини.

Овде спаѓаат, пред сѐ номадското и полуномадското движење, потоа движењата на сточарите, ловци, риболовци и собирачи на плодови. Исто така како сезонски се сметаат и печалбарските движења, односно одењето на работа за заработувачка, како и локалните или седмични движења на таканаречените полутани, селски и индустриски работници. Номадските и полуномадските движења се најархаични, исконски движења на луѓето кои биле најмногу зависни од природните услови и од начинот на барање на егзистенција, а пред се исхраната. Во минатото некои номадски сточарски движења прераснувале во големи групи, односно во големи историски движења, а најтипичен пример претставувале освојувањата на Хуните или на арабјанските номади. Движењата на сточарите значително се помлади од номадските движења на собирачите на плодови, ловците и риболовците. Тие почнале да се развиваат во неолитот, кога се припитомиле и создале првите стада овци, кози, говеда, додека во раната историја на античките народи се знаело за големите номадски сточарски групи, како што биле Скитите и Сарматите, а на крајот од стариот и почетокот на средниот век за монголските номадски сточарски движења.

Постои разлика меѓу номадското и полуномадското движење. Под ***номадизам*** се подразбира **скитничкиот начин на живеење**, бидејќи номадите немаат постојани населби и се движат со сето свое семејство и личниот имот. Наспроти него, ***полуномадизмот*** го означува **повременото напуштање на постојните населби на живеење**, па според тоа, тој го одбележува полускитничкиот начин на живеење.

- ***Дневни миграции*** - Под дневни миграции се подразби-раат движењата на работниците, учениците и студентите, и тоа секој ден од местото на живеењето во местото на работата и/или учењето и обратно. Всушност, дневните се посебен вид на миграции, односно претставуваат врска меѓу селата и градовите или населбите со специјали-зирана намена. Како појава и процес дневното движење зазема се поширокi размери, односно тоа се современи миграции карактеристични, речиси за целиот свет, а особено за развиените земји и за земјите во развој. Овој вид миграции е најнепосредно врзан со општествено економскиот развој на една земја, а бидејќи произле-гуваат од редица причини, со разновидни последици, тие станале предмет на проучување не само на социјалната географија, туку и на економијата, социологијата и на други сродни научни гранки.
- ***Дефинитивни*** или ***конечни миграции*** - <u>Преселување на населението од едно во друго место за постојано живеење се смета како дефинитивна миграција</u>. Овој вид конечно преселување денес е мошне активно во светот и се смета како важен облик на преселничко движење. Различни се причините што ги условуваат дефинитивните миграции, но основните се од стопански карактер. Речиси, секогаш, во зависност од општествено-економските промени и со-цијални прилики, луѓето се преселуваат, главно во побога-тите краеви од селата, во градовите, од земјоделските во индусриските подрачја, од планините во рамниците.

# II.7. НАДВОРЕШНИ МИГАЦИИ

Под ***надворешни миграции*** се подразбира **преселничко движење на населението надвор од границите на државата**. Според просторните дистанци на движењето, овој вид миграции може да бидат *меѓудржавни*, да се одвиваат *во рамките на еден континент* или да бидат *интерконтинентални*.

Надворешните, како и внатрешните миграции во основа се условени од економските фактори. Меѓутоа, тие може да бидат предизвикани од разни политички и воени кризи и настани, поради расна и класна дискриминација, верски несогласувања и др. Со оглед на тоа дека надворешните миграции се на подолги релации, тие се мошне сложени и материјално значително поскапи од внатрешните миграции, а се подложни и на одредени ризици при патувањето. Во повеќе случаи овој вид миграции се и психички оптоварени и тешки, бидејќи луѓето за подолго време или засекогаш се оделуваат од своето семејство и родна земја. Такви биле постарите печалбарски движења во Македонија.

Надворешни миграции имало и во подалечното минато, па затоа, по временска компонента се доста стари. Меѓутоа, преселничките движења надвор од земјата матица, станале подинамични и помасовни, по откривањето на "Новиот свет", а особено по неговата колонизација во него се населило население од Европа. Тие станале уште почести со научно-техничкиот прогрес и со модернизирањето на комуникациите, бидејќи некогаш на преселниците им требало неколку десетици денови за да преминат од "Стариот" во "Новиот свет", а денес овие растојанија се совладуваат за десетина часа.

Од социо-географски аспект важно е да се спомене, дека во опсегот на надворешните миграции се јавува проблемот на прилагодување кон новата природна и општествено-економска средина. Не е лесно и едноставно да се привикне на нов начин на живеење и работа, а таквата адаптација најмногу зависи од самите доселеници, односно како тие ги прифаќаат условите на новата средина. Во некои случаи или низ повеќе генерации, се појавуваат и можности на асимилаторски процеси.

Од тие причини, при нови надворешни миграции, преселниците најмногу се насочуваат во оние средини каде од порано биле доселени нивните сонародници, таму каде што наоѓаат сличен јазик и сличен етнос. Таков е случајот со нашите иселеници во Австралија.

***а) Интерконтинентални миграции***

Позначајни миграции меѓу континентите започнале од првата половина на XIX век и траат до денес. Најмасовни и најдинамични се преселничките движења меѓу Стариот и Новиот свет, а главно меѓу Европа и Америка, односно Европа и Австралија. Голем број иселеници, во различни временски периоди, потекнуваат од северозападна, јужна и источна Европа, а тоа значи дека постои англосаксонска, романска и словенска емиграциона струја.

Од Европа најмногу иселеници има од: Ирска, Велика Британија, Германија, Италија, Шпанија, Полска, порано Русија, Југославија и други земји, додека од Азија најбројни иселеници има од Кина, Јапонија и Индија. Во интерконтиненталните преселнички движења најголем број доселеници примиле и примаат САД, Канада, Австралија, Аргентина, Бразил и некои други латиноамерикански држави.

Така на пример за 100 години, односно од 1820 до 1920 година во САД се доселени околу 30 милиони Европејци, а во Бразил 3,6 милиони, додека во Аргентина, за пократок период од 1857 до 1917 година се доселени 4,8 милиони Европејци. Во Австралија, до скоро имало околу 10 милиони доселеници, односно додека во 1801 година биле доселени само 6,500 лица од Европа, до 1920 година веќе биле доселени околу 5 милиони Европејци.

Од покарактеристичните земји кои дале значителен број иселеници во Новиот свет до Втората светска војна ќе ги изнесеме случаите на Велика Британија, Југославија и Кина.

***б) Понови надворешни миграции на население и работна сила***

Станува збор за **трансконтинентални миграции**, односно за преселување во рамките на еден континент, а како пример е земена Европа. На овој континент внатрешните преселувања станувaат се подинамични, а особено на работната сила. Тоа е резултат на разликите кои постојат помеѓу државите во поглед на: различни економски односи, развој, различни стапки на природен прираст на населението, односно, различни се социо-економските процеси кои ја каратеризираат современа Европа.

Според податоци од пред дваесетина години, се гледа дека во северна и западна Европа општиот прираст на населението бил поголем од природниот прираст, додека во јужна и источна Европа, вклучувајќи ја овде и нашата земја, случајот бил спротивен. Ваквите демографски процеси довеле до тоа, во југоисточна Европа постојано да има вишок на работна сила, а во северозападна Европа недостиг, особено во некои стопански дејности.

Од тие причини, на пример во 1965 година од една во друга европска земја се преселиле околу еден милион лица, главно, поради барање работа и подобра заработувачка. Преселувањето на работната сила има, главно привремен карактер, со планирано враќање назад во татковината, но има случаи и на дефинитивна миграција.

# III. ОБЛИЦИ НА ИСЕЛЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

## III.1. ОБЛИЦИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Денешните сознанија ја потврдуваат суровата реалност, дека денес Македонците повеќе ги има во другите земји од светот, отколку во сопствената држава Македонија[1]. Ова, практично претставува редок пример во светот.

Во значително помал број Македонци има во многу други земји на сите континенти на нашата планета.

Зошто и како дојде до оваа несакана иселеничка судбина и трагедија? Каде се крие вистината за оваа сурова реалност? Дали многубројните војни што се водеа во овој регион и распарчувањето и делењето на македонскиот национален организам од страна на соседните балкански држави во текот на Балканските и Првата светска војна го направи своето? Или социјално-економските мотиви: сиромаштија, безработица? Можеби лошата грижа и погрешната политика на македонските власти, од периодот после Втората светска војна до денес, кон сопствениот народ и сопствената држава, кои требаше барем да се обидат, ако не да се спречи опустувањето, само да се забави и скроти изливот на иселеничката река на претежно млади образовани луѓе, кои другите земји (кои не вложиле ниту цент за нивното оформување како значаен кадровски потенцијал), беа спремни да ги прифатат.

[1] Д-р. Лазар Лазаров - Агенција за иселеништво на Република Македонија - "Иселеништвото од Македонија од појавата до денес", Скопје 2001 год. (стр. 113)

Зошто е тоа така, зошто тој одлив и стремеж за бегство, без надеж за враќање назад, кога македонскиот човек уште од далечното минато, немал некои оформени и изразени традиции за напуштање на своето родно огниште, туку напротив бил цврсто приврзан за својот дом и својата слобода и засебна државност.

Истражувањата ја потврдуваат реалноста дека, корените за некое организирано и помасовно иселување, датираат од крајот на XIX век, со нагласен наплив до наши дни, без надеж за враќање. Првите помасовни иселувања на Македонците од Македонија започнуваат во XIX[ти] век и се резултат на неподносливата економско-социјална, политичка и сигурносно-безбедносна положба под турскиот режим. Свирепото задушување на Илинденското востание и неговиот врв - Крушевската Република, како прва Република на Балканот, од страна на надмоќната турска војска, предизвика катастрофални последици за иднината на Македонија и македонскиот народ. Отпрвин Македонците се иселувале во соседните балкански земји, а потоа, особено по Илинденското востание и во повеќе европски и прекуокеански земји. Според податоците со кои се располага, македонски колонии се воспоставени во Канада, САД, Австралија, Аргентина и други земји.

Еден краток извадок ги потврдува овие факти: "Емиграцијата на Македонците во Северна и Јужна Америка, во последниве години (по Илинденското востание до 1907 година-б.м), зема се поголеми размери и претставува закана и вистинска опасност за овој регион, посебно во економски поглед.

Според сигурни известувања бројката на македонската емиграција до денес (1907год.-б.м) изнесува 75 000 лица, од кои сега 300 се наоѓаат во Аргентина, 1000 во Тексас, 10 000 во Канада…итн. ")[1]

Иселувањето на Македонците од својата земја доби засилени димензии во периодот од делбите на македонија после Балканските и Првата светска војна, што е резултат пред се, на неподносливата политичко-економска, социјална и безбедносна положба на македонското население. Според Книхт, францускиот амбасадор во Канада, од февруари 1929 година, Македонците меѓусебно се поврзани преку разновидни политички организации, културни и спортски друштва од сите три дела на Македонија, од кои 60% од Егејска Македонија, 25% од Вардарска и 15% од Пиринска Македонија[2].

Во секојдневниот јазик на комуницирање и во иселеничката научна литература, постојат повеќе термини, во кои се опфатени оние делови на македонскиот народ кои живеат надвор од етничките простори на нивната татковина и тоа:

1. Најстариот термин е ***печалбарство***, односно *гурбет*. Етимолошкото значење на зборот укажува на смислата и на тежината на овој термин. Печелбарството е појава од економска природа. Прво имало привремен карактер, а со текот на времето преминува во постојан престој во земјата на печалбарењето. За тоа придонесува подобрената материјална состојба, слободното изразување на својата национална припадност и нејзиното негување, слободна употреба на мајчиниот македонски јазик, негување на културните и верските традиции.

[1] Исто таму …serie Monastir, vol. 13.
[2] Archives diplomatique… Paris. Serie Z Europe, sous-serie, Bulgarie 1918-1940 vol. 62.

2. Терминот ***емиграција*** е со латинско потекло и означува иселување од својата татковина и населување во друга земја. Емиграцијата носи две релации: социјална (иселеник) и политичка (бегалец). Емиграцијата, по својата природа, може да биде привремена и постојана.
3. Терминот ***дијаспора*** е од грчко потекло, а кај нас во употреба е од поново време. Тој подразбира: растуреност, раштрканост. Раштркана состојба во која живееат некои народи во светот. Терминот дијаспора во минатото, главно асоцирал на Ромите и на Евреите.
4. Во шеесетите години се појави терминот: ***гастарбајтер***, кој е од германско потекло и означува работник на привремена работа во странство, со намера за враќање во својата татковина. Овој термин постепено ја губи својата смисла и употреба.
5. Терминот ***иселеништво*** е од македонско потекло и се однесува на дел од нашиот народ, кој по пат на иселување, постојано се населил во друга земја и продолжува таму да работи и живее, со намера повеќе да не се врати (за да живее) во својата татковина. Сметаме дека овој термин е најсоодветен за употреба од две причини и тоа дека:
   - тој е македонски термин, односно одговара на духот на македонскиот јазик;
   - ја одразува суштината на заминувањето на луѓе од нашата татковина во други земји, со постојан статус (Вражиновски, 1992, 20-22)[1].

[1] Танас Вражиновски - Меѓународен научен собир - Скопје, 2001 год.

# III.2. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МАКЕДОНСКОТО ИСЕЛЕНИШТВО

Македонското иселеништво во споредба со иселеништвото од другите земји е поспецифично. Неговата специфичност се должи на следните фактори:

1. Причините за напуштање на својата татковина;
2. Постоење на повеќе земји од кои се иселуваат Македонците;
3. Етничкото организирање на македонското иселеништво;
4. Релација: македонска држава - иселеништво.

Да ги образложиме овие фактори:

1. Појавата на иселеништвото, главно е од две причини:
   - Првата е **социјална** - под која подразбираме барање на можности за подобрување на материјалната база;
   - Втората е **политичка** - Во македонскиот случај политичките причини добиваат други димензии, кои се врзани со теророт и асимилација на властите во оние земји во кои живееле и живеат Македонците, кои вродиле со соодветни резултати, во корист на државите кои ја спроведувале таквата политика. Овој момент зазема важно место во процесите на иселување на Македонците од своите родни огништа по поделбата на Македонија, па се до денешно време.

2. Втората специфичност во појавата на македонското иселеништво е поврзана со поделбата на Македонија. Се до овој момент Македонците ја напуштале својата земја, која во целина влегувала во составот на Турската империја. По нејзината поделба, тие се селат од трите соседни држави (Бугарија, Грција и Србија) кои ја поделиле Македонија, а во најново време од суверена и самостојна Република Македонија. Селењето на Македонците имало далекусежни негативни последици, кои ја засегнувале нивната етничка припадност и компактност. Со формирањето на македонската држава по Втората светска војна на македонските национални организации и македонските црковни општини, кај поголемиот дел од тие иселеници, доаѓа до израз македонската национална свест, а со тоа и приклучувањето кон тие организации.
3. Врз основа на таквата подвоеност на Македонците- иселеници во меѓувоениот период, доаѓа до формирање на соодветни иселенички организации. Тие се формирале најчесто под влијание на бугарската и грчката пропаганда, а подоцна влијаела и југословенската пропаганда. Првите појави на етничко организирање на Македонците биле селските, односно околиските друштва, кои имале социјален и културен карактер. Првите друштва се појавиле во САД и Канада, а подоцна и во Австралија и одиграле, несомнено, важна улога во целокупниот живот на македонското иселеништво.Од ваквите организации ги издвојуваме најглавните и тоа:

- ***Македонските патриотски организации*** - МПО, формирана во Америка во 1922 година, а постои и денес, но со ограничена дејност;
- Во 1931 година во градот Гери беше формирана организацијата ***Македонски народен сојуз***, (Ограноци на Македонскиот народен сојуз се формирани во САД и Канада, а подоцна и во Австралија). Оваа организација постоела до 1944 година;
- Во 1948 година е формирана организацијата ***Панмакедоники***, која ги собира Македонците од егејскиот дел на Македонија. Во денешно време нејзиното влијание врз македонското иселеништво од тој дел на Македонија е се понезабележливо;
- По Втората светска војна се појавија и некои организации со projугословенска ориентација, како што е на пример ***Југословенскиот совет*** во кој главно членувале Македонците од Република Македонија;
- Во овој период, се формирале и неколку чисто македонски национални организации, од кои најмасовна е организацијата ***Обединети Македонци*** организирана во 1958 година, која ги застапува националните интереси на македонското иселеништво, во прв ред, во Канада и САД (Вражинивски. 1998. 9-15)

Од посебно значење за етничкото организирање на Македонците иселеници е верското организирање, кое придонесе за збиеноста на нашето иселеништво во однос на националната хомогенизација.

4. Токму под влијание на овие специфичности на македонското иселеништво се граделе и специфичните односи на релацијата: македонска држава - македонско иселеништво. Односите на релација држава - иселеништво, во минатото беа диктирани, главно, од југословенската политика кон иселеништвото од поранешната СФРЈ, која одела во правец на негова југославизација. Ваквата политика, меѓу другото, ја спроведувале и некои бивши македонски дипломати и други преставници, вработени во разни сојузни органи, институции и агенции, како и преставници на поодделни македонски институции, кои ги посетувале иселениците. Таквата политика носела во себе висок степен на идеологизација. Оттука потекнува и отпорот на голем дел од нашето иселеништво кон таквите зафати, а воопшто и кон својата татковина. За жал македонската држава се уште не го најде вистинскиот пат кон своето иселеништво.

# IV. СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОУЧУВА-ЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ИСЕЛЕНИЧКА ПРОБЛЕМАТИКА

Многупати досега била истакнувана недоволната заинтересираност на македонската наука за проучување на македонското иселеништво. Секој истражувач кој се зафаќа со проучувањето на оваа проблематика, ја согледува оваа празнина и си го поставува основното прашање: како е можно во ниту еден период од формирањето на македонската држава па до денес, македонската наука да не покаже поголема ангажираност во изучувањето на историјата на македонското иселеништво? Односно, како се дозволило ова прашање да остане на маргините на македонската наука? Овој момент уште повеќе зачудува, кога се има предвид дека: македонското иселеништво има историја од над стотина години и неговата историја е богата со најразлични настани (историски, културни, етничко и верско организирање и сл.).

## IV.1. КРИТЕРИУМИ ЗА ИСЕЛУВАЊЕ ОД МАКЕДОНИЈА

Важно место во истражувањето на иселеничката проблематика, како во светски рамки, така и кај нас, се посветува на класификацијата на миграционите движења. Во таа, смисла прифатени се следниве критериуми за класификација:

1. Критериум на мотивите;
2. Критериум на желбите и критериум на интенциите;
3. Критериум на правецот;

## 1. *Критерум на мотивите*

Се појавува како еден од основните фактори што воделе кон масовно иселување на Македонците од својата татковина. Според тоа, како резултат на критериумот на мотивите се појавува економското и политичкото иселување. Овие два вида се развивале со различен и променлив интензитет, но секогаш биле тесно поврзани помеѓу себе. Во некои периоди од селењето преовладува социјалното иселување, а во други периоди преовладува политичкиот момент. Исто така, треба да се нагласи дека во некои делови на Македонија во соодветни периоди, преовладува економскиот мотив, а во други делови, на прв план, избива политичкиот момент. Политичките мотиви поврзани со принудното иселување се поврзани со иселувањето на Македонците од егејскиот дел на Македонија во правецот на источноевропските земји, односно бившите социјалистички држави, во својство на политички емигранти, како последица на Граѓанската војна во Грција.

## 2. *Критериум на желбите и критериум на интенциите*

На овие критериуми им одговара *доброволното*, односно *принудното иселување.*

- ***Доброволното иселување*** - ја изразува сопствената волја на човекот, кој решил да се исели од својата татковина;
- ***Принудното иселување*** - е присилно, наметнато од властите и тоа по пат на државен терор и принудна асимилација, што во прв ред е присутна во однос на малцинствата кои живеат во соодветната земја.

Овие моменти се типични за иселувањето на Македонците од егејскиот дел на Македонија и тоа од самиот почеток кога овој дел на нашата татковина припаднал на Грција по поделбата на Македонија, па се до најново време. Доброволното иселување е карактеристично за сите делови на Македонија. Овие критериуми се присутни во сите периоди на масовното иселување на Македонците.

### *3. Критериум на правецот на иселувањето*

На овој критериум му одговара *континенталното* и *прекуокеанското иселување.* Континенталното иселување, се до Втората светска војна се движело кон балканските земји, но има и случаи кога македонски иселеници стигнале до повеќе земји во Азија и Африка. По Втората светска војна, се повеќе доаѓа до израз правецот кон Западна Европа и тоа главно е поврзано со економски мотиви.

Наведениве типови на иселување ги следат и разни други форми. На пример: постојано и сезонско иселување, групно и индивидуално, организирано и стихијно, доброволно и принудно, легално и илегално.

Сите овие форми се взаемно поврзани, што ја прави тешка класификацијата на иселувањата строго по еден критериум. Тие најчесто се случуваат како резултат на повеќе мотиви во различни меѓусебни комбинации.

# IV.2. ПЕРИОДИ НА ИСЕЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД СВОЈАТА ТАТКОВИНА

Наведениве критеруми за иселување од Македонија, повеќе или помалку, кореспондираат со соодветните периоди на иселување, што носат историска, општествена и политичка конотација. Периодите на селење, кои што ги разгледуваме, главно се однесуваат на прекуокеанскиот правец.

1. ***Првиот период*** - од иселувањето на Македонците од својата татковина, започнува воглавно во втората половина на XIX век и најчесто е од социјална природа. За првиот период од селењето со масовен интензитет, значаен е фактот дека, тие се селат од својата татковина во рамките на Турската Империја, која претставува етничка и географска целина. Најчесто, иселениците се селат со турски патни документи. На овој период му одговара доброволното и присилното иселување. Правецот на селењето е насочен кон Северна и Јужна Америка.
2. ***Вториот период*** - е поврзан со задушувањето на Илинденското востание и трае се до започнувањето на Балканските војни и поделбата на Македонија. Основниот мотив на селење во овој период, главно се движи на релацијата на социјално-економските прилики во пропаста на Востанието. Овој период од историјата на иселеништвото од Македонија е карактеристичен по појавата на првите организирани социјалноспомагателни братства (друштва), по принципот на селската или регионална припадност.

3. Исто така за овој период е карактеристично и верското организирање, но тоа главно се одвива под влијание на бугарската црковна пропаганда, а не изостануваат грчката и српската. Во тоа време е формирана првата македонско-бугарска православна црковна општина во Канада “Св Кирил и Методиј”, од македонско членство. Веднаш потоа, во САД се појавиле повеќе македонско-бугарски цркви, поради немање Македонска православна црква. Но исто така, треба да се забележи влијанието и на другите цркви, како што се протестанската, англиканската и католичката и др. и различните секти. Правецот на селењето на Македонците е кон САД, Канада и Јужна Америка но, исто така сѐ поприсутно е и селењето во Австралија.
4. ***Третиот период*** започнува со зпочнувањето на Балканските војни и поделбите на Македонија и трае се до започнувањето на Втората светска војна. Карактеристично за овој период е тоа што Македонци ја напуштиле својата татковина од три одделни држави, со патни документи што им припаѓале на државите поробувачи на Македонија (Бугарија, Србија и Грција). Овој момент е многу важен, бидејќи властите во земјите во кои се селеле Македонците, националната припадност на иселениците ја одредувале врз основа на потеклото на патните документи, а не врз основа на етничката припадност. Третиот период од процесот на селење на Македонците, во историјата на македонското иселеништво е многу битен. Од претходно изнесените факти може да се согледа дека, се создале нови фактори, кои имале одраз врз определувањето на националната припадност на Македонците.

Веќе во тој период се прават првите поделби на нашите иселеници, по принципот на припадност на државата од која се селеле. Тоа на општомакедонски план придонесло во разбивањето на етничкото единство на македонското иселеништво и создало услови за ширење и прифаќањето на туѓите пропаганди, што со несмален интензитет се пренесувале и во земјите во кои што се селеле Македонците. Основниот мотив за масовно и забрзано селење на Македонците во овој период, е односот на властите на наведениве држави, кои веднаш пристапиле во спроведување на присилна национална асимилација, потпрена на државен терор, отфрлаќи ги основните човечки права и слободи. Според тоа, селењето на Македонците, со што доаѓа до масовно чистење на етничките простори на македонскиот народ, им одело на рака на властите, (некои и го подржувале овој процес), бидејќи испразнетите простори ги населувале со свој етнички елемент. Иселениците од овој период и од следните периоди ја делат судбината на иселениците на поодделните земји, во чии рамки се нашле деловите на Македонија. Мотивите тука веќе се разграничени и јасно издефинирани во два типа: социјален и нагласен политички мотив, кој посебно беше нагласен во егејскиот дел на Македонија. Отука разбирливо е што од тој дел на Македонија масовно иселување е најголемо и во следните периоди на селењето.

5. ***Четвртиот период*** во историјата на македонското иселеништво започнува по Втората светска војна и трае некаде до шеесеттите години од XX век. Тука можат да се издвојат два основни моменти во процесот на селењето од Македонија.
   - Првиот момент се однесува на времето и на настаните поврзани со воведувањето на комунистичкиот систем во бивша Југославија и во Бугарија, кој што за многу луѓе бил неприфатлив, па најдобриот начин да се спасат од него било напуштањето на своите родни огништа.
   - Вториот момент се однесува на времето на Граѓанската војна во Грција и после неа, чиј најголем данок го платиле Македонците од тој дел на нашата татковина. Мотивационте елементи од овој период кореспондираат со мотивите од вториот период, но тука веќе преовладува политичкиот фактор.
6. ***Петиот период*** се однесува на времето од почетокот на шеесеттите години од XX век и трае до осамостојувањето на Р.Македонија. Мотивите за селење од овој период кореспондираат со мотивационите критериуми од вториот и третиот период. Овој бран на иселеници е најголем од Република Македонија и преовладува социјалниот мотив. Период се карактеризира со зголемен интерес меѓу нашите иселеници за формирање на македонски црковни општини и изградба на македонски православни цркви, манастири и клубови. Значаен замав зема образованието на македонското младо поколение на мајчин јазик, со отворање на македонски училишта.

Младата македонска интелигенција која изникнала во земјите на селењето, остварува широка дејност во областа на културата, образованието, науката и др. Исто така се создаваат моќни национални организации и институции, со длабоко чувство на македонски патриотизам и приврзаност кон својата нација и татковина.

7. ***Шестиот период*** го опфаќа времето од создавањето на самостојна и суверена Р.Македонија и во континуитет трае до денес. Основната причина е социјалната и главно го опфаќа младото македонско поколение. Овој период го сметаме за еден од најопасните во историјата на селењето на Македонците од својата татковина (*Андонов, 1978, 210-211: Вражиновски, 1992, 25-28*).

Проучувањето на македонското иселеништво во сегашната наша стварност, добива нови димензии со широки потреби за поставување на нови релации во разјаснувањето на многу области од историјата на Македонците, кои од разни причини ја напуштиле својата татковина, како и заемните односи на релација: иселеништво -татковина. При проучувањето на иселеничката проблематика треба да се пристапува критички и реално, затоа што патот по кој што поминале Македонците иселеници не бил едноставен и лесен, за да се дојде до сегашното ниво на нивниот социјален статус, културните достигнувања и националното дејствување и организирање. Притоа треба да се поаѓа од фактот дека македонското иселеништво е неделив дел од македонскиот народ, па според тоа, и е деллив чинител и учесник во градењето на македонската историја и култура надвор од својата матица и тоа во еден историски период од над стотина години.

# V. ПРОГНОЗА НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА

## V.1. ПРОГНОЗА НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД РИДСКО-ПЛАНИНСКИТЕ И ПОГРАНИЧНИТЕ ПОДРАЧЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА

Демографските проблеми во современиот свет добиваат се повеќе на својата актуелност не само во научните истражувања, туку и во политиката на многу држави.

Непрекинато се зголемуваат сознанијата за значењето на демографскиот фактор во економскиот и социјалниот развој на современите воени, односно одбранбени концепции. Исто така, демографските компоненти имаат влијаније на поширок општествен план во сферата на образованието, здравството и социјалното осигурување, урбаното и просторното уредување и слично, односно претставуваат предмет и перокупација и на значајни меѓународни организации и научни институции.

Од тие причини демографската политика на една земја не може да се води изолирано, одделно од развојната и социјалната стратегија, туку напротив треба да претставува нејзин интегрален дел.

Демографските проучувања на ридско-планинските и пограничните подрачја во нашето истражување, во голема мерка ја прошируваат примената на оваа научна дисциплина и во сферата на одбраната[1].

[1] Проф. Д-р. Митко Котовчески - "Современа македонска одбрана" - 2002 год. (стр.309)

Тоа значи релевантните демографски показатели да се анализираат преку поважните просторни детерминанти, односно согледување на функционирањето на човекот во просторот. Структурните промени на населението можат да се проучуваат за целиот простор или за одделни региони или подрачја. Меѓутоа, мошне значајни се истражувањата на таквите промени во однос на мрежата на населби. Демографските фактори може да се разгледуваат според орографските услови (што претставуваат еден дел од предметот на нашето истражување).

Други аспекти на анализирањето на демографските фактори се од областа на гравитационите сфери на централните места, во однос на сообраќајната мрежа, во споредба со аграрните површини и др., што во основа претставуваат просторни детерминанти во ваквата анализа. Ваквиот метод на демографските проучувања има исклучително значење како за економското и просторното планирање, така и за планирањето и подготовките на севкупниот одбранбено-заштитен систем на земјата.

Просторните детерминанти се појавуваат како значаен фактор за состојбите на демографскиот развој во нашата држава, според која јасно се издиференцирани како економски, така и природни макро, мезорегиони и микрорегиони со различни специфичности, што даваат свој печат на демографскиот развој. Просторните детерминанти укажуваат зошто се појавуваат различни проблеми во динамиката на популацијата и нејзини структурни промени, па според тоа и насочуваат како покомплексно да се решаваат проблемите.

Нивното проучување, како еден од побитните фактори, демографските истражувања ги прават покомплексни и апликативни, што треба да претставува значајна компонента во истражувањето на демографските карактеристики на ридско-планинските и пограничните подрачја на Република Македонија, за нивното планирање и подготвување за водење одбранбена војна. Со подготвувањето и вклучувањето на ридско-планинскиот простор во одбранбената војна се остварува стратегиската определба на нашата земја, за вклучување на целокупниот простор - како значајна константна големина.

Во стратегијата на стопанскиот развој, т.е. во изворот на приоритетните цели на економската политика на земјата, ридско-планинското земјиште завзема многу значајно место, бидејќи од обемот и интензитетот на неговиот севкупен, а посебно економскиот развој, ќе зависи и севкупниот развој на економијата на земјата.

Интересот за развојот на овие подрачја, во голем број земји во светот е огромен, бидејќи тие завземаат голем простор во одделните континенти и земји, што претставува и негова значајна меѓународна детерминанта.

Основното обележје на активностите за развој на овие подрачја, во голем број земји во светот, претставува формулирањето и апликацијата на концепцијата за специјалните планински зони, како институционален облик на побрзиот развој на ридско-планинските региони.

За протагонист на оваа концепција се смета францускиот професор Франсоа Перу. Француските автори посебно го подвлекуваат регионалниот карактер на економскиот простор, разликувајќи три типови: *хомогени*, *поларни*, и *програмски или плански простори.*

- **Просторот може да носи карактеристика на нагласена униформност**, тој тогаш е ***хомоген***.
- **Регионот може да се изучува** и од стојалиште на повеќе или помалку подвлечен степен на кохезија т.е. **од релативната меѓузависност на неговите различни делови**, тој е повеќе или помалку ***поларизиран***.
- Регионот може да се разгледува и **од стојалиште на целта која сака да се подстигне, поаѓајќи од програмата што е прифатена**, тоа претставува ***програмски или плански регион***.

Во рамките на овие општи сознанија на меѓународни релации се движат и активностите во нашата земја, потенцирани од фактот дека апсолутното и релативното заостанување на севкупниот развој на ридско-планинските подрачја, во однос на рамничарските, започнува сè поинтензивно да го загрозува економскиот раст на земјата во целина.

Ридско-планинските и пограничните подрачја, претставуваат значајна и интересна област за концепцијата на одбраната, бидејќи опфаќаат широк економски, географски, социјален и друг простор со кој се обезбедува зачувувањето на човечкиот фактор и одржување на борбената и економската активност во услови на одбранбена војна.

Во ридско-планинските подрачја се уште поизразени сите предности на нашиот простор, значајни за успешно водење и остварување на целите на одбранбената војна.

Релативно ниската густина на населеност, како и апсолутното и релативното опаѓање на бројот на младата популација, овозможува постојано да се зголемува бројот на населението од возрасната структура со над 65 години, односно населените места во околу 1/3 од општините ја надминале критичната вредност на индексот на стареење. Со тоа се намалуваат можностите за квалитетно и целосно формирање на командите, единиците и установите на резервниот состав на Армијата на Република Македонија.

Идентична е состојбата и во определен (помал) број населени места во граничниот појас од 0 - 5 км и од 6 - 10 км. Во овие подрачја, неминовно се појавува и недостаток на специјалности кај населението во помали воено-евиденциони податочни листи, кои се потребни за квалитетно и целосно пополнување на командите, единиците и установите на резервниот состав на АРМ.

Релативно ниската густина на населението, негативно влијае врз квалитетот и извршувањето на мобилизацијата во тие подрачја. Во ретко населените региони, мобилизацијата се врши во неповолни услови и на пошироко географско подрачје, тоа го зголемува времето потребно за извршување на мобилизацијата. Ова придонесува за намалување на брзината на мобилизацијата. Емиграцијата на младите, висококвалификувани работници од различни профили, е проблем за успешно работење на производствените и ремонтните установи во услови на војна.

За таа цел, ќе биде потребно да се врши пополнување со работна сила, по основа на работна обврска од друга средина.

Актуелните трендови во движењето ќе имаат негативни последици и во сферата на подготовките и остварувањето на невооруженото спротиставување во целина. Нарушувањето на економската и демографската виталност на овие простори, негативно ќе се одразува врз обезбедувањето на пополнувањето, сместувањето, исхраната и згрижувањето на припадниците на вооружените сили и на евакуираното население од големите градски центри. Тоа ќе има огромни реперкусии врз спремноста и способноста, во случај на потреба за водење долготрајна исцрпувачка одбранбена војна.

Во населените места кои се на прагот на своето целосно празнење и исчезнување од географската карта, нарушена е економската и животната активност, што негативно се одразува врз останатите активности на тој простор, а со тоа и врз организирањето и делувањето и на целокупниот одбранбен систем.

Во современите услови за водење на војна, човечките потенцијали не го губат своето значење и доминантно место. Но на овој простор, колку што влијае негативно празнењето на населените места и нивното демографско пустошење, толку негативно влијае нерамномерното разместување на населението во определен број градски подрачја.

Тоа има непроценливо воено-политичко, економско, социјално и психолошко значење. Ваквото просторно разместување на населението е во колизија со определени барања на системот на одбрана.

Од нерамномерноста во просторната разместеност на населението, произлегуваат голем број негативни последици за системот на одбраната, меѓу кои најважни се:

- намалување на степенот на трансформабилност од мирновременска во воена состојба;
- создавање економско-демографски концентрации во одделни зони, како стратегиски цели за агресорот со зголемен степен на повредливост на просторните структури;
- демографското, а со тоа и економското празнење на големи простори, кои по правило, се совпаѓаат со просторите кои треба да претставуваат одбранбено-оперативни зони и слично.

Од друга страна, огромната концентрација на населението на Репулика Македонија во Скопје и во уште неколку други градови, доведува до формирање на рентабилна цел за употреба на нуклеарно оружје, од што последиците за Р.Македонија би биле катастрофални.

Стихијноста на миграционите движења (посебно во ридско-планинските и некои погранични подрачја) сеуште е актуелна и се изразува со целата своја жестина и со далекусежни последици врз системот на населби во иднина. Од огромен интерес за општествената заедница, ќе претставува истражувањето за идентификација, лоцирање и утврдување на значењето и начинот на функционирање на трендот на движењето на населението во населените места, зафатени со процесот на руралната деградација.

Целта ќе биде: општествената заедница, иако задоцнето, да се насочи кон пренасочување на миграциониот бран и насочување на мигрантите во населените места (рурални центри), кои треба поинтензивно да се развиваат и да станат привлечни средини за прифаќање на тоа население. Со тоа би се определило тежиштето на активностите на општествената заедница, со цел да се направи конечниот решителен и рационален потег за насочување на миграционите бранови кон овие простори. Со спречувањето на негативните тенденции и демографските движења, во овие простори од стратегиско значење, би се избегнало нивното целосно пропаѓање на тој план и би се намалиле ефектите од негативните импликации на економски и воено-одбранбен план.

# VI. ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ДВИЖЕЊА ВРЗ ПОДГОТОВКИТЕ И ВОДЕЊЕТО НА ОДБРАНБЕНА ВОЈНА ВО СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ

Миграциите на населението претставуваат еден од најзначајните, најтрајните и најуниверзалните феномени на современиот свет. Миграциите останаа општа законитост, со големи реперкусии, скоро во сите области на општествениот живот во секоја човекова средина. Но и покрај универзалноста, преселбите во различни земји имаат бројни специфичности што произлегуваат од посебните економски, социјални, демографски и политички услови, кои може да бидат различни од општите појави. Затоа и покрај прифаќањето на општите заклучоци до кои има дојдено науката во светот, постои нужна потреба од истражување на специфичната констелација на детерминантите и резултатите во поодделни земји и подрачја за поцелосни и поегзактни согледувања.

Во Р.Македонија уште од далечно минато па до денес миграциите не мируваат. Миграциите на ова подрачје претставуваат траен процес, кој се одвивал во еден подолг временски интервал, некогаш со поголеми, а некогаш со памали амплитуди.

Една од основните причини во минатото се однесуваше на нејзината територијална разместеност, односно на поволната географска положба на Р.М. на Балканскиот полуостров. Нејзината територија стратегиски доминира во балканскиот јужен и централен дел.

Македонија низ вековите претставуваше интересна сфера за различни хегемонистички освојувања на повеќе земји. Тоа условуваше и предизвикуваше нови, повторни преразместувања на населението, а во поодделни периоди и силно изразена емиграција на населението надвор од својата татковина.

Покрај општествено-политичките и социо-економските услови во земјата, како причини за миграција се сметаат и некои специфични фактори (разновидната рејлефна структура, различните климатски услови и сл.). Значајно е, рејлефната структура да се набљудува како многу битен услов, кој во минатото поволно се одразуваше против асимилацијата од туѓинските настојувања, по пат на колонизација, да се пресели или да се претопи македонското население. Во тие тешки времиња на опстојување на македонскиот народ најсигурна заштита се бараше и се наоѓаше во планинските делови. Во тој период по пат на миграција се менуваше населението во вертикален правец, односно преселбите беа насочени кон планините.

Демографската наука разликува разни видови на миграција на населението. Во Р.Македонија во исто време се одвиваат скоро сите видови на миграции, кои се израз на животворниот и сложен механизам, каков што претставува самото население, односно народот на една земја или подрачје. Интензитетот на различните видови на миграции е различен, како што е различна и нивната сложеност, во смисла на промените што тие ги предизвикуват. Со селењето на населението, настануваат промени во структурата на стопанството, и во општествениот живот.

Миграцијата не е примарниот двигател, но во општиот општествен прогрес, миграцијата внесува своја содржина и станува фактор кој има повратно влијание. Во современите услови на живеење, каде условите и навиките се менуваат со развојот на науката и техниката, нивното влијание врз миграцијата произлегува, во прв ред, од индустријализацијата и урбанизацијата. Но од друга страна, од миграцијата како последица произлегува деаграризацијата.

За Р.Македонија во повоениот период значајни се следните преселнички движења:

- миграција село-град;
- селење - односно привремено вработување во странство (повторно актуелно);
- дневна миграција на работната сила;
- миграција од помалите градови во главниот град-Скопје;
- доселување од јужните краишта на Србија, Косово и Санџак (Србија и Црна Гора);

Исто така, неминовно се наметнува потребата, истражувањата во прв ред да бидат сконцентрирани на оние миграции, кои на едно подрачје се најинтензивни и најсложени. Рурално-урбаните миграции, посебно миграциите од ридско-планинските населени места, кон градовите претставуваат најинтензивен облик на миграција во Р.Македонија.

Во периодот по Втората Светска војна, градовите привлекуваат сè поголем дел на мигранти од село, за разлика од периодот до 1945 год. Преку половина (55%) од оние што го напуштиле селото во првите години по војната, од 1953 година се преселиле во градовите.

Во периодот од 1953-1963 година тој процент изнесува 62, 9%, а во периодот 1961-1971 година 64, 3%. Ова зборува за се понагласеното учество на рурално-урбаните миграции во просторното поместување на селското население. Покрај релативното зголемување, масата на миграциите од селото во градот бележи и висок апсолутен пораст. Во последниве десет години, забележливо е релативното смирување на миграцијата село-град и тенденцијата на намалување на одливот на селското население кон градовите, но се уште не се случил решавачки пресврт во смирувањето на миграцијата.

Но, во ридско-планинските подрачја, руралниот егзодус е мошне присутен, односно миграциониот бран е присутен со изразено засилен интензитет. Миграцијата почна буквално да ги празни руралните населби во ридско-планинските подрачја (во периодот 1961-1971 година, околу половина од иселеното селско население потекнуваше од ридско-планинските населби).

Тоа е најдрастичен пример за несинхронизираноста помеѓу општествено-економските процеси. Но покрај економските постојат и редица други фактори, кои што толку силно го раздвижуваат селското население од овие населби.

Ридско-планинскиот простор поседува големи потенцијални можности за успешно водење на вооружена борба, ако на соодветен начин се подготви секој сегмент од неговото функционирање.

Наместо заклучок би констатирале дека и во современи услови на водење на одбранбена војна, човечките и материјалните потенцијали не го губат своето значење.

Но за овој простор, колку што е негативното празнењето на населените места и нивното демографско пустошење, толку е понегативно нерамномерното разместување на населението во другите градски подрачја.

Македонија, водејќи одбранбена војна, мора да ги анализира ситуациите на бројноста на своите вооружени сили, но важно е каде и како се распоредени човечките потенцијали на целиот простор, особено во ридско-планинските подрачја. Тоа има не само воено, туку политичко, економско, социјално и психолошко значење.

Големиот миграционен бран, овозможи концентрација на населението во мал број на градски населби (посебно во Скопје каде што живее околу 1/3 од населението на Р.Македонија). Големите градски населби се мошне ранливи во случај на војна или елементарно непогоди, за што треба мошне сериозно да се размислува. Во тие случаи, последиците врз големите градски населби можат да бидат тешки, а некогаш и катастрофални. Ќе биде потребно да се изврши навремена, планска и организирана евакуација на населението во побезбедните подрачја. Во случај на потреба, значајно како размислување, е изнаоѓањето на решенија кои водат кон можноста, при евакуација, дел од населението од поголемите градови, да се сместува во оние населени места од каде што и потекнуваат. Овие активности ќе бидат мошне сложени и за нивно успешно реализирање потребни се целосни, содржајни и навремени подготовки.

Мошне илустративни се примерите за проблемите за евакуацијата на населението од големите градови во помалите безбедни места, во војна што ја водеше Виетнам против САД.

Северно виетнамското раководство се определи за стратегија на долготрајна војна. Основна замисла на оваа стратегија е: на непријателот да му наметне долготрајна војна и да се победи, со тоа што, во таа војна ќе треба да се истрае подолго и да се преживеат непријателските удари.

Најилустративно, тоа го објасни министерот-преседателот Фам Ван Донг: "Американците (односно сите завојувачки сили - подвлекол проф. Д-р. Митко Котовчески), не сакаат долги војни, кои не водат кон дефинитивно заклучување - и така сме сигурни дека на крајот ќе победиме"[1].

Најголем број од членовите на Политбирото воделе долготрајни герилски војни на истоштување во траење и до 40 години, така што не познаваат ниту еден друг начин на водење на војна. Како значајно искуство стоеше Хо Ши Мин-овата концепција на "поволен момент". "На материјална и воената надмоќност на непријателот треба според таа концепција да им се спротивстави растечката политичка и вооружена сила на револуцијата, тежнеејќи кон регионална и локална надмоќност, да се "удри"во момент кога непријателот-од разни причини, е најмногу ослабен и осамен"[2].

Определбата за водење долготрајна војна, како ново значајно искуство, наједноставно може да се објасни со ставот: "ако нашата генерација не биде во можност да ја заврши оваа војна, ќе ја продолжат нашите деца и внуци".

---

[1] Дајк, Џон. М. Вен: "Северновијетнамската стратегија преживљавања" - ВИЗ, Београд, 1978год. (стр. 29)
[2] Алтман, Гавро: "Особености вијетнамске револуције" - ВИЗ, Београд, 1978год. (стр. 173)

Тоа е определбата за неограничена и непрекинатата, дури и војна која се протега низ повеќе генерации, односно временски неограничена, војна до постигањето на конечната победа.

Со зголемување на интензитетот на бомбардирањата на Северен Виетнам, Северновиетнамците, покрај изградбата на засолништа во целата земја, почнаа да ги евакуираат поголемите градови и нивното население, во подалечните и зафрлени краеви на провинциите. Списанието Нан Дан на 25 декември 1966 година ја објави следната статија: "Ние мораме потполно да ги извршиме задачите на евакуацијата и растреситото распоредување на населението, држејќи ја неговата концентрација на низок степен. Лицата кои што не се непосредно вклучени во производствените напори, како старци, деца, идните мајки, болни, слаби итн. - како и соодветните установи (училишта и болници), кои што треба да се евакуираат, мора да се покоруваат на наредбата за евакуација на градот. Кога ќе се изврши евакуацијата, мора да постои еден план за локален растресит распоред, насочен кон тоа да се намали групирањето на населението...")[1].

Со евакуацијата на населението се поајвуваа и огромни проблеми, како што беше појавата на епидемија, проблемите предизвикани од наглите промени на условите на живеење, од културните разлики меѓу евакуираните лица и месното население, кое имаше свои табуа (не им дозволува да ги користат селските извори, дури и на брачните парови не им дозволува заедно да спијат), што придонесуваше, евакуираните лица мошне често да патуваат назад во градовите, поготово за време на викендите.

[1] Дајк, Џон М. Вен: "Северновијетнамската стратегија преживљавања" - ВИЗ, Београд, 1978год. (стр. 161)

Со овие активности, во голема мера се оптоваруваше месното население, кое требаше покрај учеството во изградбата на колиби или станови за евакуираните лица, да работи и на оризовите полиња од 2 часот наутро до мугрите, под светлината на ѕвездите. Но војната бара огромни физички и психички напори. Потребно е рационално но и оптимално ангажирање и трошење на потенцијалите, посебно на човечките, првенствено поради степенот на опасност, кој треба најреално да се проценува.

Сето тоа, создаваше голема концентрираност на населението на патиштата, кои понекогаш и се закрчуваа, а тоа го забавуваше движењето на материјалите и опремата кон југ (Јужен Виетнам).

Во одредени ситуации (за да се избегнат антидржавни инциденти и да се остварува контрола врз евакуираното население), се вршеше евакуирање на комплетни заедници, на одредена нова локација.

Но и тоа создаваше нови проблеми, бидејќи повторно се создаваше огромна концентрација на население на мал простор, што беше значајна цел на американската бомбардерска авијација. Кога таквата варијанта не беше остварлива, селското население и новодојдените евакуирани лица, се организираа во т.н. "борбени села". Населението се евакуираше на одалеченост од 6-18 км од поранешните локации. Правеа сламени колиби во блиските ритчиња, за да можат, при напад од воздух, да отползат до блиските карпи или засолништа.

Вториот начин на формирање на "борбените села", претставуваше повеќе аморфна концепција и даваше послаби резултати во пракса. Овој начин е сличен на системот на стратегиски селца (овој начин има своја генеза од времето на отпорот против Французите).

Секое лице од овие села е доделено на некој борбен тим, или има задача да се занимава со определено производство. Со овој систем, Партијата извлекуваше максимално ангажирање и работа на секој жител. Покрај другото, целта беше да се искоренуваат кај луѓето гледиштата спротивни на државните, со други зборови државата и партијата имаа за цел, да обезбедаат насекаде целосна контрола врз населението, односно тоа да се држи непрекинато во една мобилна состојба, во што имаше голем број на непотребни претерувања.

"Борбените села" изготвуваат тактички планови за одбрана. Во случај на напад, изградуваа систем на утврдувања, ровови и препреки. Од секое "борбено село" се бараше да развие 6 посебни видови на одбрана:

1. Одбрана против изненаден непријателски напад;
2. Противвоздушна одбрана;
3. Одбрана против непријателското артилериско бомбардирање;
4. Одбрана против хемиско и биолошко војување;
5. Одбрана против непријателски хеликоптерски десант (значајно искуство, кога е во прашање одбраната на ридско-планинските подрачја, кои за кусо време може да бидат опфатени со хелихоптерски десанти);
6. Одбрана против непријателските тенкови и механизирани возила;

Идентична ќе биде состојбата и во поодделни населени места во граничниот простор, кои во овој изминат период беа зафатени со поинтензивни миграциони движења.

Ова во исто време, зборува и за слабостите на општеството, во спроведувањето на политиката за позабрзан развој на недоволно развиените ридско-планински и погранични подрачја.

Како општи економски причини за преселување на населението од село во град, што се јавува како универзална законитост речиси во сите земји и подрачја се:

- ограничените можности за екстензивно ширење на земјоделското производство на нови површини;
- специфичното дејствување на подобрувањето на органскиот состав на капиталот, во областа на земјоделството;
- стручните промени на стопанството, со текот на развојот;
- просторната концентрација на неземјоделските дејности во градовите и др;

Современите истражувања покажуваат дека миграцијата на селското население не зависи само од економските причини. Економските причини не се единствени, ни доминантни, иако имаат големо влијаније. Постојат и голем број на други причини, кои во иднина треба да се елиминираат, за да се подобрат условите за подобар живот и перспектива на населението во тие области, односно да се елиминира несинхронизираноста меѓу сите релевантни фактори.

За таа цел, во плановите на општествениот и стопанскиот развој, треба јасно да се дефинираат активностите за побрз развој на ридско-планинските и пограничните подрачја. Со економското активирање на овие подрачја, ќе се создадат услови, кои поволно ќе влијаат врз севкупните одбранбени подготовки.

Поголемиот дел од просторот што го зафаќа ридско-планинското подрачје, располага со големи природни потенцијали.

Исто така и голем број од компаративните предности во овој простор се уште не се искористени. Во голем дел од нив, постојат одлични услови за развој на земјоделството и сточарството, рударството, користење на минералните суровини и нивната преработка, користење на огромни шумски богатства, водите... Со преземањето на мерки и активности на овој план, треба да се создадат материјални претпоставки за живот и работа на населението, претпријатијата, на вооружените структури и на другите организации и институции кои во услови на војна би биле лоцирани на ова подрачје.

Многу се ретки селските населби во ридско-планинските подрачја, каде освен земјоделството има развиено и други стопански гранки, посебно - индустриски капацитети. Постои само определен број на погони за преработка на дрво, за производство на градежен материјал, текстил и за рударството. Потребно е економски да се оспособи овој простор, преку изградба и развој на помали погони за производство на некои критични артикли, складови за снабдување со борбени и други средства итн. [1] За непречено извршување на овие дејности, многу сериозно се наметнува и проблемот за целосна електрификација на населените места во овие подрачја. Квалитетот на струјата во некои реони, или во цели комплекси, е доста слаб, што ја наметнува потребата за негово брзо разрешување. Потребни се дополнителни ангажирања за решавање на овие проблеми, кои имаат директ--но влијание, посебно врз работата на производствените капацитети.

[1] Гоцевски Трајан: Развојот на ридско-планинските подрачја во СРМ и нивното значење за ОНО "Одбрана и заштита", Белград, 1980 година.

Според некои од досегашните сознанија, електрификацијата има влијаније врз интензитетот на процесот на иселување од тие населени места. Најголемо беше иселувањето од селата кои до скоро не беа електрифицирани.

Во услови на војна (драстичното влошување на условите за здравсвена заштита - од една страна и енормното зголемување на сите задачи на здравствената заштита - од друга страна), уште повеќе ќе ја потенцира неопходноста за поцелосно, потполно и поцелисходно организирање на здравствената заштита. Со тоа би се обезбедило рационална и ефикасна употреба на значителниот број на стручни кадри и соодветната санитетска опрема, во сложените услови на работа (посебно за ридско-планинскиот простор).

Во ридско-планинските подрачја постојат специфични услови во однос на организирањето на здраствената служба и во остварувањето на мерките на здраствена заштита. Густината на населеност во овие подрачја е доста мала, во некои населби постои и значителна одалеченост на куќите, а состојбата ја влошува и огромниот број на старечки домаќинства. Хигиенските услови во кои живее населението во овие простори во голема мера се неповолни (еднолична исхрана, некогаш има лошо снабдување со вода, лоши станбени услови и сл.), а несоодветна е здравствената просветеност на населението. Слабата сообраќајна поврзаност, негативно се одразува врз навременото згрижување на луѓето, посебно во зимските услови, кога некои населени места се практично целосно блокирани и отсечени.

Со миграциите на населението од поголемите градови (односно со планирана, организирана и спонтана евакуација) во услови на војна, во побезбедни ридско-планински подрачја, пред здравствената служба неминовно би се наметнале нови сериозни проблеми за разрешување. Сите видови на миграција на населението, во воени услови, имаат и своја многу сложена здраствена, посебно хигиенско-епидемиолошка проблематика.

Спроведувањето на разновидните хигиенско-профилактички мерки, неопходно е за било кој вид на миграција. Меѓутоа, можностите за нивното планско, организирано и целосно спроведување, се релативно поповолни во случаите на планската евакуација, додека тие мерки многу тешко се спроведуваат за време на разните видови спонтани миграции.

Со неспроведувањето на овие мерки, постојат огромни опасности и за населението кое се евакуира и за населението кај кое евакуираното население се сместува. Исто така, потребно е, во малите населени места (посебно на ридско-планинските) кои што треба да го прифатат населението од големите градови, да се утврди состојбата и можностите за употреба на станбените објекти, објектите пот-ребни за здравствена заштита, состојбите во поглед на снабдувањето со вода, хигиенските прилики и зраствената состојба на луѓето.

Отежнатото снабдување со лекови во услови на војна, ќе ја зголеми потребата за користење на лековитите растенија (тревки), едни од најстарите средства за лечење на луѓето. Во воени услови, кога е отежнато индустриско производство на лекови, користењето на лековитите растенија добива неспоредливо поголемо значење.

Во сите краишта на земјата (посебно во ридско-планинските предели) постојат голем број на лековити растенија (научно испитани), кои што содржат лековити состојки и можат да се користат како суровина за изработка на лекови. Во услови на војна или евакуација, тоа би можело да се прави во посебни, соодветни лаборатории и работилници. За поцелосно користење на овие природни богаства, неопходна е изработката на т.н. фармакогнозиски карти за секој поединечен регион, со точни податоци за нивната распространетост и други вредни податоци за нивното собирање итн.

Со собирањето на лековити растенија населението во ридско-планинските подрачја може да оствари и големи финансиски ефекти во време на мир, што би претставувало еден нов и значаен фактор за економското заживување на овие подрачја.

Карактеристиките на можната агресија, а посебно можноста таа да биде изненадна, укажуваат на неопходноста за континуирано применување на здравствената заштита од мирновременска до воена состојба, без потешки потреси и прекини во работата на компонентите на здравствената заштита, при преодот помеѓу овие две состојби. Заради тоа, воената организација на здравсвената заштита се заснова на мирновременската организација на здраството, за кое што е неопходно да биде прилагодено и кон воената организација на здравствената заштита. Сложените задачи на здравсвената заштита, во тешките услови на одбранбена војна, поуспешно ќе ги извршуваат, ако благовремено се извршат потребните подготовки и ако целата територија биде покриена со различни здравсвени установи, уште во мир.

Меѓутоа денес, здравственото згрижување на населението од ова подрачје, претставува сериозен проблем. Поради тоа што во овие подрачја се лоцирани мал број на здраствени установи и поради неразвиената здравствена мрежа, населението тешко доаѓа до правовремена здраствена заштита. На оваа територија, потребни се дополнителни мерки за подобрување на здраствената заштита, кои би создале подобри услови за формирање на разни здравствени установи, за потребите на командите, единиците и установите на резервниот состав на АРМ и на другите субјекти на системот на одбраната во услови на одбранбена војна.

Покрај материјално-техничките услови, треба да се размислува и за присуство на интелектуални, стручни и други профили, односно на кадри кои се потребни за унапредување на земјоделството, сточарството и на другите стопански дејности, за културно просветна работа, за здраствено-социјална работа и за други дејности.

Потребно е поголемо присуство на медицински персонал, на ветеринарни стручњаци, агрономи, просветни и други стручњаци, кои би се вклучиле во севкупниот живот на населението. Нивното присуство би било од големо политичко значење, бидејќи се зголемува сигурноста кај населението и се создават услови за унапредување и осовременување на животот во тие подрачја. Поради создавање на што поповолни услови за спротивставување на секоја агресија, потребно е да се приготват бази во некои погодни простори (шумски комплекси, селца и населби) со различна големина и значење. Територијата на Р.Македонија претставува значаен амбиент, со голем број на погодности за нивно организирање и лоцирање на безбедна работа.

Сегментите на резервниот состав на АРМ, во една современа војна треба да овозможат погодно разместување и услови за безбедна работа на раководствата на локалната самоуправа, функционирање на сите структури на нашиот општествено-политички систем, сестрана потреба за организирање, интензивирање на вооружената борба и отпорот, кога агресорот би успеал да воспостави привремена контрола на поширок реон, во кој се наоѓаат базите:

- Ефикасна употреба на силите на резервниот состав на АРМ:
  - непрекинато командување;
  - погоден распоред на инфраструктурата;
  - безбедност и трајност, особено на највиталните објекти, во случај единиците на резервниот состав да го напуштат базното подрачје;
- Непрекинато логистичко обезбедување и пополнување на единиците на резервниот состав на АРМ, како и обука на нови единици. Производство, сместување и чување на материјалните резерви, како и лекување на заболените и ранетите луѓе.

"Со една внимателна анализа можеме да констатираме дека последиците од руралниот егзодус ќе имаат негативни рефлексии во успешното организирање и функционирање на сегментите на резервниот состав на АРМ во тие подрачја. Но сепак треба да биде и нов предизвик за изнаоѓање на нови форми и организациони облици, тие во услови на одбранбена војна да го добијат своето место што го имаа во НОВ (Народно Ослободителна Војна)".[1]

[1] Д-р. Митко Котовчески: "Заеднички трудови" - Институт за одбрана и заштита

# VII. ПРОБЛЕМИТЕ НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД Р.МАКЕДОНИЈА

## VII.1. ПЕРИОДИ НА ИСЕЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД НИВНАТА ТАТКОВИНА - ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД

| ***ПЕРИОД:*** | **ВРЕМЕ КОГА СЕ ОДВИВАЛ:** |
|---|---|
| ***Првиот период*** | Втора половина на деветнаесеттиот век |
| ***Вториот период*** | Од задушувањето на Илинденското востание до започнувањето на Балканските војни |
| ***Третиот период*** | Од започнувањето на Балканските војни и поделбата на Македонија, до започнувањето на Втората светска војна |
| ***Четвртиот период*** | Започнува после Втората светска војна и трае до шеесеттите години на дваесеттиот век |
| ***Петтиот период*** | Од шеесеттите години на дваесеттиот век, до осамостојувањето на Република Македонија |
| ***Шестиот период*** | Се случува во периодот од осамостојувањето на Р.Македонија и во континуитет трае до денес |

податоците се преземени[1]

***табела бр. 1.***

[1] Танас Вражиновски: Македонско иселеништво - Скопје, 2001 (стр. 5 - 17)

# VII.2. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ВО ГЕНЕРАЦИИ

| *ГЕНЕРАЦИЈА НА ИСЕЛЕНИЦИ:* | **ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈНОТО СТЕБЛО, КОИ ПРИПАЃААТ НА ОДРЕДЕНА ГЕНЕРАЦИЈА:** |
|---|---|
| *I генерација:* | Родител(и), кој(кои) се иселил(е) од својата матична земја |
| *II генерација:* | Малолетни деца, кои се родени во матичната земја, а се иселиле со родител(и) - припадници на првата генерација иселеници |
| *III генерација:* | Деца, кои се родени во иселеништво (надвор од матичната земја), од родители- припадниците на втората генерација иселеници |
| *IV генерација[1]:* | Деца, кои се родени во иселеништво (надвор од матичната земја), од родители- припадниците на втората генерација иселеници, кои се и самите родени во иселеништво (надвор од матичната земја) |

*табела бр. 2.*

[1] За жал, припадниците на четвртата генерација иселеници го губат контактот со јазикот на матичната земја од која потекнуваат, па и самото потекло - односно врската со семејните корени

# VII.3. ПРОБЛЕМИ НА ВТОРАТА И ТРЕТАТА ГЕНЕРАЦИЈА ИСЕЛЕНИЦИ ОД СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТ

[1]Иселеништвото од Македонија (од сите нејзини три дела: вардарскиот, егејскиот и пиринскиот), има долга историја и традиција, која може да се следи од втората половина на 19 век, па се до сегашните денови. Притоа, изразувајќи се низ различни форми: печалбарството, надворешни миграции, привремена работа во странство и сл. Колку се широки и јаки печалбарските традиции во Република Македонија, покажуваат и податоците за бројот на иселени и оние на привремена работа од поранешна Југославија во однос на вкупното население во републиките. Македонија е во водечките, веднаш зад Хрватска која е на прво место. Печалбарењето и печалбарството, се длабоко вкоренети во свеста на современите индивидуи кои се иселуват.

Имено, податоците од анкетното истражување во 1986 год., што го спроведе Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на тема “Македонското иселеништво во Австралија”, на прашањето кое им беше поставено на иселениците кои престојуваа во Р.Македонија: ”Зошто отидовте во прекуокеанските земји“ од 323 анкетирани лица, 67% од лицата од машки пол и 63% од женски пол, како прва причина ја наведуваат “печалбата”, а потоа следат политичката несигурност (17% кај лицата од машки пол и 10% кај оние од женски пол) и да се биде со роднините (10%-машки пол, 13%-женски пол).[2]

---

[1] Д-р. Петре Георгиевски - Скопје, 1990 год. (стр. 61)
[2] Годишник, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, бр. 1. 1990 год.

Сите оние лица кои одат во странство да заработат пари и притоа, имаат став или намера да се вратат во земјата од која емигрирале, по правило можат да се сметаат за печалбари.

Првата и делумно втората генерација на иселениците можат да се означуваат и со името "печалбари". Додека за добар дел од втората и речиси целосно (со ретки исклучоци) за третата и четвртата генерација тој белег е речиси неприменлив.

За појасно да се согледаат социјалните проблеми на втората и третата генерација на иселениците, неопходно е да се погледне социјалната статистика на родителите од втората генерација. Таа социјална слика изгледа вака[1]:

1. ***Земјоделци*** - Тие претежно живееле во селата. Со основно, или непотполно основно образование и претежно сочинуваат 55% од вкупниот број на иселеници во прекуокеанските земји и на "привремена" работа во земјите на Европа. Ова може да се илустрира со големиот број напуштени села и села без младина во Западна Македонија. Оваа појава и тенденција има далекусежни демографски последици за земјата на одливот, но исто така негативни последици во социјализацијата на втората и делумно третата генерација на иселеници, во земјите од каде потекнуваат.
2. ***Индустриски работници*** - од сите видови квалификации. Нивното учество, приближно изнесува 39% од вкупниот број на иселеници од првата генерација.

[1] Апроксимативни податоци за учеството на одделни социјални категории во вкупниот број на иселени се дадени врз основа на стат. показатели на ниво на поранешна Југославија, а Република Македонија по низа карактеристики, а посебно за социјалната статификација на населението, па и на иселениците се наоѓа на рамниште на југ. просек.

Поголемиот број од нив се со завршено училиште за занимање, а добар дел се општи неквалификувани работници, кои претежно работат на тешки физички исцрпувачки работни места по фабриките, градежните и другите услужни и јавни или приватни пртпријатија на земјата на приемот. Кај оваа социјална категорија, примарната социјализација на втората и третата генерација, се одвива како противречен процес со неповолни последици и во училиштето и успехот во него.

3. ***Стручњаци и слободни професии*** - со различен профил и различен степен на образование, кои претставуваат околу 6% и во чии рамки е групата на исклучително талентирани лица и високостручни лица, кои во стручната литература се означуваат со изразот "одлив на мозоци". Според одредени истражувања[1], најзначајните мотиви за одливот на мозоците се нивните очекувања за поголеми можности за научна работа и творештво во земјите на приемот. Овие земји по правило имаат многу поразвиена опрема и организација на истражувањата, а и општествено и материјално вреднување на нивниот труд и резултати е на значително повисоко рамниште, отколку во нашата земја. Во последните 5-6 години одливот на младите лица, со високостручни квалификации и знаења, е мошне поинтензивен отколку на другите категории, што исто така, има несогледливи, неповолни последици на неколку нивоа:

[1] Bug., Prpic K. Odliv mozgova: Tok i cinioci vanjskih migracija znanstvenika, IDIS, Zagreb, 1989.

- *на глобалното македонско општество* што го губи најинвентивниот, најквалитетниот и најперспективниот потенцијал, кој може да биде лост на замреното стопанство и општествениот подем и огромна материјална и човечка загуба, поради средствата потрошени за нивното школување, што е чист благороден подарок кон земјата на приемот;
- *на регионалното рамниште* и на рамништето на семејството и блиските роднини и неформалните пријателски групи. Социјализацијата на втората и третата генерација во семејствата на оваа категорија, значително се разликува од социјализацијата на првата и втората социјална групација, во поглед на успешноста за интеграција во општествените заедници на земјите на престојот.

Најнеадаптабилна и најмалку интегрирана е првата социјална категорија на иселеници. Оваа категорија, покрај другото и поради неадаптираноста, размислува и делумно го остварува враќањето во земјата на потеклото, т.е. нашата земја и покрај проблемите поврзани со нивните деца, кои веќе сè помалку покажуваат интерес за враќање во земјата од која потекнуваат нивните родители.

Најадаптибилна и интегрирана во земјата на вселувањето е третата социјална категорија, додека втората се наоѓа на средина меѓу овие две, по многу карактеристики мошне различни социјални групи.

Се поставува прашањето: ***како може да се дефинираат втората и третата генерација*** и кои се нивните основни проблеми?

- ***Втората генерација иселеници*** ја сочинуваат, децата кои дошле заедно со родителите во земјата на приемот, од родителите на првата генерација доселеници;
- ***третата генерација*** ја сочинуваат децата родени во иселените семејствата или од родители кои припаѓаат на втората генерација.

Ј. Виндгрен (Windgren) откако дава една типологија на втората генерација, смета дека таа во потесна смисла ја опфаќа ситуацијата С1 т.е. децата се родени во земјата на имиграцијата и живеат во земјата на имиграција со двајцата родители[1]. Како што наведува итајланскиот социолог Амалија Сињорели (Signorelli), во списанието Dossier Europe-emigratione, втората генерација се опишува како ни-ниту генерација (Weder noch generacion). Гворците на таа дефиниција, истакнува Сињорели, можат да се оптужат за песимистичко предубедување, но таа сепак го покажува она што сите студии на оваа тема го опишуваат, како изразита карактеристика на втората генерација. Односно отсуство на еден дефинитивно цврст идентитет[2]. Ваквата дефиниција на втората генерација, прифатлива - смета Сињорели, под услов проблемот на идентитетот да не се толкува исклучително во културна смисла, како идентитетот да го одредуваат исклучиво јазикот и традицијата.

---

[1] Windgren J: Will the second generation inherit the jobs and the social position of their parents? Simpozium' Migrants dela deuhieme generation' 1-2 october. Delphes. 1980. Navedeno spored Signoreli. Reintegracija druge generacije migranata i proces povratka odraslih migranata. Tripartitni sastanak o reintegracii druge generacije migranata u slu~ajevima dobrovolnog povratka, Beograd, 17-19 october 1984 god. Savezni biro za poslove zaposlavanja, Bilten br. 72, 1985.

[2] Signoreli A.: ibid.

Оттука, идентитетот може да биде искривоколчен со двојазичност, или со промената на престојот, или како тој може да се поврати или зацврсти под било кој економски и општествен систем, под услов да е мултикултурен и повеќејазичен. Други автори, втората генерација ја означуваат како"изгубена генерација", или како "маргинализирана генерација", односно - како генерација без идентитет.

Со ваквото определување на втората генерација иселеници, а претходно и определбата за третата генерација, насочуваат кон основните проблеми кои се многубројни. Согласно социолошкиот приод, накратко ќе се разгледаат следните проблеми:

1. Проблемите на социјализацијата на втората и третата генерација во земјите на доселувањето;
2. Проблемите на нивната гетоизација, интеграција и асимилација;
3. Проблемите на повторното враќање и реинтеграција во локалната заедница и глобалното општество на Р. Македонија.

Кај втората и третата генерација на иселеници, (особено кај втората) се изразуваат голем број противречности во процесот на нивната социјализација. Противречностите се поврзани со основниот проблем на нивната социјална интегрираност во општеството во кое престојуваат, што е зависен од следниве фактори:

- Временскиот период на нивниот престој во странство;
- Социјалниот статус и потеклото на нивните родители;
- Карактеристики на образовниот систем на земјата, особено со достапност на поквалитетни училишта и насоки;
- Начин и јазик на комуникација на ниво на локалната зедница.

Взаемното дејство на овие фактори гради соодветен, специфичен општествен контекст. Овој општествен контекст е мошне амбивалентен - оној што се создава во семејството, т.е. оној на родителите од првата генерација, во кој се врши примарната социјализација, со превладувачки вредности и начини на поведение карактеристични за средините и општествените контексти на земјата на иселувањето. Во конкретниот случај од Република Македонија и оној општествен контекст што го создаваат групите на врсници, соседството, училиштето, средствата за јавна комуникација (печатот, радиото, телевизијата, филмот), разни клубови и здруженија, црквата и сл. во рамките на локалната заедница, општествен контекст низ кој се одвива таканаречената секундарна социјализација. На тој начин противречноста меѓу примарната и секундарната социјализација е очигледна, бидејќи тие се засновани врз различни, може да се рече спротивни вредносни системи кои се условени од типот на глобалното општество во кој тие се формирани и од карактеристиките на земјата на доселувањето.

Секоја земја, односно секое општество организирано во држава, се разликува од другите со одредена специфика- ***идеосинкретска црта*** според Даниел Бел. **Таа "е обликувана под влијание на топографијата и локацијата, традицијата и културата и со оној помалку подесен елемент за дефинирање-со елементот на духот и обичаите, што ги прави културите на луѓето на тоа општество посебни**"[1].

Секако дека во идеосинкретската црта на одредена земја, особено во делот на традицијата и културата спаѓа и карактеристиката или специфичноста на нејзиниот воспитно-образовен систем.

[1] Bell: Ponovni susret sa "americkom specificnoscu: uloga civilnog drustva" pregled br.250.1990. str. 10.

Првата генерација на иселеници се воспитувала и школувала во Република Македонија со својата "идеосинкретска црта", а нивните деца, т. е децата на втората генерација се воспитувани и образувани во земјата на доселување, а делумно оние деца што се родени во Македонија ја носат идеосинкретската црта на воспитувањето на средината од која потекнуваат.

Во процесот на социјализација на втората генерација се доаѓа до судир на два света на вредности и поведенија: оној - создаван од страна на родителите, познат како традиционален, карактеристичен за македонското село и одделни градски населби. Таквиот вредносен систем е заснован врз идеолошко-вредносниот систем на реалсоцијализмот (за генерациите иселени во периодот кога тој систем се практикуваше во нашата земја) и вредносните системи на земјите на престој, кои го преферираат начелото за натпревар, богаство и идеологија на еднакви шанси во образовниот процес.

Ваквите пресвтри во вредносниот систем и начините на социјализација, предизвикуваат одредени емоционални промени кои создаваат субкултура кај младите, па се до ситуации на несигурност во себе и послаб успех во учењето. Во услови кога двајцата родители се вработени (често и прекувремено - за да заработат повеќе пари) децата се препуштени сами на себе.

Таквата ситуација доведува до воспитна запуштеност и до послаб успех во учењето, па дури и до различни облици на малолетничка деликвенција.

Во предиселеничките услови, процесот на социјализација на децата најпрво се одвива со семејно-роднинско-соседско посредување, низ кој процес, селективно се пропушта, потпомогнува или модифицира делувањето на институциите од поширокото општествено опкружување. Во условите пак, на новата општествена средина на земјата на доселувањето, суштински се менува начинот на социјализација. Особено се менува меѓусебниот однос на родителите и децата, како и различната положба на овие две општествени групи, во однос на делувањето на општествените институции во таа нова средина. Претежно патријалхално воспитувани или дел од нив воспитно запоставени, децата на втората генерација, се соочени со проблемот на недоволно познавање на јазикот на комуникација на новата средина.

Во оваа смисла се значајни истражувањата на Базил Бернштајн, имено тој нагласува ако детето на мигрантот е социјализирано на мајчиниот јазик на родителите, тие тој јазик го толкувале сообразно на правилата на еден" ограничен" кодекс, наместо според правилата на потполно разработен кодекс. Но, дури и ако детето се социјализирало на јазикот на земјата на вработување, односно доселување, тој јазик исто така се употребува според ограничен кодекс. Тоа е одредено до припадноста на детето на класата на физичките работници.

Претходно беа изнесени податоци дека социјалната структура на македонските иселеници претежно ја сочинуваат земјоделци и работници кои претежно живеат на село и индустриски работници.

Истражувањата на Бернштајн и други социолози за овој проблем, јасно го покажаа “ограничениот “кодекс на јазикот на работничките семејства, кои го запоставуваат апстрактното мислење и категории, за сметка на употребата на термини за непосредна употреба на предмети на таканаречен “манипулативен” јазик.

Сето тоа создава често и непремостливи ситуации за прифаќање во групата на врсници, од децата во средината на доселувањето и обично тие се “обележани” или “етикетирани” со разни термини како што се “странец”, ”доселеник” и сл. Тоа се пренесува и во училиштето, училницата, каде создава соодветна училишна “клима”, која значително влијае врз успехот и селекцијата на учениците. Неповолната “клима” за добар дел од втората и делумно од третата генерација на македонски иселеници по правило доведува до затворање во себе на индивидуата, нејзина фрустрација и чувство на нерамноправност, отврленост, услови и клима за нивна маргинализација или како што некои автори ги означуваат како генерација без идентитет.

# VIII. СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

## VIII.1. БРОЈНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Движењто на бројот на селската популација од 1961 до 1994 година во 96 селски населби[1], од јужното гранично подрачје, перманентно има негативно салдо, односно бројот на населението по пописни години се намалувал. Во 1961 година во овие населби живееле 52217 жители, или 23,8% од вкупното население во сите гранични подрачја, односно 3,7 % од вкупното население во Републиката. Просечно, во една населба во граничното подрачје, припаѓаат по 544 жители, а просечната густина на населението изнесувала 24,4 жители на 1км².

До 1981 годна се раселиле две села и тоа: Чаушли и Џумабос, а во останатите 94 населби од јужното гранично подрачје живееле вкупно 50938 жители, или 22,4 % од вкупното население во сите гранични подрачја, односно 2,6% од вкупното население во Републиката. Просечно на една населба припаѓале по 542 жители а густината на населението изнесувала 23,8 жители на 1км².

Во 1994 година, во јужното гранично подрачје, во 88 населби живееле 37433 жители, или 18,1% од вкупното население во сите четири гранични подрачја, односно 1,8 % од вкупното население во Републиката.

[1] Не е опфатено с. Петалино бидејќи било раселено Уште од 1961 година, а се води во евиденцијата заради површината на атарот како катастарска општина.

Просечно на една населба припаѓаат по 425 жители, додека густината на населението изнесувала 17,4 жители на 1км². Во период од 1981 до 1994 година се раселени шест села и тоа: Совиќ, Бошава, Радња, Коњско, Хума, и Булунтули.

Врз основа на наведените податоци, може да се констатира дека, во период од 1961 до 1994 година, населението во јужното гранично подрачје се намалило за 14784, односно за 28,3%. Просекечниот број на жители во една населба се намалил од 544 на 425 жители, (во просек по 119 во секоја населба) - податок кој не е за потценување. Всушност, споредбените податоци ни покажуваат, дека во периодот од 1961 до 1994 година, населението во селата од јужното гранично подрачје, преку емиграција, се намалило за повеќе од една четвртина.

## VIII.2. АСПЕКТИ НА ПРОБЛЕМОТ НА НЕВРАБОТЕНОСТА

Ова мое видување претставува обид да се истакнат некои актуелни прашања од проблемот на вработување на младите во Република Македонија, нивна теоретска заснованост и практична примена.

Професионалната ориентација, како општествена и стручна активност, не може да се набљудува вон контекстот на проблемите на трудот и неговите вредности битни за социјализација и поопштествување на човекот во животната и работната средина, во која исклучиво можат да се остваруваат правата, обврските и одговорностите.

Наспроти тоа, невработеноста претставува негација на вредностите на трудот и се јавува како нивна противречност. Токму на овој проблем треба да му се посвети посебно внимание.

Работата е потреба и неминовност за опстанок и развој на човекот и општеството.

Невработеноста, претставува еден од најголемите општествени проблеми. Причините за невработеноста се наоѓаат во кризата на системот, која настанува поради заостанувањето на соодносниот: пораст на акумулацијата - производството, т.е. не се реализира во доволна мера.

Меѓутоа, факт е дека невработеноста е присутна во сите земји, без оглед на постигнатиот економско-технички развој и без оглед на социјално-политичкиот систем. Невработеноста има историски, социолошки и политички атрибути и белези.

Ние сме земја во транзиција каде невработеноста е поизразена.

Феноменот невработеност, помалку или повеќе е присутен Дека со таа појава, со нејзините извори и последици, се занимаваат цели области од науката (економија, социологија, технологија, демографија, психологија и други), сам по себе зборува податокот за многубројноста и сложеноста на факторите кои ја условуваат ова појава, како и за нејзините пошироки општествени импликации.

Во планираното семејство - секој ќе си најде место во општеството.

Просторот е ограничена категорија, а популацијата на одредени етноси - менлива.

## VIII.2.1. ВИДОВИ АСПЕКТИ

### Општествени

Кога станува збор за проблемот на невработеноста, може да се констатира дека зависи од карактерот на институциите, а не дека во некој систем не постои.

### Економски

Опстанокот и развојот на општеството и на поединецот, зависат од вкупните вложени човечки способности, знаења и искуства, во прв ред за унапредување на стопанскиот развој на една земја.

Невработеноста - претставува неискористен човечки потенцијал.

Општеството, според своите можности, вложува во развојот на својот најдинамичен дел - човекот, кој станува фактор за влијание на структурата и движењето на стопанството, во смисла на неговиот развој и стабилност.

Во нашите општествени односи, трудот како меѓучовечки однос, овозможува воспоставување на основните производни односи, во кои човекот се самопотврдува.

### Психолошки

Невработеноста, одделни лица најчесто ја доживуваат како општествена неправда.

## Етички

Во пристапот за согледување на општествената улога на трудот, истакнуваме дека работата е основна потреба и настојување на човекот, услов за зачувување на човековиот идентитет, односно, основна потреба на организмот.

Ако човекот – поединец е доведен во состојба да не може да се вклучи во процесот на трудот и работата, кај него ќе настанат значителни промени во карактерот и во неговата личност во целина.

Како крајна поента - само неколку предлози, за кои постојат мислења дека позитивно ќе влијаат во процесот на изнаоѓање на решенија за наведените проблеми:

- Собранието на Република Македонија преку институциите, па се до локалната самоуправа, да води политика, да остварува услови за задржување на младиот кадар и нивно вработување. Така ќе се спречи или намали таа иселеничка река на работоспособното население.
- Да се изработат проекти, закон за здруженија на граѓани и фондации.
- Слобода на здружување на граѓани или на средства заради остварување и заштита на нивните економски, социјални, културни, спортски и други права и уверувања.
- Заводот за вработување на Република Македонија, да посредува како сервис на граѓаните.

# IX. ВОЕНОГЕОГРАВСКИ КАРАКТЕРИСТКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## >> ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ <<

Поради[1] многу поволната географска положба, просторот на Македонија бил населен уште од времето на постариот неолит за што зборуваат материјалните археолошки докази пронајдени во месноста Вршник во Штип. Ова население во Македонија живеело пред околу 4,5 илјади години и се смета за најстаро население на овој простор, за кое постојат материјални докази.

Во почетокот на металната епоха, пред околу 2000 години пр.н.е., се смета дека започнале првите населувања на Балканот на разни индоевропски племиња, меѓу кои и древните Македонци кои се населиле помеѓу реките Вардар, Бистрица, Струма и Места. Древната македонска држава по околу илјада години постоење (од 1200 година до 168 година пр.н.е.) достигнала огромен развој и експанзија. Но, таа држава-империја, после околу 200 годишно војување со Римското царство, била покорена и разделена на повеќе провинции, при што дошло повторно до големи етнички мешања на населението.

[1] текстот е преземен... Борис Никодиновски, Александар Стојмилов - "Регионална воена географија на Република Македонија" - Скопје, 1999год. (стр 163-184)

Сепак најголемите етнички промени во етничкиот мозаик на Балканот, се извршени со доселувањето на Словените, кое траело од крајот на VI век до првите две децении на VII век од н.е. Се смета дека словенските племиња продреле и до Пелопонез, мешајќи се со дотогашното население и примајќи големо влијание од неговата духовна и материјална култура[1].

Од крајот на XIV век, поточно од 1395 година, кога е укинато вазалството, по загинувањето на Крал Марко, во Македонија настапува целосно владеење на Турците се до Балканските војни во 1912-1913 година. Во овој период е вршена исламизација на голем дел од автохтоното население, но и доселување на турско, ромско и друго население од Азија, потоа еврејско од Западна Европа под прогоните на инквизицијата, а влашко и албанско население се доселувало од просторите на денешна Албанија.

Врз основа на наведените историски собитија, може да се заклучи дека во етничкото обликување на македонскиот народ, во долгата историја на овај простор, учествувале и други народи, од кои македонскиот народ задржувајќија својата национална самобитност примил и одредени етнички влијанија, како што впрочем и секој од наведените народи, примил одредени влијанија од сите други со кои бил принуден заеднички да живее на овие простори.

[1] Според некои автори во епохата на напливот на индоевропските племиња, пред околу 2000 г. пр.н.е., кога се доселиле древните Македонци, Балканот и скоро цела Европа биле поплавени од древните Венетски племиња, чиј дел биле и самите древни Македонци. Според нив, не постои доселување на Словени, туку само војнички раздвижувања и меѓуплеменски војувања, внатре во огромната венетска етничка смеса. Оваа територија не е доволно научно потврдена иако некои археолошки, а особено топонимски индикации говорат во нејзина корист.

Ваквото етничко мешање на народите на овај простор, секако, има позитивно духовно влијание кај секој народ посебно.

Националното осознавање кај секој од Балканските народи и формирањето на националните држави се вршело под влијание на редица внатрешнобалкански (регионални), но во значителна мерка и под влијание на надворешни фактори, поради што тоа се случувало во различни временски периоди.

Поради познати историски околности, кои воопшто не му биле наклонети на македонскиот народ, тој својата државност дефинитивно ја заокружи дури во 1991 година.

## IX.1. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТКИ

Основен фактор на одбраната претставува населението кое соодветно на неговите воено гeoгравски белези (бројност, демогравска структура, традиции, здравствена состојба, социо-економски белези, културно ниво, животен стандард, национална и конфесионална структура и др. ) има огромно влијание врз одбраната.

Наведените карактеристики на населението, исто така имаат влијание врз подготовката на земјата за одбрана, потоа во периодот на преод на општеството во воени услови на функционирање и понатаму врз долготрајноста и на исходот на војната.

# IX.1.1. БРОЈНО ДВИЖЕЊЕ И ПРИРОДЕН ПРИРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Бројното движење на населението во Македонија, почнувајќи од првите пишани податоци за вкупниот број жители во 1900 г. па до денес, се карактеризира со изразена динамичност-висок природен прираст, континуирана емиграција со периодични нагли иселенички бранови, депортирања, колонизации, воени жртви, непланска деаграризација, урбанизација само на градовите и други, воглавно динамични стихиски и неконтролирани процеси, што се гледа од табела бр.1.

**Бројно движење на населението и домаќинствата во Македонија**

| Година | Население | Машко | Годишен прираст | Прираст помеѓу пописите | Број на домаќинства | Густина (жители/км$^2$) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 908.904 | - | - | - | - | - |
| 1913 | 938.900 | - | 2.238 | 29.096 | - | - |
| 1921 | 808.724 | 401.468 | -16.272 | -130.176 | 146.161 | 31,5 |
| 1931 | 949.958 | 478.519 | 14.123 | 141234 | 164.052 | 36,9 |
| 1948 | 1.152.986 | 584.002 | 11.953 | 203.028 | 218.819 | 44,8 |
| 1953 | 1.304.514 | 659.861 | 30.306 | 151.528 | 246.313 | 50,7 |
| 1961 | 1.406.003 | 710.074 | 12.686 | 101.489 | 280.214 | 54,7 |
| 1971 | 1.647.308 | 834.692 | 24.130 | 241.305 | 352.034 | 64,1 |
| 1981 | 1.909.136 | 968.134 | 26.182 | 261.828 | 435.372 | 74,2 |
| 1994[1] | 1.945.932 | 974.255 | 29.344 | 88.032 | 501.963 | 76,0 |
| 2002[2] | 2.022.554 | 1.015.377 | 10.717 | 4,8% | 564.296 | 78,7 |

***табела бр.3.***

[1] Статистички годишник на РМ за 1996 г. за податоците за период 1921-1994 година
[2] Извор на сите податоци за 2002 година: Републички завод за статистика

Од податоците во табела бр.3. се гледа дека бројното движење на населението во Македонија, од почетокот на овај век до пописот во 1994 година, се карактеризира со голема динамичност и нерамномерност.

Намалување на бројноста на населението се јавува во периодот 1913-1921 година, за вкупно 136.176 лица, како резултат на Балканската и Првата светска војна и масовното иселување на турското и друго муслиманско население во Турција

Вкупното зголемување во периодот од 1900-1994 година изнесува само 2,13 пати, што според природниот прираст и светските искуства е недоволно. Причини за тоа има многу, а најважни се емиграциите и принудните иселувања (особено од 1900-1941 година), потоа војните (1903, 1912-1918, 1941-1945) како и политичките и економските емиграции, кои се одвивале на овај простор скоро континуирано во текот на овај век.

Во повоениот период, карактеристичен е периодот од 1953-1961 година, кога поради иселувањето на голем број Турци и Македонци муслимани од Македонија, имаме мал годишен прираст на населението. Високиот годишен прираст во периодот од 1948-1953 година се должи на доселување на Македонци протерувани од Грција во текот на граѓанската војна.

Начелно зголемувањето на бројот на населението во Македонија е резултат, првенствено на високиот природен прираст и во помала мерка, на механички прилив, кој е поизразен во периодот од 1971-1994 година, поради доселување на жители од Косово.

Ваквите показатели говорат дека, Македонија е сеуште емисионо демогравско подрачје, што е резултат пред сè на економските но и политичките нестабилни состојби, кои често биле присутни во овој простор и пошироко на Балканот.

| **Движење на наталитетот,морталитетот иприродниот прираст во Р. Македонија на 1000 жители** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
| **Наталитет** | 40,7 | 37,9 | 29,9 | 23,0 | 20,6 | 15,9 | 13,6 |
| **Морталитет** | 14,4 | 14,8 | 9,3 | 7,5 | 7,0 | 7,5 | 8,8 |
| **Природен прираст** | 26,3 | 23,2 | 20,6 | 15,4 | 13,6 | 8,4 | 4,8 |

***табела бр.4.***

Од табелата бр.4. е видливо континуирано намалување на природнииот прираст, кој од 26,3 промили во 1948 година, се намалил на 8,4 што сепак, во споредба со поголем број европски земји, сеуште прдставува висока стапка.

Друга карактеристика на природниот прираст на населението во РМ, е неговата поголема нееднаквост.

Разликите во природниот прираст се присутни, не само помеѓу селското и градското население, или помеѓу одделни општини или региони, туку најмногу како резултат на националната припадност. Така на пример, општините во кои значително учество има селското население и население со муслиманска вероисповед, покажуваат изразени надпросечни стапки на природниот прираст

(На пример: Дебар - со 19,2 промили, Гостивар, Струга и Тетово кои исто така имаат надпросечна стапка), а со најнизок наталитет се општините Ресен (2,4 промили), Битола и Кратово. Сите општини во средна и источна Македонија, освен општините[1] Куманово, Кратово и Виница имаат понизок природен прираст од 5 промили, односно, под просекот на Републиката, а општината Демир Хисар има негативен природен прираст (-2,8 промили ).

Врз основа на досегашниот тренд на намалување на природниот прираст, во наредниот период се очекува негово стабилизирање на ниво од околу 7-8 промили годишно.

Во изминатиот период, карактеристични за Република Македонија, беа високите стапки на недоволно насочувана и контролирана деаграризација и урбанизација, што остави тешки последици во просторниот распоред на населението. На една страна имаше брз пораст на големите градови, со механички прилив на селско население, а на друга страна намалување на вкупниот број на селски населби и нивно преоѓање од категориите на големи и средни во категоријата на мали села. Одделни региони останаа и без никакви населби, што од одбранбен карактер има тешки последици. Посебно треба да се забележи дека, зголемувањето на бројот на малите села (до 300 жители ) не е резултат на формирање на нови села, туку тоа е последица на демогравското празнење (напуштање) на средните и големите села.

[1] Заради континуитет, спорадливост но и сеуште недоволно обработените податоци од последниот попис за одделни области, сите статистички показатели се однесуваат на територијата на општините според старата територијална поделба.

Во табелата бр.5. е прикажано движењето на бројот на градското и селското население во Република Македонија во периодот од 1953 година до 1994 година.

**Процентуален однос меѓу градското и селското население во Република Македонија**

| Година | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|
| Градско население | 31,3 | 38,6 | 48,8 | 55,2 | 59,8 |
| Селско население | 68,7 | 61,4 | 51,2 | 44,8 | 40,2 |

***табела бр.5.***

Од табелата бр.5. видливо е перманентно намалување на селското население од 68,7% - во 1953 година на 40,2% - во 1994 година, за разлика од градското население, кое е во постојан пораст, така што, со 59,8% градско население, РМ спаѓа и се вбројува во земјите со високо ниво на урбанизираност. Од вкупно 1.945.932 жители во 1994 година, градското население броело 1.163.598 жители, а селското 782.334 жители.

Ако се споредат податоците од двата последни пописи ќе се види дека сите градови покажуваат пораст, додека селското население, во поголем број општини, покажува негативно салдо. Од вкупно 30 општини, во 16 од нив преовладува градското население. Најмногу градско население имаат општините: Штип (82,2%) и Скопје (79,6%) а најмалку Струга (27,0%) и Тетово (28,5%).

Намалувањето на бројот на селското население има многу негативно влијание врз вооружената борба и одбраната, бидејќи само селата со бројно население во воени услови, ќе можат да претставуваат мали но многубројни бази за логистичко обезбедување на единиците и за пополнување на живата сила.

## IX.1.2. ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Густината на населеноста во корелација со природните и создадените географски фактори, претставува индикатор на економската моќ на секој регион или држава, а со тоа и на одбранбената способност на регионот или државата.

Според пописот од 1994 година, населението на РМ изнесувало 1.945.932 жители, што споредено со површината од 25.713 км$^2$ претставува средна густина на населеност, на просторот од 76 жители на еден квадратен километар.

Ако се споредат податоците за останатите европски земји, Р.Македонија спаѓа во земјите со средна густина на населеност (Бугарија - 81 жител на км$^2$, Грција - 76 жители на 1 км$^2$, Австрија - 90 жители на 1 км$^2$, Албанија-110 жители на 1 км$^2$).

**Движење на средната густина на населението на РМ**

| Година | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители на 1км$^2$ | 31,5 | 36,9 | 44,8 | 50,7 | 54,7 | 64,1 | 74,2 | 76 | 78,7 |

*табела бр.6.*

Од аспект на потребите на одбраната, големо значење има територијалната (регионалната) распределеност на густината на населеноста. Таа во РМ е многу нерамномерна, што има големи негативни влијанија врз вооружената борба и одбрана. Создадени се таканаречени. демографски празни и демографски преоптеретени, односно пренаселени простори. Така на пример, најгусто населени се најплодните котлини: Скопската, Кумановската, Полошката, Струшката и Струмичката. Од нив на прво место е Скопската котлина со густина од 297,7 жители на км$^2$ потоа Долни Полог со 162, Горни Полог со 80,6 Струшката котлина со 122,8 Кумановската со 106,3 жители на 1км$^2$. Со помала густина на 100 км $^2$ се Струмичка котлина со 94,1 Дебарска со 96,5 и Кочанска со 84,2 жители на км$^2$. Сите останати делови на просторот на РМ се поретко населени од републичкиот просек.

Најретко населени се: Мариово со помалку од 10 жители на км$^2$, Порече со 13 жители на км$^2$, Малешево со 24,4, Демирхисарска област со 27, Кратовско со 28,8, Преспа со 23,6 и Овче Поле со 49 жители на 1км$^2$.

Треба исто така да се напомене, дека покрај плодноста и рамничарското земјиште, врз густината на населеноста имаат силно влијание природниот прираст и миграционите движења на населението, а особено религиозната припадност и традициите. Во просторите со претежно муслиманско население, густината на населеноста е надпросечна, без разлика дали станува збор за рамничарско или ридско-планинско земјиште. Така на пример, во општините каде преовладува такво население, густината на населеноста е поголема, а во некои просторни единици е присутна аграрната и воопшто економската пренаселеност

Ваквите состојби се во спротивност со барањата на одбранбено-заштитниот систем од повеќе причини. На прво место, во густо населените простори населените места се од збиен тип, поради што е многу висок степенот на повредливоста на физичките структури, потоа, многу поголеми би биле загубите кај населението во случај на употреба на сретства за масовно уништување и др.

Меѓутоа, ако се анализира густината на населеноста, само на земјоделското население, што од одбранбен аспект има посебно значење, се доаѓа до обратни трендови:

| **Движење на аграрната густина на населението во РМ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **1921** | **1931** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** |
| **Земјоделци на 100 ha** | 176 | 120 | 133 | 101 | 97 | 60 |
| **Процентуално намалување** | - | 31,8 | 10,8 | 24,1 | 4,0 | 38,1 |

***табела бр.7.***

Од табелата бр.7. е видливо континуирано опаѓање на аграрната густина, која од 176 земјоделци на 100ha земјоделска површина во 1921 година, се намалила на 60 земјоделци во 1981 година. Најголемо опаѓање на аграрната густина се случувало во периодите помеѓу 1921-1931 (за 31,8%), потоа во периодот 1971-1981 (за 38,1%) и во периодот 1981-94 година, кога аграрната густина опаднала за цели 58,3% во однос на претходниот период.

Во првиот период, најважни причини за оваа појава беа економската и политичката емиграција во преку океанските земји на селското население.

Во вториот период од 1971 до 1994 година, големото намалување на аграрната густина е резултат, не само на продолжувањето на економската емиграција, туку, поради засилените процеси на миграција од селата во градовите и деаграризацијата како логичен процес на модерниот начин на стопанисување.

Ако се анализира аграрната густина по региони, ќе се дојде до сознанието дека таа е најголема во претходно споменатите плодни котлини и во просторите во кои значително учествува населението од муслиманска религиозна припадност (Полог, Струшка и Кумановска Котлина), а најмала е во Пробиштипската, Штипската и Беровската општина. Генерално гледано, таа е најмала во ридско-планинските простори, а сеуште е голема во котлините, што гледано од одбранбен аспект е неповолна состојбата. Недоволната аграрна густина, па и непостоењето на селско население во одделни ридско-планински региони, би имало тешки последици во организацијата и изведувањето на борбени дејства, но и во организацијата на животот и долгорочното прстојување на единиците и зголемениот број на население, кое се очекува во војна во споменативе простори.

# IX.2. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Структурните карактеристики на населението се многу значаен индикатор, како за квантитативните но повеќе за квалитативните особености на секое население. Преку овие карактеристики се проценуваат етничките, социјалните и економските состојби кај населението, но уште поважно е откривањето на состојбите и трендовите кај виталните карактеристики. Како резултат на состојбите и тенденциите во споменатите сегменти можни се и заклучоци за одбранбените демографски потенцијали на секоја држава.

Од аспект на одбранбените потреби, како најважни структурни карактеристики се сметаат: половата структура, старосната, образовната, економската и етничката структура на населението.

## IX.2.1. ПОЛОВА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Половата структура има големо значење за вооружената борба, бидејќи во неа машкото население најмасовно учествува. Но исто така половата структура има директно влијание и врз природниот прираст, односно репродукција на населението, потоа врз економските белези и други сегменти од општествената репродукција, што индиректно влијае врз одбранбените демографски потенцијали. Во Република Македонија континуирано преовладува машкото население - што е позитивна военогеографска карактеристика.

Тоа учествувало со 50,7% во 1971 година а женското со 49,3%, при што бројот на машкото население бил поголем за 22.076 лица. Во 1994 година тој однос изнесувал 50,1% спрема 49,9% во корист на машкото население.

Ако се анализира половата структура по одделни аграрни подрачја, ќе се дојде до сознанието дека, поради поголемата стапка на емиграција и миграција кај машкото население, во овие подрачја имаме доста неповолна полова структура, поради големото преовладување на женското население. Ваквите состојби не само што имаат негативни економски ефекти во земјоделското производство, туку многу негативно се одразуваат врз мобилизацијата, пополнетоста на единиците на АРМ од резервниот состав и воопшто врз вооружената борба. Неповолната полова структура е најмногу присутна во демографски осиромашените простори, посебно во ридско-планинските предели, кои во воени услови треба да имаат функции како оперативно одбранбени зони или бастиони.

## IX.2.2. СТАРОСНА СТРУКТУРА

Старосната структура исто така има големо економско, демографско и одбранбено значење. Од старосната структура се оценува каква е репродуктивната способност на населението, односно од неа зависат виталните карактеристики, потоа односот меѓу активното и издржуваното население, регрутниот и мобилизацискиот контингент и многу други демографски белези битни за одбранбената моќ на државата.

Од друга страна пак, старосната структура зависи во голема мерка од миграционите движења, од наталитетот, морталитетот, економската и социјална структура и од просечното траење на животот.

**Учество на старосните групи во вкупниот број на население во проценти**

| старосна група | 1921 | 1931 | 1948 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 - 19 години | 48,0 | 47,9 | 48,2 | 45,9 | 43,0 | 38,4 | 33,3 |
| 20 - 59 години | 41,0 | 42,5 | 43,0 | 46,2 | 47,8 | 52,0 | 53,6 |
| 60 и повеќе години | 11,0 | 9,6 | 8,8 | 7,9 | 9,2 | 9,6 | 13,2 |

***табела бр.8.***

Од приложената табела бр.8. за учество на старосните групи во вкупното население во период од 1921-1994 година се гледа дека Македонија има сеуште поволна старосна структура, бидејќи учеството на младото и работоспособното, односно на борбено способното население, е значително во вкупниот број на население.

Учеството на младата старосна група од 0-19 години која има големо значење за долгорочните витални карактеристики, иако е во постојан тренд на намалување, сепак одржува високо ниво, кое во 1921 година изнесувало 48,0% и со постепено континуирано намалување достигнала во 1994 година, релативно сеуште високо ниво на учество од 33,2% во вкупниот број население.

За задоволување на непосредните потреби на одбраната (регрутација, мобилизација, работна обврска и др.) од најголемо значење е старосната група од 20-59 година, која во Македонија покажува континуирано зголемување од 41,0% во 1921 година, и 53,6 во 1994 година.

За населението во Македонија, е карактеристична уште една структурна особина, што учеството на населението постаро од 60 години има континуиран тренд на опаѓање до 1961 година, а потоа се зголемува и тоа од 7,9% колку што изнесувало во 1961 година до 13,2% во 1994 година, што е резултат на нашиот животен стандард во пред воениот период и погинатото машко население во периодот на втората светска војна.

Анализата на трендовите на движењата на учеството на одделни старосни групи во вкупното население, од аспект на потребите на одбраната и вооружената борба, недвосмислено покажува дека според оваа демографска карактеристика Македонија има квалитетно население, што претставува значаен одбранбен ресурс, сега и во иднина. Во квантитативен поглед тие ресурси според бројната состојба од 1994 година изгледаледаат:

Вкупен број на население со постојано место на живеење во Република Македонија изнесувало 1.945.932 лица:

- старосна група од 0-19 години броела 33,2% или 646.755 лица;
- старосна група од 20-59 години броела 53,6% или 1.042.228 лица;
- старосна група со повеќе од 60 години броела 13,2 или 256.929 лица;

Во 1994 година според резултатите од пописот, старосната група од 20-59 години учествувала со 1.042.228 лица, што за вооружената борба и одбраната претставува импозантен потенцијал. Исто така, имајќи ја во вид традицијата за учество на женското население во вооружената борба кај нас, а посебно во сите сектори на стопанството, цивилната заштита, и други форми, тогаш е сосема јасно дека Република Македонија, иако е една од малите европски земји, сепак располага со доволен демографски потенцијал за сопствена одбрана. Степенот на успешноста на одбраната, односно долготрајноста ќе зависи од опременоста како на машкото така и на женското население за вршење на сите неопходни стопански, организациски, управни, образовни и други функции, а посебно за учеството во вооружената борба од која не се исклучува никој.

## IX.2.3. ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Економската структура на населението има големо значење за одбраната, со оглед што таа има големо влијание врз репродукцијата, социјалната структура, образованието здравствената состојба и воопшто врз благосостојбата на населението во секоја земја. Исто така, од економската структура, можно е следење и на движењето на односите меѓу активното и издржуваното население, како еден од основни-те индикатори на економската способност на вкупното население.

Според активноста, населението се дели на три основни категории: активно население, лица со лични примања и издржувани лица.

Како *активен дел* се смета она население кое врши некаква дејност (занимање), заради стекнување средства за егзистенција со работен однос или самостојно, како и сите лица кои бараат работа, лица кои ја прекинале работата заради отслужување на воен рок, или заради издржување казна.

*Лица со лични примања* се оние кои имаат средства за живот од редовни примања (пензија, социјална помош итн.) или имаат примања од закуп на недвижен имот, приходи од хартии од вредност и др.

*Издржувани лица* се оние кои живеат на товар на активното население или на лицата со лични примања.

**Преглед на активното, издржуваното и населението со лични примања во РМ во % и во илјади жители**

| Категорија | 1953 | % | 1961 | % | 1971 | % | 1981 | % | 1994 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **активно** | 532 | 40,8 | 554 | 39,4 | 630 | 38,3 | 750 | 41,5 | 779 | 40,6 |
| **издржувано** | 755 | 57,9 | 828 | 58,9 | 961 | 58,3 | 958 | 53,0 | 899 | 46,8 |
| **соличнни приходи** | 18 | 1,3 | 24 | 1,7 | 56 | 3,4 | 100 | 5,5 | 242 | 12,6 |

***табела бр.9.***

Од податоците во табела бр.9. видливо е доста високото ниво на издржувано население, што претставува голема економска оптовареност за активното население и населението со лични примања.

Тоа во 1953 година изнесувало 755.000 лица или 57,9%, а во 1994 година, броело 899.000 или 46,8% од вкупното население. Во 1994 година бројот на активното население изнесувал 779.000 или 40,6%, што претставува доста неповолен однос, кој посредно има негативно одбрамбено влијание преку влошената социјална положба, а со тоа и здравствената положба, степенот на психофизичката спремност за максимални напрегања во вооружената борба и други неповолни манифестации за одбраната во целина.

Кога е во прашање економската структура на населението, за одбележување се големите квалитативни промени извршени во структурата на занимањата.

Од табела бр.10. можат да се воочат брзите процеси на деаграризацијата во периодот од 1953 година до 1991 година, со истовременото брзо зголемување на бројот на активното население во секундарните и терцијалните дејности.

**Движење на активното население по сектори во иљади и %**

| Сектори на дејност | 1953 | % | 1961 | % | 1971 | % | 1981 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **примарен** | 361 | 72,3 | 327 | 62,5 | 280 | 50,0 | 103 | 20,0 |
| **секундарен** | 75 | 15,0 | 109 | 20,8 | 163 | 29,0 | 231 | 44,0 |
| **терцијален** | 63 | 12,7 | 87 | 16,7 | 118 | 21,0 | 196 | 36,0 |

***табела бр.10.***

Ако се има во предвид големата аграрна ориентација на населението во 1953 година, кога во примарниот сектор вкупното активно население изнесувало 361.000, или 72,3% и состојбата во 1991 година, кога во тој сектор учествуваа само 20% од активното население или 103.000 лица, се доаѓа до сознание за огромниот квалитативен напредок во преструктуирањето на занимањата, кое е следено и со подигање на квалификационата структура на населението, што секако има позитивно одбранбено значење.

Во економската структура на населението важно место зазема вработеноста, која истовремено има големи влијанија врз подготовките и водењето на одбранбената војна.

**Бројно движење на вработени лица во илјади во одделни сектори**

| година | индустрија | земјоделство | шумарство | занаетчиство | градежништво | сообраќај | трговија | кому.дејност | нестопански дејности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1961 | 53 | 32 | 4 | 13 | 27 | 9 | 16 | 13 | 37 |
| 1991 | 188,2 | 35,4 | 4 | 5,7 | 42,5 | 24,1 | 47,1 | 7,9 | 86,4 |
| 1994 | 157,7 | 30,3 | 3,5 | 5,2 | 33,4 | 20,9 | 29,8 | 8,0 | 84,7 |
| 1996 | 127,6 | 21,6 | 3,7 | 3,9 | 31,6 | 20,3 | 19,6 | 8,1 | 84,1 |

***табела бр.11.***

Од табелата бр.11. се гледа општиот тренд на опаѓање на вработеноста кај сите сектори, почнувајќи од 1991 година, што е поврзано со транзиционите процеси.

Исто така, видливо е дека најголема вработеност има во индустријата 127.600 лица во 1996 година, а по неа следува градежништвото со 31.600 лица.

Карактеристичен е големиот број на лица вработени во нестопанските дејности. Овој број не го следи трендот на намалување кај стопанските дејности, задржувајќи го нивото од околу 85.000 лица, што претставува голем товар за стопанствата.

| Невработени според должината на невработеност и полот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | Време на барање работа | | | | |
| | | до 1 год | 1-2 год | 2-3 год | 3-4 год | 4 и повеќе |
| вкупно | 251,489 | 48,529 | 40,563 | 29,302 | 21,127 | 11,969 |
| мажи | 139,679 | 26,609 | 23,231 | 17,612 | 12,731 | 59,499 |
| жени | 111,811 | 21,920 | 17,335 | 11,609 | 8,396 | 52,470 |
| Структура на полот | | | | | | |
| вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |
| мажи | 55,54% | 54,83 | 57,27 | 60,10 | 60,26 | 53,14 |
| жени | 44,46% | 45,17 | 42,73 | 39,90 | 39,74 | 46,92 |
| Структура според времето на барање на работа | | | | | | |
| вкупно | % | 19,29 | 16,13 | 11,65 | 8,40 | 44,52 |
| мажи | % | 19,05 | 16,63 | 12,61 | 9,11 | 42,59 |
| жени | % | 19,60 | 15,50 | 10,38 | 7,51 | 46,92 |

***табела бр.12.***

Ако се изврши, анализа на работната сила, ќе се дојде до неповолни сознанија, кои зборуваат за високиот степен на не ангажираност на големите ресурси од работната сила, која поради транзиционите процеси понатаму не е продуктивно ангажирана.

Така на пример од табелата бр.12. видливо е дека во април 1996 година, вкупниот број на невработени лица изнесувал 251.489 или 12,92% од вкупното население, што во однос со поразвиените земји со пазарни економии претставува многу висока стапка.

Уште повеќе загрижуваат податоците кои зборуваат за времетраењето на невработеноста, според која 44,52% или 111,969 лица бараат работа подолго од 4 години. Тоа зборува за бавните процеси на преструктуирање и оживување на нашата економија, што секако има неповолни рефлексии и врз одбраната во целина. Во однос на половата структура на невработените лица, се гледа дека е поголем бројот на мажите, како во вкупниот број на невработени, но уште повеќе во однос на барање работа.

Ова говори за високото ниво на економска еманципираност на женското работоспособно население, што од своја страна има поволно влијание врз можностите за помасовно вклучување на женското население во извршувањето на широк дијапазон на обврски и од одбранбената сфера.

Неповолните состојби во врска со неможноста за продуктивно ангажирање на целокупното работоспособно население, имаат повеќекратно негативни ефекти врз одбранбената способност на државата. Од една страна - голем дел од работната сила не учествува во создавање на националниот доход.

Од друга страна - се поттикнуваат процесите на привремено и трајно иселување, што директно се одразува на мобилизацискиот и регрутниот контингент. Следејќи ги искуствата од меѓународната организација на трудот, согласно меѓународните стандарди, а заради добивање релевантни информации за економскиот статус на населението, Републичкиот Завод за статистика изработува анкета за работна сила, која за прв пат беше спроведена во април 1996 год., на примерок од 7.500 домаќинства, што претставува опфат од 1,5% од вкупниот број.

Според меѓународните стандарди, работата преставува основен критериум за поделба на населението и тоа во следните групи:

- ***вработените лица*** - претставуваат, од економски аспект, основна статусна група;
- ***невработените лица*** - втора статусна група;
- ***економски неактивни лица*** - како трета статусна група.

Како ***вработени*** се сметаат сите лица постари од 15 години, кои работат за плата најмалку еден час дневно, или оние кои помагаат без плата на семејниот имот или семејното претпријатие.

Според економскиот статус, вработените се делат на:

- ***работодавци*** - лица кои управуваат со сопствено претпријатие, кои работат во сопствен дуќан, сопственици на земјоделски имоти и вработуваат друго лице;
- ***вработени за сопствена сметка*** - сите лица кои имаат сопствена дејност, но не вработуваат други лица;
- ***неплатени семејни работници*** - кои без плата помагаат во семејниот бизнис.

Како ***невработени***, се сметаат оние кои во извештајната недела бараат работа и кои биле подготвени веднаш да ја започнат доколку ја најдат.

Во табелата бр.13. е даден преглед на податоците за работното ангажирање на населениоето во Република Македонија.

| Вработени - според економскиот статус | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Вработени | | Работодавци | | Вработени за сопствена сметка | | Неплатени семејни работници | |
| | број | % | број | % | број | % | број | % |
| **537.591** | 424.124 | 79,8 | 15.695 | 2,9 | 60.291 | 11,2 | 37.482 | 7,0 |
| **мажи** | 340.579 | 63,4 | 12.537 | 79,9 | 48.569 | 80,6 | 15.478 | 41,3 |
| **жени** | 197.013 | 36,6 | 3.158 | 20,1 | 11.723 | 19,4 | 22.004 | 58,7 |

***Табела бр.13.***

## IX.2.4. ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА

Образовната структура на населението има непосредно и посредно влијание врз одбраната. Непосредното влијание, се изразува преку неспоредливо поголемите можности, знаења и умешности, кои ги има образованиот човек, како во совладувањето на обуката и ракувањето со современите борбени средства, така и врз организацијата и резлизацијата на самите борбени дејства, во раководењето и командувањето и др.

Посредното влијание на образованието, врз вооружената борба и борбените дејства, но и врз одбраната во целина, се изразува преку побрзиот економски, социјален и општ развој на државата, врз кој влијанието на науката и образованието е комплексно и незаменливо.

Неписменоста, иако е сведена на минимум, сепак кај старосната група преку 60 години - изнесува 30%, но е присутна и кај младото женско население, претежно од ромската и албанската националност, што треба во потполност да биде елиминирана во наредниот период.

Во Република Македонија, во 1994 година имало:

- 1.045 основни училишта со 260.197 ученици;
- 89 средни училишта цо 74.803 ученици;
- 5 виши школи и 27 факултети со 28.073 студенти

или вкупно, 363.073 лица - ученици и студенти, што претставува 18,65% од вкупното население. Според овој податок, Република Македонија спаѓа во земјите со висок просек на студенти и ученици во рамките на просекот од земјите во Европа. Ваквата состојба многу позитивно се одразува (сега и во иднина) врз побрзиот економски развој, а преку него и врз одбраната.

## IX.2.5. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА

Во Република Македонија, покрај македонскиот народ, живееат и голем број на национални малцинства и етнички групи.

Просторот на Р.М. како меѓународен крстопат, историско и воено стратиште, со своите природно-географски услови, секогаш за други народи, претставувал цел за доселување или воено освојување.

Исто така, близината на источната и западната цивилизација, во минатото условиле мешање на народите - било од економски било од политички или воени причини. Сето тоа резултирало со создавање на богат етнички мозаик.

Според податоците од 1994 година, во нашата држава живеат 22 националности и 4 етнички заедници.

Од вкупно 1.945.932 жители, според нивното лично изјаснување, добиени се следните податоци:

- како ***Македонци*** се изјасниле 1.295.964 лица, или 66,6% од вкупното население;
- ***Албанци*** - 441.104 лица, или 22,7% од вкупното население;
- ***Турци*** - 78.019 лица, или 4,0% од вкупното население;
- ***Срби*** - 40.228 лица, или 2,1% од вкупното население;
- ***останати*** - 36.424 лица, или 1,9% од вкупното население.

Од етничките групи, најбројни се:

- ***Ромите*** со 43.707 лица, или 2,2% од вкупното население
- ***Власите*** со 8.601 лица, или 0,4% од вкупното население.

Просторната распределеност на Македонците[1] е нерамномерна, бидејќи нивното учество во бројот на жители во Западна Македонија постојано опаѓа. Тие се: најзастапени во Пробиштип со 98,7% од вкупното население, а најмалку се застапени во Гостивар со 18,2%.

- Во 13 општини учеството на Македонците е поголемо од 90% од вкупното население;
- во 7 општини тоа е повеќе од 80% од вкупното население;
- во 4 општини повеќе од 50% од вкупното население;
- во 6 општини тоа е помалку од 50% од вкупното население (Гостивар 18,2%, Дебар 20,6%, Струга 45,3%, Тетово 20,5%, Кичево 39,26 и Чаир 46,25%).

Интересно е да се забележи дека голем дел од Македонците живеат надвор од својата држава. Најбројни се во соседните земји:

- Во Грција 350.000 жители;
- во Бугарија повеќе од 250.000 (до 2.000.000 според некои неофицијални проценки);
- во Србија и Црна Гора околу 50.000 и уште околу 30.000 во областа Гора кои не се признати официјално како Македонци;
- во Албанија околу 150.000.
- Голем број на македонско население живее во Австралија, САД, Канада, потоа во сите европски земји, така што вкупниот број ја надминува бројката од 3.000.000 лица кои живеат надвор од својата матична држава.

[1] Извор на податоците кои се наведени: Републички Завод за Статистика (РЗС) - Статистички годишници од пописот на населението во Република Македонија во 1961, 1991,1994 година, - Скопје

Меѓу националните малцинства најбројни се Албанците:

- од 88.000 лица, или 6,69% од вкупното население - во 1900 год.,
- се зголемува на 183.000 лица или 13,9% од вкупното население во 1961 година,
- за во 1994 година да достигне 441.104 лица, или 22,7% од вкупното население.

Албанското малцинство континуирано бележи брз пораст поради механичкиот прилив, но и поради високите стапки на наталитет. Така на пример од 1961година до 1991 година, вкупниот број се зголемил за 258.987 лица, или по 8.633 лица годишно.

Албанците во Македонија освен во општините Виница, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Крушево и Пробиштип, живеат во сите останати општини, со следната разместеност на населението:

- во 3 општини (Берово, Делчево и Струмица) помалку од 10 лица;
- во 7 општини тој број е помал од 100 лица (Македонски Брод, Валандово, Гевгелија, Неготино, Радовиш, Свети Николе и Штип).
- Албанското малцинство е најбројно во општините:
    - Тетово 59,3% од вкупното население,
    - Гостивар 55,1% од вкупното население,
    - Дебар 62,2% од вкупното население,
    - Кичево 26,1% од вкупното население,
    - Куманово 24,9% од вкупното население и
    - Скопје-Чаир 28,9% од вкупното население.

Населувањето на Албанците во Македонија започнало кон крајот на XVIII век, а најбрзо темпо добива во втората половина на XX век со доселување - претежно од Косово.

# IX.3. ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Самостојните агломерации во кои живее одреден број население претставуваат населби, а просторната разместеност на населението зависи од видот, големината и просторната разместеност на населбите.

Според видот, населбите се делат на ***селски*** и ***градски населби***. Според податоците од пописот од 1994 година, во Република Македонија вкупно има 1.753 населени места, од кои градски се 29, а селски 1.724 населби, од кои во 121 село не живее население - односно во Македонија има 1.603 села со население. Просечно, на секоја општина доаѓаат по 14 селски населби, ако се има во предвид новата територијална поделба според која во Република Македонија има вкупно 123 општини. Најмалку села има во општината Вевчани 1 село, а најмногу во општините Ресен и Штип - по 44 села.

Ако се има во предвид големината на просторот и бројот на населбите, тогаш нашата земја спаѓа во групата земји со ретка мрежа на населби, бидејќи на 100 км$^2$ површина, има просечно по 6,54 населби.

Според пописот од 1994 година:

- во градовите на Република Македонија живееле 1.163.598 жители или 59,8% од вкупното население, а
- во селата 782.334 жители или 40,2% од вкупното население.

# IX.3.1. ГРАДСКИ НАСЕЛБИ

Од фукционален, популациски и физиономско-морфолошки аспект, во Република Македонија можеме да дефинираме вкупно 29 населби како градски населби. Тие, според бројот на жителите се делат на:

- ***големи градови*** - со повеќе од 50.000 жители (Скопје - 444.299 жители, Битола 77.464 жители, Прилеп 68.148 жители, Куманово 71.853 жители и Тетово 50.344 жители),
- ***средни градови*** - со 10.000 - 50.000 жители (18 градови) и
- ***мали градови*** - со помалку од 10.000 жители (Берово, Ресен, Кратово, Крушево, Валандово и Пехчево - вкупно 6 градови).

Според релјефната разместеност на градовите на територијата на Република Македонија:

- Најголем број од нашите градови - поточно 21 град се сместени во котлини,
- 5 градски населби се сместени на ридско-долински релјеф (Штип, Велес, Пробиштип, Кратово и Крива Паланка),
- еден град (Крушево) е сместен на ридско-планонски релјеф,
- а 2 града (Струга и Охрид), се сметаат како крајезерски градови.

Во некои котлини се наоѓаат по две градски населби:

- Тетово и Гостивар во Полог;
- Битола и Прилеп во Пелагонија;
- Струмица и Радовиш во Струмичко-радовишката Котлина;
- Гевгелија и Валандово во Гевгелиско-валандовската Котлина;
- Берово и Пехчево во Малешево;
- Кавадарци и Неготино во Тиквешката Котлина.

По една градска населба се наоѓа во следните котлини

- Скопје во Скопската Котлина;
- Свети Николе во Овче Поле;
- Куманово во Кумановската Котлина;
- Делчево во Пијанец;
- Кичево во Кичевската Котлина;
- Дебар во Дебарската Котлина;
- и Ресен во Преспанската Котлина.

Просечно, во Република Македонија доаѓаат по 942 км$^2$, од вкупната територија на државата, на просторот на една градска населба.

Според своите функции, некои градови се развиле како административни, културни, универзитетски и центри за други функции.

Некои од нив имаат функции на гравитациски регионални центри (Битола, Куманово, Велес, Штип, Тетово, Прилеп и Охрид), кои вршат пошироко влијание во својата околина.

Во главниот град на Република Македонија, според пописот од 1994 година, живеат 444.299 лица, што изнесува 22,89% од вкупното население. Ваквата демографска концентарција е многу неповолна воено-географска појава. Ако се имаат во предвид и степенот на концентрација на сите останати функции во градот: 45% од општествениот производ, при што:

- во индустријата Скопје учествува со 36%,
- во секторот на трговија со 68,4%,
- во угостителството и туризмот со 45,6%,
- во секторот на финансии со 76,8% и друго.

Според овие податоци, Скопје претставува рентабилна стратегиска цел за секој агресор.

Поради намалување на последиците од ваквата неповолна состојба, неопходна е изработка на нови и ажурирање на постојните планови за планска мирновременска дисперзија и принудна дисперзија во воени услови на одделни функции и население во помалку загрозените подрачја. Посебно е потребно да се врши планска мирновременска дисперзија на што поголем број функции од градот Скопје, преку инвестиционата и вкупната развојна стратегија.

Сличен приод треба да се применува и при планирањето на развојот на останатите поголеми градови, како што се Битола, Прилеп, Велес, Тетово и Куманово, со што благовремено би се ограничиле демографско-економските концентрации и во овие градови, во кои состојбата од воен аспект е исто така доста неповолна.

## IX.3.2. СЕЛСКИ НАСЕЛБИ

Селата во Република Македонија се најстарите населби кои минувале низ повеќе развојни фази, постојано менувајќи голем дел од функционално-физиономските карактеристики.

Според пописот од 1994 година во Република Македонија постоеле 1.603 села. Нивниот број во минатото бил многу поголем, каков што бил и бројот на селското население.

Процесите на деаграризација на селата и урбанизација на градовите, кои беа силно изразени и неконтролирани во минатиот период, придружени со постојани економски емиграции надвор од Република Македонија, доведоа до денешнава неповолна состојба на нашите села. Покрај намалувањето на нивниот вкупен број, намален е и бројот на жителите (големината) на селата, а голем број од нив се раселени со потполно напуштени имоти. Исто така, извршено е и големо просторно прегрупирање на селата со истовремено намалување на бројот и големината на планинските и ридските села и нивно групирање во рамничарските простори. Сите овие процеси се во спротивност со потребите на одбраната и имаат негативно влијание врз вооружената борба.

Според топографската положба, во Република Македонија можат да се издвојат <u>три видови села</u> и тоа:

- ***рамничарски села***
- ***ридски села***
- ***планински села***.

| Топографска разместеност на селата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупен број на села** | **Број на рамничарски села** | **%** | **Број на ридски села** | **%** | **Број на планински села** | **%** |
| **1961** | 1.705 | 824 | 48,3 | 563 | 33,0 | 318 | 18,6 |
| **1971** | 1.668 | 814 | 48,8 | 553 | 33,1 | 301 | 18,0 |
| **1981** | 1.640 | 804 | 49,0 | 541 | 32,9 | 295 | 17,9 |
| **1991** | 1.615 | 801 | 49,6 | 532 | 32,9 | 282 | 17,4 |

***табела бр.14.***

- Според табелата бр.14. бројот на рамничарските села во 1991 година изнесувал 801 - или 49,6% од вкупниот број. Во нив живееле најголемиот дел од селското население, а тие најгусто се лоцирани во поголемите котлини.
- Ридските села - според бројноста изнесуваат 32,9% од вкупниот број и тие се разместени во сите подрачја на Република Македонија, со тоа што:
    - 260 села или 49% се наоѓаат во Западна Македонија,
    - во Повардариeто има 143 села или 27%,
    - а најмалку ги има во Источна Македонија - само 128 ридски села или 24%.
- Планинските села - во Република Македонија ги има вкупно 292, или 17,4% од сите села. Нивниот број постојано опаѓа, така што од 1961 до 1991 година тој се намалил за 36 села или за 11,3%.

- Најмногу планински села се наоѓаат во Западна Македонија - 144 села, или 51% од вкупниот број на села;
- потоа во Источна Македонија 87 села или 31% од вкупниот број на села;
- а најмалку ги има во Повардарието, само 51 село или 18% од вкупниот број на села.

Според бројот на жителите, селата во Република Македонија ги делиме на ***мали***, ***средни*** и ***големи села***.

Во групата **мали села** спаѓаат **<u>селата чиј број на жители се движи од 1 до 300</u>**. Овие села во Република Македонија ги има 1.033 или 64% од сите села, според пописот од 1991 година. Меѓутоа големиот број на малите села не се должи на формирање на нови села, туку поради намалувањето на бројот на жителите во големите и средните села, кои постепено преминуваат во категоријата на мали села. Тоа го потврдуваат и податоците за вкупниот број на жители во 1991 година, кога од вкупно 852.070 жители колку што живееле во сите села, во малите села живееле 136.331 жител или само 16% од селското население.

Ваквите состојби се во голема спротивност со барањата на одбраната, бидејќи малите села не располагаат со потребните ресурси на жива сила, храна и други материјални добра - неопходни за локално пополнување на единиците, или пак за извршување на логистички функции на вооружената борба. Посебно е критична состојбата со селското население во ридските и планинските простори, каде огромни подрачја немаат ниту по едно село.

Во групата на **средни села** припаѓаат оние **<u>села чиј број на жители изнесува од 301 до 800 жители</u>**. Во Република Македонија има вкупно 340 вакви села, или 21% од сите села, а во нив во 1991 година живееле 221.538 жители, или 26% од селското население. Најголем број средни села има во просторот на бившите општини: Битола, Струга, Тетово, Прилеп, Охрид, Велес, Кочани и Радовиш.

Во групата на **големи села** ги вбројуваме **<u>селата со повеќе од 801 жител</u>**, а нив во Република Македонија ги има 242, или 15% од сите села. Бројот на жителите од големите села изнесува 494.201 жител, или 58% од селското население во Република Македонија.

Најмногу големи села има во бившите општини Тетово, Струга, Битола, Прилеп, Скопје, Куманово, Струмица и Гевгелија. Просечниот број на житрели изнесува 2.040 жители по едно село.

Од податоците е видлива големата концентарција на селското население во големите села, а во значително побројните мали села, чии атари зафаќаат најголем дел од аграрниот простор, бројот на жителите е недоволен. Оттука произлегува и заклучокот, дека и селското население во Република Македонија е доста нерамномерно распределено во просторот.

Според функциите, најголем број села (46%) претставуваат класични селски населби со аграрна функција, каде доминираат земјоделските површини - односно тоа се претежно рамничарските села. Во полјоделско-сточарската функционална гупа има околу 20% села - ридски и делумно планински села[1].

[1] Поопширно: А. Стојмилов - "Географија на Македонија" - Скопје, 1994 година

Со мешовита функција има околу 34% од вкупниот број села и неколку крајезерски села - со специфични туристичко-рибарски функции.

Според распоредот на куќите постојат села од ***разбиен*** и села од ***збиен тип***.

Селата од **разбиен тип** или раштркани села, најмногу ги има во Осоговијата, потоа по планините во Западна Македонија. Тие се состојат од повеќе маала, во кои може да има од 1 до 40 куќи со прилично големи растојанија меѓу маалата, така што должината на едно село се движи и до 10 км.

Во последниве децении отпочнати се процеси на урбанизација и на голем број села, поради тоа, тие побрзо се развиваат менувајќи ја физиономијата, со истовремено прифаќање на различни неаграрани функции - што ќе има големо и позитивно значење за понатамошниот развој на селата.

Со просторниот план на Република Македонија, предвидени се поголем број таканаречени рурални центри, кои имаат услови да прераснат во пофункционални населби, во кои околните села ќе можат да обезбедуваат најголем број од своите секојдневни потреби. со тоа ќе се намалува и демографскиот прилив во градовите и празнењето на селата, посебно на оние од ридските и планинските региони во Република Македонија.

# IX.3.3. РЕГИОНАЛЕН РАСПОРЕД НА НАСЕЛЕНИЕТО

Порастот на населението во Република Македонија, според податоците од пописите, покажува голема регионална нерамномерност. Најголем прираст имаат општините во Западна Македонија во кои значително е застапено албанско население и македонско со муслиманска вероисповед. Овие општини имаат низок степен на урбанизираност, односно поголем дел од населението живее во селата, што од своја страна позитивно влијае врз наталитетот.

Од друга страна, останатите општини, посебно оние во Источна и Југозападна Македонија, покажуваа многу ниски стапки на прираст, а во бившите општини дијагонално подредени од крајниот југозапад до крајниот североисток присутни се стагнантни и негативни стапки на прираст - што има крајно негативни влијанија, како врз одбранбената способност, така и врз вкупните развојни перспективи на тој простор.

Дефинирањето на логистичките бази е извршено врз основа на густината на населеност, на вкупниот прираст на населението по општини, според процентуалното учество на селското население во вкупното население, според густината на населеноста и процентуалното учество на селското население кое живее во селата што растат (општини со повеќе од 60% селско население што живее во селата кои растат) и други параметри.

Ваквите негативни состојби во идниот развој мора да се менуваат во согласност со потребите на одбраната, за што надлежните органи и институции треба да поставуваат и соодветни критериуми и барања во процесите на сите видови планирање на развојот, а посебно во процесите на просторното и буџетското планирање.

Инаку, според вкупниот број на жители и според староснатa структура, Република Македонија располага со доволен број, односно респективен контингент на младо работоспособно и военоспособно население, што претставува доволна гаранција за нејзина успешна одбрана.

Постојат неповолни структурни показатели во одделни домени, посебно кога е во прашање движењето на природниот прираст кај населението, анализирано според етничката и социјалната припадност.

Присутна е голема нерамномерност во просторниот распоред, како на селското, така и на градското население, а со тоа и на вкупното население во Република Македонија.

Селското население претежно е распоредено во селата и во котлините, а градското најмногу во Скопје и во неколку поголеми градови - што е во спротивност со потребите на одбраната за дисперзен распоред на населението во просторот. Во голем број на села, поради миграциите, се намалува бројот на жителите, а исто така голем број на села се потполно раселени, што не се согласува со нашата определба - секое село да претставува мала логистичка станица во просторот. Најголем број од селското население живее во села што стагнираат или во села кај кои се намалува бројот на жителите.

Нерамномерниот просторен распоред на населението продолжува и понатаму, бидејќи од вкупно 30 општини (Скопје го сметаме како една општина), 20 општини се емиграциони, а 10 се имиграциони. Тоа значи дека и понатаму се врши концентрација на населението[1].

Како логистички бази, односно реони во доменот на населението, можат да се третираат општините: Струга, Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово, Скопје, Штип, Длечево, Струмица, Валандово и Гевгелија.

Дефинирањето на логистичките бази е извршено врз основа на вкупниот прираст на населението по општини, според процентуалното учество на селското население во вкупното население, според густината на населеноста и процентуалното учество на селското население кое живее во селата што растат (општини со преку 60% селско население што живее во селата што растат).

Големата нерамномерност на просторниот распоред на населението го нарушува територијалниот принцип на мобилизација. Поради олеснување на алокалниот принцип се вршат вакви воено-географски проценки.

Главните демографски ресурси на Република Македонија се распоредени најмногу во северозападните простори, а нешто помалку во крајниот југоисток од државата.

[1] Општините се според старата територијална поделба

Помеѓу овие два региони, дијагонално гледано - почнувајќи од североисток, преку централниот дел, до крајниот југозапад - се простира коридор со широчина од 59 до 60 километри кој опфаќа околу 50% од просторот на Република Македонија и кој, со исклучок на општина Штип, не само што е сиромашен со населени места, туку има и други негативни влијанија врз одбранбената моќ на државата, манифестирани во примарниот, секундарниот и терцијарниот сектор на дејности. Ако се има во предвид и фактот дека се работи за централниот простор, кој има посебно значење за одбраната, бидејќи во него се разместени или се потпираат природните одбранбени бастиони, последиците од утврдените демографски состојби и трендови, добиваат уште поголемо негативно влијание врз одбраната и вооружената борба.

Има вкупно 8 општини кои покажуваат намалување на вкупниот број на население, според пописот од 1991 година во Република Македонија. Тие се распоредени во дијагонала од североисток до крајниот југозапад преку централниот простор. Според старата територијална поделба тоа се општините: Ресен, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод, Прилеп, Велес, Свети Николе, Крива Планка и Берово.

Во овие општини, густината на населеноста е доста мала и се движи:

- 13 жители/км$^2$ во Македонски Брод;
- 28 жители/км$^2$ во Демир Хисар;
- 35 жители/км$^2$ во Крива Паланка;
- 30 жители/км$^2$ во Кратово;
- 25 жители/км$^2$ во Берово итн.

Доколку се има во предвид и фактот дека во нивните атари постојат демографско испразнети простори (Мариово, Порече и други), тогаш состојбите со нерамномерниот просторен распоред на населението претставуваат премногу сериозен проблем за Република Македонија.

Ваквите состојби имаат исклучително негативно влијание врз мобилизацијата и понатамошното водење на вооружената борба и одбраната во целина.

Од друга страна, имаме трендови на поголема концентрација на населението во одделни котлини и поголемите градови. Од сите котлини најголема концентрација на население е извршено во Полошката Котлина, каде населбите имаат тренд на меѓусебно спојување во една единствена урбано-економска целина. Кога е во прашање градското население, тоа е сконцентрирано во општинските центри и во Скопје. Така на пример во скопските општини е сконцентрирано 27,9% од вкупното население со густина од 297 жители/км$^2$, што од одбранбен аспект е доста неповолна состојба.

Поради демографска концентрација се присутни неповолни состојби и тенденции и во други региони и општини, како што се:

- Тетово со густина од 161,8 жители/км$^2$;
- Струга со 122,8 жители/км$^2$;
- Куманово со 106,3 жители/км$^2$ и други општини.

Спротивно на овие состојби, во голем број општини и одделни подрачја присутни се состојби и тенденции на демографско празнење на просторот, што има крајно негативни одбранбени последици.

# IX.4. НЕОФИЦИЈАЛНИ ПОДАТОЦИ ОД ПОПИСОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2002 ГОДИНА

"Во Република Македонија живеат 2.022.547 лица. За 8 години вкупното население е зголемено за 76.615 жители. Најголема концентрација на населението има во главниот град Скопје, во кој се изброени 467.257 жители или 23,1%, што претставува речиси четвртина од вкупното население. Во државава живеат 1.297.981 Македонци, или тоа е 64,18% од вкупниот број на жители, а бројот на Албанците е 509.083,односно 25,17% од вкупниот број на жители. Ова значи дека за периодот од последниот попис во 1994 година, бројот на Македонците е поголем само за 2.017 лица, додека бројот на Албанците е рапидно зголемен за 67.979 лица. Ова се дефинитивните податоци од пописот во 2002 година соопштени на свечената промоција.

Покрај податоците за бројот на населението и неговата етничка и старосна структура, објавени се податоци за бројот на домаќинствата и становите, а во јуни 2004 година е крајниот рок, до кога сукцесивно ќе се објавуваат другите 12 публикации со пописни податоци. Бројот на домаќинствата изнесува 564.296, а бројот на становите е 698.143. Просечното домаќинство во Република Македонија брои 3,6 члена. Овој податок е изведен врз основа на бројот на членовите во најголемото и најмалото домаќинство. Така, во општина Цепчиште живеат 6 члена во едно домаќинство, за разлика од Конопиште, каде се евидентирани само 2 члена[1]."

[1] податоците се објавени во Утрински весник (вторник, 2 декември 2003 година - година 5, број 1337)

# X. ДОЛГОРОЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА МИГРАЦИИТЕ

Една[1] од основните карактеристики на повоениот развој на населението во Р.М. е неговата мошне интензивна територијална подвижност. Ако во 1948г. само 11,9% лица од вкупното население биле со променето место на живеење, во 1944г. такви биле над 40%. Големите миграции на населението беа условени пред се од економскиот развој, но влијание имаа и други фактори (социјални, политички...).

*Миграционите движења најмногу ги формираше селското население.* Од 1948г. до 1994г. тоа имаше негативно миграционо салдо од 645.000 лица, што е 72% од неговата бројна состојба во почетната година. Селата постојано губеа дел од своето население, кое најмногу се досели во градовите, но имаше и голема емиграција во странство.

*Градовите остваруваа стално позитивно салдо на миграцијата* - вкупно околу 340 илјади лица во истиот временски период. Тоа се зголемувало до 1971 година а потоа се смалуваше поради отежнатите услови за вработување и живеење во градовите.

Реално е да се очекува дека трајната миграција од селата во градовите и странство ќе продолжи, но и дека ќе се смаува нејзиното темпо со развојот на руралните подрачја и постојниот развој.

Притоа, миграцијата *од едни во други населби на иста општина* стана најмасовен вид на просторно преселување; во вкупниот број доселени лица локалните мигранти учествуваа со 44,4% - 1981год.

[1] Извор (за содржините од стр.149 до стр.172): Национална стратегија за економски развој на Р.Македонија - Скопје, 1997 година

*Преселувањата на подолги релации* - од едни во други општини, се сведоа на 41%. Најголемо било иселувањето од стопански најмалку развиените општини, поради што е потребен нивни побрз развој, за да не продолжи да се намалува и така малубројното нивно население.

*Бројот на лицата кои работеле надвор од местата на постојано живеење* (102 илјади во 1991 година) преставува 1/5 од вкупно вработените. од нив *најголем дел се дневни и неделни мигранти*- околу 82%. Имајќи ги во преглед повеќекратните корисни последици на дневната (заедно со неделната) миграција на работната сила, меѓу кои е и намалувањето на трајната миграција, развојната политика ќе треба да посвети специјално внимание.

Република Македонија имаше *негативно миграционо салдо во однос на други земји од 128 илјади лица* во последниот меѓупописен период (1981-1994), што преставува 6,2% од вкупното население. Тоа претставува висок процент на човечки капитал кој работи и живее во странство, со растечко учество на квалификувани и високообразовани кадри. Притоа, порастот на семејната миграција, повеќегодишното пролонгирање на престојот во странство, и тоа што речиси половина од сите емигранти се во далечни земји (Австралија, Канада, САД и др.) упатува на заклучок дека современата економска емиграција во најголем дел стана трајна емиграција. Иселувањето на населението од Републиката ќе продолжи и во иднина, но нормално е да се очекува дека во услови на забрзан економски развој бројот на емигрантите маркантно ќе се намали.

Што се однесува до имигрантите во Републиката, најголемиот дел од нив се со ниски школски и стручни квалификации.

# X.1. ПОТРЕБАТА ОД АКТИВНА МИГРАЦИОНА ПОЛИТИКА

Претходно изложеното недвосмислено упатува на потребата за активна миграциона политика во Република Македонија, која би влијаела за намалување на неповолните последици од миграциите и за остварување максимално позитивни ефекти од нив во целокупниот развоен процес.

*Основните цели на миграционата политика во Републиката*, како дел на целокупната популациона политика би требало да бидат:

1. отстранување на причините за стихијни емиграции од селата;
2. менување на миграционите текови заради подобро користење на човечките, природните и материјалнте ресурси во просторот;
3. поголем степен на усогласеност на миграциите со потребите на развојот;
4. стимулирање на дневната миграција на населението и работната сила;
5. организирана привремена економска миграција во странство;
6. стимулирање на враќањето на мигранти од странство и на продуктивното ангажирање на нивните девизни дознаки;
7. примена на селективна имиграциона политика.

# X.2. МОЖНИ НАСОКИ НА ПОЛИТИКАТА ВО ВРСКА СО МИГРАЦИИТЕ

*Развој на руралната средина.* Стихијното иселување од селата причини големо популациско празнење на руралните подрачја. Заради тоа неопходни се напори на општествената заедница за *отстранување на причините на масовното иселување од селата и ревитализација на руралната средина.* Долгорочната развојна политика на Р.Македонија треба да биде насочена кон создавање поволни предуслови за "*интегриран развој*" на руралната средина. Основните компоненти на програмите за развој на руралните подрачја би биле:

1. економски развој врз првенствено користење на расположливите ресурси со трудоинтензивни активности;
2. создавање на рурални центри кои би го привлекле локалното население за работа, овозможувајќи лесна дневна миграција на работната сила;
3. развој на инфраструктурата и условите за живот;
4. поволни кредити, царински и даночни олеснувања и сл. за нови и проширување на постојните производни капацитети;
5. продуктивно користење на девизните дознаки, како и знаењата ни искуствата на повратниците.

*Развој на градовите и доселувањето во нив.* Трајните миграции доведоа до поголема концентрација на населението во поголемите градови и најмногу во Скопје, што не е рационално како од економски, така и од други аспекти. Учеството на населението во малите градови до 20.000 жители во вкупното гратско население на Републиката се смали од 46,9% во 1948 година на 13,7% во 1994 година.

Заради подобро користење на расположливите можности на целокупниот простор на Република Македонија развојната политика треба да настојува *малите градови економски да зајакнат и станат посилни образовни, медицински и културни центри*, дотолку повеќе што нивните рурални подрачја се веќе доста исцрпени. За оваа цел и миграционата политика треба да влијае за менување на тековите на трајната миграција и поголема застапеност на локалните дневни миграции. Во таа насока се налага и потребата за *планирање на развојот на градовите и определување на критериуми за доселување во нив*, со еднакви права на сите луѓе за доселување.

*Стимулирање на дневната миграција.* Во вкупната стратегија на развојот е потребно да се поддржува дневната миграција на населението и неговата работна сила. Мерките на развојната политика треба да бидат насочени кон *создавање на поволни услови за интензивирање на оваа миграција*, пред се, со: ширење на можностите за економска активност на населението, подобрување на сообраќајната инфраструктура и на условите за живот во местата на постојано живеење на дневните емигранти, подигање на нивното образовно ниво и стручните квалификации и др. Идниот економски развој ќе бара и стимулирање на дневната миграција на високообразовани и висококвалификувани кадри од поразвиените средини.

*Смалување на надворешната миграција.* Долгорочна цел на развојната политика треба да биде создавање на економски и социјални услови во земјата кои што би ја намалиле потребата за одење и работа во странство. Од тој аспект посебна грижа бара неорганизираната емиграција на висококвалификуваните и високообразованите кадри, кои се од основно значење за целокупниот развој.

Реализацијата на горната цел е можна *со брз економски развој*, којшто би овозможил пошироко вработување и намалување на разликите во платите и условите за живот помеѓу Републиката и земјите на имиграција. Во извесна мера, за смалување на емиграцијата би придонело организирано привремено одење во странство заради работа, промовирање на националните интереси и стимулирање на повратната миграција. Притоа, мерките на миграционата политика треба да бидат поттикнувачки, а не рестриктивни.

Со оглед на нивото на економска развиеност и степенот на невработеноста во Република Македонија не е поволен прилив на лица со ниски школски и стручни квајификации. Затоа е потребно со селективна имиграциона политика, каква имаат и развиените земји, да се влијае на оваа миграција.

*Заштита на работата и престојот во странство. Грижа за мигрантите е потребна во сите фази на миграциониот циклус.* Миграционата политика треба да има мерки со кои ќе се постигне поголема ефикасност уште при заминувањето на работа во странство, потоа активност во врска со работата и животот таму, па се до реинтеграцијата на мигрантите во земјата, како и мерки за подобро користење на девизни дознаки.

Република Македонија треба да настојува со билатерални и мултилатерални договори да обезбеди аранжмани за организирани вработувања во странсто, а за веќе вработените целокупна правна заштита на работата и живеењето на мигрантите и нивните семејства.

Од посебна важност е да се регулира враќањето на мигрантите и давање финансиска, техничка и организациона помош за нивната реинтеграција во стопанството на земјата.

*Повратна миграција.* Миграционата политика може да придонесе за враќање на дел од нашите емигранти во странство. *Поттикнувачки и комплексни мерки се неопходни за зголемување на бројот на повратниците*, особено на тие со развојни потенцијали, односно кои поседуваат поголеми финансиски срдства и се покажале во земјите на имиграција како успешни деловни луѓе или работници. Со вложување на своите средства и знаења, како и со пренесување на дел од својот бизнис, тие би дале значаен придонес во развојот на Републиката. Од поттикнувачките мерки посебно место имаат оние од областа на царините, даноците, кредитната политика за стопански инвестиции, како и ефикасното извршување на потребните административни работи.

## X.3. ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА

Човечкиот капитал, покрај физичкиот капитал и природните ресурси, е од основно значење за економскиот развој. Поставувањето на човекот во фокусот на целокупниот развој, бара тој квалитетно да се развива и рационално да се користи.

## ***Неповолните трендови во населението - бараат активна популациона политика***

*Природниот прираст на населението* во Р.М. е повисок отколку во поразвиените европски земји, иако разликата е многу намалена. Во 1995 година, на илјада жители природниот прираст стана 8,2 како резултат на 16,6 живородени деца и 8,4 умрени лица, при што умрените доенчиња на илјада новородени се сведоа на 22,5.

Опаѓањето на смртноста придонесе *очекуваното траење на животот* да достигне 70,1 години - кај мажите и 74,4 години - кај жените во 1991/92 година. Тоа сега заостанува за околу 5-6 години во однос на земјите со највисоко траење на животот.

*Нето стапката на репродукцијата* на вкупното население е 1,03. Таа е просек на две различни состојби на недоволна репродукција кај македонското и друго христијанско население и репродукција на широка основа кај албанското турското и ромското население. Со оглед на тоа во 1994 година природниот прираст на 1000 жители изнесуваше кај Македонците 3,8, кај Србите 1,2, додека кај Албанците тој беше 19,9, кај Турците 14,3 и кај Ромите 22,2. Оттаму неповолни се како појавата на недоволната репродукција на еден дел на населението, така и репродукцијата на широка основа кај друг дел од населението, поради што е потребно нивно насочување.

*Социо--економските и други структури* на населението во Републиката се недоволно развиени. Низок е степенот на економска активност на женското население (31% во 1981 година). Слична е структурата според големината на приходите на домаќинства, а не е добра ни образовната структура.

Деца до 14 години сочинуваат речиси 1/4 од вкупното население (24,8% во 1994 година), меѓутоа, постојат големи разлики во старосната структура на населението, според национална припадност и по општини.

Нивото на природниот прираст и недоволно развиените структури на населението, како и големите нивни разлики внатре во републиката, *го забавуваат економскиот и социјалниот развој.* Неопходно е општествено влијание за подобрување на состојбите и трендовите во населението.

Претходните резултати на проекцијата на заводот за статистика на Република Македонија покажуваат дека ќе продолжат *основните трендови на населението* во наредните 25 години. За периодот од 1994 година до 2019 година се предвидува дека:

1. *Ќе се зголеми вкупното население* од 1.936.900 на 2.218.700 за(14,5%) како и учеството во него на лицата од 15 до 64 години (од 66,7% на 67,4%) и на постарите луѓе (од 8,5% на 13,1%). Ќе се намали учеството на децата до 14 год. од 24,8% на 19,5%.
2. *Ќе се зголеми работноспособното население* за околу 200 илјади лица и заедно со невработените и натаму ќе се создава голема понуда на работната сила.
3. *Ќе порасне бројот на старите лица* од 163,6 илјади на 289,9 илјади (за 77,2%) што ќе бара соодветно зголемување на социјалната и здравствената заштита како и издатоците за пензии.
4. Ќе се смали бројот на децата од 7 години, *за запишување во основните училишта* за 12% и во помала мерка - за 8%, на тие за запишување *во средните училишта.*

*Основните цели на популационата политика во Република Македонија* треба да бидат: да се оствари раст на населението кое има низок наталитет и да се намалат загубите поради смртност и емиграција, да се запре опаѓањето на фертилитетот кај населението кое не постигнува проста репродукција, но исто така и да се намали порастот кај населението кое има широка репродукција. Цел на популационата политика треба да биде и натамошно смалување на смртноста, особено кај доенчињата, и продолжување на траењето на животот; подобрување на структурите и територијалната разместеност на населението; ефикасно влијание врз надворешните и внатрешните миграции и остварување на хармонична интеракција на демографскиот со економскиот развој.

***Според тоа на Републиката и е потребна комплексна, долгорочна, активна и ефикасна политика.***

Една од основните долгорочни насоки во врска со популационата политика треба да биде - поголемо користење на човечкиот капитал во економскиот развој. Тоа може да се оствари *со забрзан економски развој и зголемување на степенот на економската активност на работно способното население.* Таков развој резултира со подигање на животниот стандард и менување на сваќањата на луѓето за сопствената репродукција и др.

Поради тоа и поради недоволната економска развиеност на Република Македонија се наметнува како стратешка определбата: *долгорочниот економски развој да се остварува со првенствено користење на расположливиот човечки капитал и материјалните ресурси на земјата.*

Користењето на човечкиот капитал ќе се зголеми *ако економската политика се ориентира кон* профитабилни, пропулзивни и извозно ориентирани *трудоинтензивни гранки на стопанството* (особено во преработувачката индустрија и агроиндустрискиот комплекс), како и на *повисок степен на финализација на производите.* Потоа кон проширување на досегашните економски активности во странство, кон вклучување на наши претпријатија во производство на составни делови наменети за интегрирано производство на странски фирми и др. Од тој аспект, особено внимание бара *развојот на малите претпријатија*, кои најчесто се ориентирани кон трудоинтензивни дејности.

На тој план образованието има посебно значење со оглед на неговата основна функција да ги оспособува луѓето со знаења неопходни за креативна работа, за поуспешно извршување на економските активности и за поправилно уредување на односите во семејството и општествената заедница. Затоа, националната стратегија за човечките ресурси треба нужно да се залага за *натамошна експанзија на образованието, како и за подобрување на квалитетот на ефикасноста на образовниот процес.*

За да се задоволат потребите за работна сила со бараните квалификации *посебно внимание бара образованието на возрасните.* Тоа треба да биде насочено кон професионално оспособување, преквалификување и натамошно образување на невработените и др., со користење на различни форми на образование - формални неформални и учење низ работа („Learning by Doing").

Изнесените демографски состојби налагаат потреба во рамките на долгорочните насоки на популационата политика да се фклучат и активности за планирање на семејството. Со планирањето на семејството се настојува индивидуалниот однос спрема правото на раѓање, како едно од основните човекови права, да се доведе во склад со можностите и развојните потреби на земјата, со цел да се подобрува квалитетот на животот. За него се залагаат земји, како со широка така и со недоволна репродукција на населението. Во планирањето на семејството неопходно е *да се ангажираат сите неопходни субјекти* (Владата, Парламентот, општините, здравствените, образовните, социјалните, научноистражувачките и други организации, информативните медиуми). Исто така потребни се *законски и други прописи* кои ќе го стимулираат раѓањето до три деца во семејството, а ќе го дестимулираат раѓањето на повеќе деца.

# X.4. РАБОТНАТА СИЛА

## X.4.1. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА

Република Македонија се наоѓа во период на радикално преструктуирање на стопанството, преку воведување на пазарните институции. Овај процес е проследен со значителни дисторзии на сите пазари, вклучително и на пазарот на работна сила.

## *Интервенција на пазарот на работна сила*

Пазарите на работна сила се различни од пазарите на стоки и услуги. Цената на "објектот" кој е предмет на купување и продавање, која се постигнува на пазарот и условите за вработување, во голема мера влијаат врз квалитетот на животот на работниците и нивните семејства, често на начин кој може да изгледа неприфатлиф и во спротивност со вредносниот систем на земјата.

Државата има значајна улога на пазарот на работна сила, дури и при постоење на организации на работниците (синдикати). Таа треба да воспостави правила содржани во експлицитна правна рамка, која претставува основа за склучување на индивидуални и колективни договори. Со овие правила треба да се дефинираат правата на работниците, синдикатите и работодавачите; условите за колективно преговарање; како и системот на разрешување на евентуалните спорови.

За постигнување на определени општествени цели, државата може директно да интервенира на пазарот на работна сила. Оваа интервенција треба да се однесува на забрана на детскиот труд, (заштита на децата од експлоатација) заштита на жените и некои малцински групи(не само етнички или национални, туку и определени групи кои од различни причини се соочуваат со дискриминација); политиката на плати, т.е. доходи (inkomes policy), вклучително и утврдување на минимални наемнини; и регулација на безбедноста на работното место и утврдување на здравствени стандарди.

## *Политика на пазарот за работна сила*

Политиката на државата на пазарот за работна сила треба да се раководи од старата максима: да им се помогне на луѓето да си помогнат себеси. Помошта од страна на државата, со оглед на големите дисторзии на пазарот на работната сила во Република Македонија е од особено значење.

Активната политика на пазарот на работна сила опфаќа мерки од три вида: помош при вработувањето (информации посредување и консултации), обука (доквалификација и преквалификација), и директно отворање на работни места. Активната политика најмногу се користи за решавање на проблемот со структурната невработеност, а не на општиот колапс на побарувачката за работна сила, кој е сега присутен на македонскиот пазар на работна сила. Во вакви услови препораката е активната политика на работна сила да се користи селективно и да биде насочена кон определени групи на лица кои бараат работа, особено оние кои се подолго време без работа.

Една од мерките на државата за зголемување на вработеноста треба да биде помошта на Владата во *креирањето на работни места*. Долго повторуваните определби за развој на предприемништвото и на малите и средни пртпријатија треба да се операционализираат.

## ***Институции на пазарот на работната сила***

Слободно формираните синдикати, во современи услови, обезбедуваат рамнотежа помеѓу настојувањето на претпријатијата да бидат конкурентни на пазарот и да остваруваат профит на пазарот, од една страна и аспирациите на работниците за повисоки плати и подобри услови за работа, од друга. Оние земји кои најчесто од политички причини, го ограничуваат правото на синдикатите за организирање работа, се лишени од механизам кој им овозможува на работниците и претпријатијата под еднакви услови да преговараат за висината на платите и за условите за работа.

Основен принцип на регулацијата на државата во работните односи (односите помеѓу трудот и капиталот) треба да биде настојувањето на секоја од страните вклучена во преговарањето сама да ги сноси трошоците и последиците од своите постапки, а не да ги префрла на трети лица. На пр.: за време на штрајк, неисплатата на платите ги тера работниците, односно нивниот синдикат, да се трудат за побрзо разрешување на спорот со работодавачите, а одбивањето да се кредитираат претпријатијата додека трае штрајкот, без да се толерира доцнењето во плаќањето на даноците и други законски обврски од страна на претпријатијата, го зголемува трошокот од одолговлекувањето на спорот за менаџерите односно сопствениците на претпријатијата.

Колективното договарање во Република Македонија е пропишано со законот за работни односи, и тоа на три нивоа:

1. општ колективен договор
2. грански договори
3. договори на ниво на претпријатијата.

Во практиката постојат бројни проблеми околу субјектите на кои се однесуваат потпишаните договори (дали се тоа членовите на синдикатите или сите вработени), спроведувањето на санкциите за непридржување кон договореното и слично. Неколкугодишното искуство со колективното преговарање, во услови на изоштрена економска криза и тешка материјална и финансиска состојба кај голем број економски субјекти, како и екстремно високата стапка на невработеност во земјата, се ограничувачки фактори за побрз развој на оваа општествена свера. Како што сега стојат работите, со сите негативни придружни појави, Република Македонија има корпоративистички тип на колективно преговарање, односно централизирано преговарање помеѓу социјалните партнери (мнозинскиот синдикат, стопанската комора и Владата), по примерот на Скандинавските земји и Австрија кој е копиран и од некои поранешни социјалистички земји како на пример Полска и Унгарија. Овај вид на колективно преговарање се препорачува на мали земји и како таков е погоден за Македонија на подолг рок. Меѓутоа, на краток рок, односно во услови на преструктуирање и прилагодување на стопанството, треба да се преферира децентрализираниот систем на колективно преговарање. Ова е неопходно за надминување на наследената, во голема мера нарушена структура на платите (преку дејството на пазарот и преговарањето на микро ниво), и поради корисста од придонесот на разликите на платите, предизвикани од дејството на пазарот како еден од инструментите за преструктуирање на стопанството и поефикасна алокација на работната сила.

Една од значајните институции на пазарот на работна сила во Република Македонија е Заводот за вработување. Заводот е јавна установа со својство на правно лице, со единствена стручна служба и со подрачни единици - бироата за вработување.

Основните напори во развојот на заводот за вработување треба да бидат насочени кон изградба на ефикасна берза на трудот. Како што сега стојат работите, малкумина во оваа институција гледаат место каде што може да се добие помош во вработувањето. Заводот има стекнато имиџ на институција за евиденција на невработените лица и обезбедување на нивните права пропишани со закон. Може со сигурност да се каже дека ваквата состојба ќе потрае и во наредните неколку години (краток рок) односно додека сеуште интензивно се одвива процесот на микро економско преструктуирање, и не дојде до заживување на стопанството, а со тоа и позначително смалување на стапката на невработеност. По ова ќе се ослободат ресурси Заводот поактивно да ја извршува функцијата на посредување и помош за невработените лица побрзо да обезбедат работно место.

Автоматизацијата на Заводот и неговите подрачни единици е од круцијално значење за неговата модернизација. Воведувањето на компјутерска техника, со нејзиниот потенцијал за трансвер на големи количества на информации, дава техничка инфраструктура за интеграција на функциите на службата за вработување и нивна подобра координација. Сепак, иако користењето на информациона техника ги прави информациите и услугите при вработувањето подостапни, трба да се води сметка да не се загуби личниот контакт со клиентите.

## ***Статистички и информационен систем за пазарот на работна сила***

За нормално функционирање на пазарот на работна сила, на актерите кои учествуваат во него потребни им се бројни и навремени информации. На работодавачите потребни им се информации за висината на наемнините и работниците кои можат да се ангажираат според тие наемнини, за да ги донесат своите одлуки за вработување на нови работници и нивна квалификација на работното место. Работниците, сегашни или идни, имаат потреба од информации за наемнините и расположливите работни места, кои ќе им послужат како водич во нивното образование обука и избор на занимањето. Носителите на економската и социјалната политика ги користат информациите за состојбите и перспективите на пазарот за работна сила заради следење на перформансите на економијата и подготвување на ефикасни мерки на политиката на пазарот на работна сила.

Меѓународната организација на трудот (ILO) со конвенцијата бр. 160, донесена во 1985 година, а насловена како Конвенција за статистиката на работната сила (ILO 1992, p. 1325) ги обврзува земјите - членки кои ќе ја ратификуваат "редовно да прибираат, компилираат и публикуваат базична статистика на работната сила".

Неопходно е да се започне и со спроведување на анкетни истражувања на работната сила, во однапред утврдени интервали (месечно со упросечување на добиените резултати и нивно квартално публикување, според примерот на повеќе земји) користејќи го богатото искуство на развиените земји како и неколкугодишно искуство на најголем број земји во транзиција кои ја користат оваа методологија.

Информациите добиени од овие истражувања преставуваат непроценлив извор за економетриски проучувања на промените на структурата на работната сила, нејзина географска дистрибуција, степенот на веројатност во определен временски период да се излезе од "пулот" на невработени, структурата на заработувачките и др.

Статистиката на платите и трошоците за работна сила е исто така важен сегмент на статистичкиот и информационен систем на пазарот на работна сила.

Со цел да се обезбеди адекватен мониторинг на промените на апсолутните и релативните износи на платите на различните групи вработени, од интерес за сите социјални партнери (синдикатите, асоцијациите на работодавачите и државата) е статистиката во врска со платите да се базира врз стандардна национална класификација на работните места. Класификацијата на работните места треба да кореспондира со потребите на корисниците и консеквентно да биде изработена во соработка на овие корисници.

## X.4.2. ДОЛГОРОЧНИ НАСОКИ ВО ПОЛИТИКАТА ВО ВРСКА СО ПРЕВРАБОТЕНОСТА И НЕВРАБОТЕНОСТА

### *Агрегатна понуда на работна сила и нејзино ангажирање*

Обемот на работната сила во Република Македонија е детерминиран од компонентите на нејзиниот демогравски развој, пред се од природното и механичкото движење и од полната и старосната структура.

Меѓутоа, обемот на работната сила не зависи само од демогравските фактори туку и од економските (недемогравски) фактори (порастот на производството и прогресивноста на трудот), социјалните (образовниот систем пензиониот систем, работното законодавство и сл.) културните и уште многу други фактори. Од ова произлегува дека обемот на работната сила (вкупната понуда на работната сила) претставува мошне комплексна појава која зависи од многу демогравски и недемогравски фактори.

Во 1995 година, во однос на 1989 година невработеноста во Македонија пораснала за 44% (индекс 144). Во истиот период невработеноста растела со просечна годишна стапка на пораст од 6,27% . Динамичното темпо на пораст на невработеноста придонело и за високата стапка на невработеноста во Република Македонија. Според методологијата на Меѓународната организација на трудот (ILO) стапката на невработеноста (пресметана како однос на невработените лица и вкупната работна сила) изнесува 31,65% вклучувајќи го и земјоделското активно население.[1]

Во април 1996 година Македонија имала вкупна работна сила (утврдена според методологијата на ILO) од 780.419 лица, од која вработени биле 533.441 а невработени 246.978 лица. според анализите на некои истражувачи и проценките на светската банка и Меѓународниот монетарен фонд (IMF), висината на невработеноста изнесува 25% . Основен аргумент е дека извесен број од лицата кои се регистрирани како невработени всушност се вработени на "црно".

[1] Извор: „ Анкета за работната сила-1996,, Завод за статистика на Република Македонија, Скопје, декември 1996 г. (предходни резултати).

Во таа смисла може да се укаже на основните насоки за се поголемо ангажирање на работната сила, а со тоа намалување на невработеноста:

1. Основната стратешка и долгорочна цел на **активната политика на вработеноста** треба да се состои во обезбедување или отворање на голем број нови **работни места**. На тој начин преку моделот на **креирање на нови работни места** ќе се овозможи ангажирање на работната сила, а со тоа истовремено претставува можност стапката на невработеноста во Р епублика Македонија од сегашните околу 25% да се сведе на ниво од околу 10% до 2020 година. Ова би се остварило кога ќе се постигне **заживување и пораст на производството и кога ќе се обезбеди стабилен и структурно усогласен економски развој**.
2. Итензивирање на **изградбата на инфраструктурни објекти**.
3. Зголемување на **мобилноста на работната сила** преку поддршка на вработувањето и елиминација на преголемата заштита на оние кои се веќе вработени.
4. Забрзување и зголемување на **секторската мобилност** на работната сила.
5. Зголемување на вработеноста и мобилноста на работната сила преку промоција на **флексибилните форми на вработување** како што се: вработувања на одредено време, вработување по договор, вработување дома и слично.

Во наредниот период Владата на Република Македонија (поточно соодветно министерство за труд) треба да **изготви критериуми со кои јасно ќе направи разлика помеѓу регистрирано невработено лице (регистрирана невработеност) и фактички невработено лице (фактичка невработеност)**.

## *Проблемот на невработеноста*

Прикриената невработеност во форма на недоволна работна ангажираност(превработеност на работна сила) е присутна како во стопанските така и во нестопанските дејности. Овај феномен е последица на големата понуда на работна сила и недоволната побарувачка.Колкав е вкупниот број на лицата кои се превработени во нашата земја не се знае, бидејќи не се правени посебни истражувања и анализи, иако таа беше релативно висока. Со приватизацијата и структурните реформи, превработеноста во стопанството е осетно намалена.

Во наредниот период претпријатијата од стопанската свера кои работат во нов и изменет пазарен амбиент сами ќе настојуваат да вршат **економизирање на трудот и на тој начин ќе се ослободуваат од превработената работна сила. Приемот и изборот на адекватна работна сила ќе го вршат самите пртпријатија**. Во наредниот период ќе може да се смета дека превработеноста на работната сила ќе биде присутна во јавните претпријатија и државните органи. Затоа треба овие претпријатија и органи да ги почитуваат принципите на економизација на трудот, рационалност и ефикасност.

## *Фрикциона невработеност*

Фрикционата невработеност преставува природна појава во динамичкиот економски систем и се појавува во два основни облици:

а) како невработеност која е поврзана со времето кое е нормално потребно да се најде вработување, и

б) како невработеност која е поврзана со временскиот период во кој треба да се повика работникот на старото работно место.

Фрикционата невработеност е дозволена (толерантна) невработеност и во услови кога во земјата е остварена положба на полна вработеност.

**Фрикционата невработеност може да се намалува преку програмите на Владата кои ги зголемуваат расположивите информации за слободните работни места и струки на оние кои бараат работа, преку помошта што се дава при спојување на кандидати за вработување и работодавачи (пр.: државни агенции или заводи за вработување).**

## *Структурна невработеност*

Структурната невработеност може да произлезе, **прво, од неусогласеноста на квалификациите и способностите кои се бараат за расположивите работни места и квалификациите и способностите коишто ги поседуваат лицата кои бараат работа и второ, таа може да произлезе од просторната неусогласеност помеѓу локацијата на претпријатијата кои отвораат нови работни места и местото на живеење на работниците кои го нудат својот труд.**

За намалување на структурната невработеност активната политика на вработеноста треба да биде насочена кон:

1. **Донесување на програми за образование и преквалификација**;
2. Програми и мерки кои ќе придонесат за повисока секторска и регионална мобилност на работната сила;
3. Давање на наменски субвенции на плати и даночни кредити за вработените.

## *Насоки во врска со йроблемош на урбанаша йренаселеносш*

Зголеменото учество на градското население во вкупното население од 20,8% во 1948 година, на 58,7% во 1944 година[1]. **придонесе речиси за целосно намалување на аграрната пренаселеност и нејзино трансформирање во урбана (градска) пренаселаност**.

За големината на урбаната пренаселеност и нејзините карактеристики во Републиката не се правени посебни истражувања. Меѓутоа неоспорен е фактот дека таа постои.

Насоки за ублажување и решавање на проблемот на урбаната пренаселеност во наредниот период би можеле да бидат:

1. Конципирање на соодветна миграциона политика;
2. Активната политика на вработеност треба да ги поттикнува реверзибилните (повратни) текови, особено на помладата работна сила;
3. Водење на селективна миграциона политика;
4. Активната политика на вработеноста треба да обезбеди повисока регионална мобилност на работната сила (поттикнување на разните облици на циркулација на работната сила: дневни, неделни, сезонски и др.).

[1] Година кога е извршен последен попис на населението во Република Македоноја

# X.5. ВЛИЈАНИЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВРЗ ОДБРАНАТА

Бидејќи населението е единствениот активен (свесен) чинител од севкупната просторна структура, трансформабилноста и ефикасното воено функционирање на сите просторни системи во најголем степен зависи од бројноста, виталноста и просторниот распоред на населението.

Од овие причини при дефинирањето на одбранбените региони како важен фактор мора да биде третирано населението.

Веднаш треба да напоменеме дека глобално гледано Македонија располага со витално население кое сè уште не ја поминало критичната старосна граница, па човечкиот фактор во овој простор нема во догледно време да биде ограничувачки услов за успешно организирање и водење на одбранбена војна.

Меѓутоа, поради бројни причини меѓу кои се основани брзата урбанизација, миграциите, емиграциите и зголемувањето на разликите во природниот прираст помеѓу одделни општини, просторниот распоред на населението е нерамномерен, што од одбранбен аспект претставува доста неповолна состојба.

Пописот на населението во 1991 година се изврши со определени тешкотии поради бојкотот на дел од албанското население.

Меѓутоа, врз основа на научно издржани методи е извршена процена на населението во општините кои го бојкотираа пописот, а податоците се објавени во соопштението бр.66, година XXVII од 16.05.19991 година, издадено од Републичкоит завод за статистика.

Според овие податоци, вкупниот број на попишано и проценето население во Македонија на 31.03.1991 година изнесувал 2.033.964 жители, што претставува пораст од 6,5% во однос на 1981 година, кога бројот на населението изнесувал 1.909.136 жители.

Ваквиот десетгодишен прираст на населението ја вбројува Македонија во државите со витално население, со што се потврдува претходната констатација, дека што се однесува до населението како битен фактор во одбранбената сфера, Македонија во догледно време нема да има посебни проблеми, бидејќи ваквиот прираст на населението е знак на добри витални карактеристики на истото.

Меѓутоа, ваквата глобална слика сосема поинаку изгледа, ако се изврши анализа на прирастот според националната структура и по одделни опќтини, при што е видно дека најмал прираст имаме кај македонското, а најголем кај албанското население.

Исто така, прирастот на населението покажува голема регионална нерамномерност. Така на пример, најголем прираст покажуваат општините во Западна Македонија, во кои преовладува албанско население и кои се одликуваат со понизок степен на урбанизираност. Од друга страна, останатите оопштини, посебно некои во Источна и Југозападна Македонија, покажуваат многу скромни стапки на природниот прираст на населението, а во 8 општини имаме намалување на бројот на жители.

Ваквите трендови негативно се одразуваат врз територијалната распределеност на населението, кое во Македонија, иако таа претставува мала просторна единица, има многу висок степен на нерамномерност.

Спротивно на овие процеси, во голем број на региони и општини, присутни се тенденции на демографско празнење на просторот, што има крајно негативни последици на севкупниот живот, а посебно во областа на одбраната.

Такви општини, кои покажуваат негативен тренд во порастот на населението и имаат недоволна просторна густина, која се движи од 13 жители на км$^2$ во Македонски Брод, до 54 жители на км$^2$ во општина Прилеп, има вкупно седум.

Посебен интерес за одбраната претставуваат состојбите и развојните тенденции кај селското население, посебно селското население во ридските и пограничните подрачја на Републиката.

Поради голема испресеченост на теренот со многу гребени, клисури, стрмни планински возвишенија и превои, комуникациските правци во овој простор се природно насочени, со ограничени пропусни можности, особено за силни оклопно-механизирани сили, а погодни простори за воздушни десанти има со ограничен број и квалитет.

Од наведените причини ридско-планинските подрачја имаат исклучително големо значење за одбранбеното ангажирање и планирање на просторот.

"Како можни оперативно-одбранбени зони, овие подрачја во услови на војна мораат да обезбедат услови за управување, командување, воено производство, прифаќање на зголемен број население и др., што не може ефикасно да се реализира без одреден квантум на месно население, рамномерно разместено во тие подрачја и со релативно поволна демографска структура на истото".[1]

[1] Б. Никодиновски: "Просторни размештај становништва у брдско-планинска подручја Македоније се становишта потребе ОНО" - часопис "Позадина" бр.4/91 год. ССНО-Београд

Меѓутоа, постојните состојби и процеси кои ги карактеризираат процесите на просторната динамика на селското население во ридско-планинските подрачја на Македонија, се наоѓаат во спротивност со претходно поставените барања.

Деградацијата на селската популација во ридските и планинските подрачја има долгорочен карактер и тешко може да се спречи без радикални урбано-комунални, социјални инвестиции.

Ако се има во предвид дека голем број села се потполно раселени и дека бројот на малите села е со исклучително мал пораст, како резултат на иселувањето од поголемите села, а никако поради формирање на нови села, може поблизу да се согледа тежинта на демографската агонија во која долго време се наоѓаат селските населби во ридските и планинските подрачја во Македонија.

Од оваа констатација можат да се изземат само планинските и припланинските села во тетовска и гостиварска општина, кои брзо растат поради високиот наталитет кај тамошното население.

Забрзаните процеси н деаграризација, миграција и емиграција со кои Македонија е зафатена уште од повоениот период, веќе предизвикаа значителна диспропорција во просторнта разместеност на населението, проследени со континуирани процеси на менување на етничкиот состав.

Овие констатации се потврдуваат со податоците[1], според кои во 1981 година во Република Македонија од вкупно 1609 села, дури 846 села или 53,1% биле емиграциони, 354 села биле стагнантни (21,7%), а само 409 села или 25% имале пораст на своето население.

[1] Д-р. Огнен Дамев: "Деаграризација на процесите на урбанизација на селото во СРМ" - "СТудентски збор" - Скопје, 1990 година

Од сите општини во Републикава, најголемиот дел се емиграциони, а само мал дел - имиграциони. Најголем процент емиграциони селски населби имаат општините: Кратово со 93,3% емиграциони села, Крива Паланка - 90,1%, Прилеп - 74,5%, Свети Николе - 73,8%, Штип каде 71,2% од вкуниот број на села се емиграциони итн.

Во групата со преку 60% емиграциони села се и општините: Велес, Кичево, Кочани,Делчево и Крушево со вкупно 570 емиграциони села, или 67% од вкупниот број емиграциони села во Република Македонија

Доколку во наредниот период не се преземат порадикални општествени мерки, ваквите процеси на просторната динамика на селското население ќе предизвикаат тешки проблеми и последици врз одбранбената способност на Република Македонија.

Овој резултат на анализите е добиен поради тоа што, во Западна Македонија, поради аграрната пренаселеност и големата просторна густина на населението, преминот од мирновременски во воени услови ше биде условен со големи загуби кај населението и неможност да се прифаќаат дополнителни контингенти на население. Од друга страна пак, организирањето на военото производство, мобилизацијата и редица други воени потреби, ќе бидат поврзани со големи проблеми во општините во кои се појавува недостаток на витално селско население. Ваквите состојби имаат изразено влијание вр одбранбената регионализација, при што голем број од општините врз основа на критериумите кои ќе бидат применети ќе се покажат како простори со мала борбена отпорност во сферата на населението.

## X.5.1. ПОСЛЕДИЦИ ОД ИСЕЛУВАЊЕТО

Иселувањето на младата популација од Р.Македонија, значително влијае на регрутниот контигент, нивниот квалитет и вклучувањето во едукацијта во АРМ (активниот состав), како и во останатите елементи од одбранбено заштитниот систем на Републиката:

1. Одливот на младата македонска интелегенција има директно влијание врз одбранбено-заштитниот систем на Р.Македонија.
2. Се појавува проблем, односно, потешкотии при мобилизацијата на обврзниците.
3. Обемот, интензитетот на иселување на младото и работоспособно население, за последниот период (од осамостојувањето на Република Македонија до денес), влијае врз критичната маса за обезбедување на потребен број на лица со одреден квалитет за одбрана во случај на агресија.
4. Енормниот интензитет на иселување на младите се одразува и врз квлитетот на кадарот во одбраната.
5. Намаленоста на производните ресурси и празнењето на значителен дел од просторот на единствената територија.
6. Социјални последици, со намалување на бројноста на кадарот за одредени професии, кои би можеле да бидат искористени.
7. Се појавуваат проблеми за обезбедување на раководен кадар во одбраната.
8. Внатрешните миграции се овиваат претежно од село кон град и од помалите градки средини во поголемите, а особено кон главниот град Скопје.

И овој вид на миграција е значаен за одбраната, од аспект на тоа што се создава концентрација на населението во еден, два или три центри, па така постои опасност од агресија со воздушни напади.

Иселувањето ја нарушува демографската рамнотежа, а во некои места доаѓа и до празнење на селата. Тоа води кон неможност да се организира "борбено село", да се реализаираат тактички планови за одбрана во случај на напад, систем на утврдување, ровови и препреки.

Но сепак, нас посебен проблем ќе ни биде иселувањето на младите и последиците за одбраната на Република Македонија, како и колку тоа влијае врз "Критичната маса" од потребен квалитет и квантитет на жива сила (луѓе) во вистинска смисла на зборот.

Аналогно на поимот **критична маса**, би било минимум на обврзници и маса на стручни лица.

Последици се појавуваат, не само во поглед на демографската структура, туку и како материјална моќ, во поглед на квалитетно организирање на одбраната во сите делови на земјата.

Намалениот број на население негативно се одразува врз производните ресурси и доведува до осиромашување на земјата.

Се очекува дефицит на квалитетен кадар од стручни лица, на пр.: технички лица, лица со високи научни знаења, лица кои би ракувале со софистицирано оружје, логистичка поддршка... Енормното иселување го слабее мотивот за одбрана и на другите луѓе во Р.М. Не може да се оствари потполно и максимално ангажирање и напрегнување на сите човечки, морални и материјални сили на општеството за водење на вооружена борба и давање на активен отпор на агресорот.

# XI. ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Преструктуирањето[1] на Армијата на Република Македонија е од суштествен интерес за одбраната на Република Македонија. Притоа, основна задача на Македонската одбранбена стратегија е дефинирање на одбранбен систем со мала, но моќна и изградена армија според стандардите на НАТО, која ќе биде во состојба да ја брани и да ја одбрани независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, како и нејзино партиципирање во колективните системи за безбедност во одбрана на демократскиот свет од сите облици на загрозување.

Денес, практично ниту една држава во Европа па и пошироко не е во состојба сама, изолирано да се заштити од постоечките извори на загрозување. Затоа, сите земји се соочуваат со потребата од уште поголема соработка со колективните системи за безбедност и одбрана за нивна доизградба и приспособување кон новите потреби.[2] "Во вакви услови" - се нагласува во стратегијата за одбрана на Република Македонија, "најголемиот дел од изворите на загрозување на мирот и стабилноста на Република Македонија имаат идентични карактеристики како и во останатите земји во регионот и пошироко". Ова е уште една причина за интезивирање на воената соработка на Република Македонија со другите земји и нејзино партиципирање во колективните системи за безбедност.

---

[1] Поглавјето X. (од стр. 180, до ознаката за фуснотата на стр. 188) е делумно преземен текст од: "Современа македонска одбрана" - 2000г.

[2] Стратегија за одбрана на Република Македонија: глава 1, точка 4

Во 21-от век, Р.М. влегува неоптоварена од минатото со погледот пред себе, во новото време. На тој пат, за Р.М. нема никакви дилеми, ни крстопати. Патот кон иднината е патот кон Европа, кон демократијата, кон современото и на тој пат една од најбитните стратегиски цели и интереси е членството во НАТО, како клучен столб на сегашната и на идната модерна Евроатланска безбедносна структура.

## XI.1. ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Својот одбранбен систем Република Македонија го гради според западниот модел на организирање, во кој доминира цивилната контрола врз вооружените сили. Потпирајќи се врз сопствените сили и можности, се настојува да се достигнат стандардите на НАТО и во таа смисла се приспособуваат материјалните можности и специфичности на оваа глобална цел.

Овие наши трајни стратегиски определби се реализираат постепено. На тој план е веќе направено многу, уште повеќе предстои да се направи, но резултатите се веќе видливи. Впрочем, сите активности се утврдени согласно годишната акциона програма за подготовки на Република Македонија за членство во НАТО, притоа базирајќи се врз стратегијата за одбрана, белата книга и политиката на демократски избраната власт.

На преструктуирањето на вкупните сили на АРМ, работеше и сеуште работи екипа експерти од АРМ и пошироко.

Напоредно со реконструирањето на АРМ ќе се реорганизира и Министерството за одбрана, според западна и покомпатибилна структура. Со новата организација појасно ќе се дефинира улогата на МО, како авторитет што ја креира политиката, а реализацијата на политиката ќе се префрли во Генералштабот. На тој начин не само што ќе зајакне концептот на цивилна контрола врз Армијата, туку ќе се постигне поголема ефикасност и економичност во работењето, пред се вклучување на финансиски менаџмент и менаџмент со ресурси.

Новите и брзи промени во општеството, желбата за прием во НАТО за компатибилност со НАТО и со другите колективни системи за безбедност, како и потребите на персоналот во одбраната за посеопфатни промени, бараат и донесување на нов Закон за одбрана, како и нов Закон за служба во Армијата.

Првата и би рекле најважна станица на тој пат е воспоставувањето структура на сили адекватна на потребите на државата во новосоздадените позитивни услови во регионот. Притоа, недвосмислена е потребата за создавање на мала, мобилна Армија, способна за самоодбрана и подготвена да одговори на предизвиците на регионот. Во таа смисла веќе се прават конкретни чекори за намалување на мирновременската формација на АРМ, и таа, од сегашните предвидени по формација 22.000 луѓе се намалува на 16.000, додека постојната воена формација на вкупните сили од сегашните 120.000, се намалува на околу 60.000 - 70.000 луѓе, но затоа се подобрува опременоста на АРМ. Од воената академија на Р.М. излегуваат нови генерации високообучени офицери, се зголемува и подофицерскиот кор со школување на професионални војници, а се преземаат и други активности што треба да обезбедат компатибилност со структурите на НАТО.

Една од позначајните новини на тој план, што треба да придонесе за поголема компатибилност и оперативност на Армијата на Република Македонија, е укинувањето на еден корпус, а преструоените два корпуса како организациско-формациски структури се намалуваат.

Определбата за градење мала и модерна Армија, компатибилна со структурите со НАТО, како неминовност наложува и други чекори што ќе придонесат Армијата да функционира како таква во вистинската смисла на зборот. Во таа смисла, силите на Армијата на Република Македонија се преструктуираат[1] во сили за брза реакција, сили за подршка и стратегиски резервни сили, секоја од нив со точно определени задачи и функции во чекор со новото време. Тргнувајќи од тоа дека војникот е војник, без разлика на тоа што војникот на 21-от век, според сите надежи и предвидувања ќе биде воин на мирот а не на војната.

Како приоритетна задача, што треба да се реализира, за акциониот план за членство, формирање на една бригада во рамките на силите за брза интервенција на првиот корпус, што ќе биде високо обучена, добро опремена и во добар дел професионална. Значајно е и тоа што најдобрите мaѓу ново примените професионални војници ќе се школуваат за подофицери, како една од нај значајните алки на новата мала но современа армија.

Напоредно со тоа ќе продолжат и другите активности за севкупно преструктуирање на АРМ. Посебно се издвојуваат активностите околу новиот систем на заштита на државната граница.

[1] Според национална програма на подготовки на за членство во НАТО

Преструктуирањето на Армијата наметнува потреба од нов поедноставен организациско-формациски модел за команда и контрола на сите нивоа. Се работи за едно од најбитните прашања во севкупната трансформација на АРМ и токму затоа на ова прашање му е посветено исклучително внимание.

Во тие рамки, од особено значење се активностите за преструктуирање на Генералштабот на Армијата на Република Македонија во нова, поедноставна организација со поголеми овластувања во ново формираните целини и без преклопување на задачите. Сето тоа со цел, Генералштабот да стане поефикасен во командата и контролата и компатибилен со другите генералштаби на армиите - членки на НАТО.

Новиот век за Армијата на Р.Македонија значи и свртување на нова страница во обуката на припадниците на Армијата. Високата обученост и извежбаноста и досега беше една од нашите несомнени предности, но во новиот век таа мора исклучиво да биде според стандардите што важат во НАТО и во современите армии воопшто.

Токму од тие причини, Република Македонија постојано упатува воени и цивилни кадри на обука и образование во институциите на земјите членки на НАТО и партнерите. Изборот на кандидатите за обука и школување се врши врз основа на потребите на Армијата и Министерството за одбрана и во согласност со потребите на функционалната должност на кандидатите.

Во Армијата на Р.Македонија се врши интензивна обука на војниците и старешините во согласност со комбинираната Македонско - Американска програма за стабилност и одвраќање (МПРИ).

Веќе е завршена обуката на старешините од граничните единици, а се извршени сите подготовки за обука на војниците и старешините и во останатите единици според стандардите на НАТО.

Програмата за стабилност и одвраќање има значаен придонес кон напорите што ги прави АРМ во реорганизирање и зајакнување на образованието и обуката на офицерите, подофицерите, војниците и единиците. За таа цел одржан е семинар на тема **"Систем за обука на Армијата на Република Македонија"** што даде значаен при-донес во насочувањето на лидерите за обука според стандардите на НАТО.

Токму од тие причини Р.М. ја прифаќа и новата, проширена програма на план и анализа (ПАРП) за интероперабилност на вкупните сили во Армијата и е подготвена да учествува со свои сили во состав на силите на НАТО, за изведување на сите можни операции што промовираат стабилност и просперитет. Со реализација на оваа програма, Армијата на Р.Македонија ги имплементира усвоените принципи за мултинационалност на составот на силите на алијансата и унифицираност на општите постапки и активности на НАТО единиците, што ќе придонесе за полесно и побрзо вклопување во овие структури.

Како важен инструмент во преструктуирањето на Армијата и за реализација на ПАРП програмата се јавува и индивидуалната програма за партнерство. Во утврдениот временски период за акциониот план за членство во НАТО со индивидуалната програма за партнерство се планираат и реализираат вежби од кои впрочем нашите единици можат најмногу да научат, како и да дадат свој конкретен придонес во нивната успешна реализација.

Министерството за одбрана успешно го користи тимот (МПРИ) и нивната програма за стабилност и одвраќање, која што се финансира од САД и преставува значаен придонес кон напорите што ги прави АРМ во реорганизирањето и зајакнувањето на образованието и обуката на офицерите подофицерите и војниците.

Напоредно со тоа, се интезивира и реализацијата на веќе потпишаните и на евентуалните нови спогодби за билатерална соработка со Европските земји и пошироко на полето на одбраната. Целта е една и недвосмислена: развивање на меѓусебната доверба и на мирот во регионот, забрзано преструктуирање на Армијата и реализација на целите од Програмата на план и анализа.

## XI.2. ПЛАНИРАЊЕ НА ОДБРАНБЕНИТЕ РЕСУРСИ

Едно од прашањата на кое во АРМ се посветува исклучително внимание е планирање одбранбени ресурси и идентификување на промените што би ја подобриле ефикасноста и ефективноста на постојниот систем на управување и планирање одбранбени ресурси. Очекувања на тој план има многу, но уште повеќе макотрпна работа за континуирано подобрување на понудените решенија.

Трансформацијата на АРМ според акциониот план за членство во НАТО во преден план има унапредување на планирањето на менаџментот на одбранбените ресурси. Пред сè, поради потребата за создавање реални предуслови за остварување на зацртаното преструктуирање на АРМ во мала, модерна и мобилна армија, способна за самоодбрана, подготвена да одговори на предизвиците на новото време.

Отука и големото значење на правилното планирање, програмирање и буџетирање на одбранбените ресурси, а особено согледувањето на критичките прашања што влијаат на планирањето, како и поттикнување на процесите за изнаоѓање на најоптимални, по потреба и алтернативни решенија по тие прашања и нивна имплементација.

На тој пат се поставуваат бројни прашања на кои треба да се даде одговор, без што е незамисливо правилното планирање на одбранбените ресурси, а пред се: кои се целите на системот: кои производи се бараат и кога тие се потребни; кој треба да учествува и со какви должности и задачи; кои процеси се потребни за добивање на саканиот краен производ; како треба да се контролира процесот и како ќе се следи реализацијата и ќе се утврдува одговорноста во тој процес.

Многу од тие елементи се прифатливи и за нашиот систем на одбрана, особено на планот на усогласување на нашето национално планирање со планирањето во НАТО и за подобрување на постојниот, односно утврдување нов систем на планирање на одбранбените ресурси во кој покрај планирање на ресурсите, би се опфатило и логистичко планирање, планирање на командување и на контрола, планирање на вооружувањето и планирање на силите како "двигател" на останатите планирани процеси.

Како првенствено прашање на тој пат се поставува дефинирање на цели и мисии на актуелниот систем на планирање на ресурсите на одбраната на нашата земја и идентификација на главни производи (производи што пренесуваат информации и анализи, или служат за документирање на одлуки и тоа со фиксни рокови), потребни на системот за постигнување на пртходно дефинирани мисии и цели.

Сите овие активности се придружени и со соодветен план за нивен континуиран развој и со прецизно идентификување на главните учесници и на нивните улоги и одговорности во целокупниот систем на планирање на одбранбените ресурси.

Како императив се налага и усогласување на некои конкретни активности во планирањето на ресурсите во одбраната, а особено изготвувањето, ревизијата и одобрувањето на одбранбените програми. Поинаков третман мора да доживеат и некои други, навидум не толку важни прашања, на кои што во НАТО - земјите им се посветува исклучително значење. Тоа првенствено се однесува на "пресликувањето" на веќе одобрените програми во буџетот за одбрана. Пред сè, поради неопходноста од постојано следење, како се остваруваат програмите и во согласност со тоа да се бара ревизија и одобрување на буџетот и други извори за целосно остварување на програмите.

Во секој случај, во АРМ пости решеност за што побрзо имплементирање на нови, посовремени и поцелосни решенија во постојниот систем на планирање, програмирање и буџетирање на одбранбените ресурси. Прашањето е мошне суптилно, бидејќи навлегува во најчуствителните сфери на одбранбеното планирање и програмирање. Но, повеќе од јасно е дека усогласувањето на националното планирање со планирањето во НАТО е повеќе од императив, доколку нашата земја сака што поскоро да се најде во големото семејство на НАТО.

Реформата е планирана, поради ефективна одбрана и новата структура на македонската армија - која ќе брои 8.682 лица.

Од 2008 година, повеќе нема да има регрути - тоа е граничната точка за целосна професионализација на Армијата. Во контекст на овие промени, влегува и акциониот план за прием на претставници од етничките заедници во Армијата, со што би се постигнала мултиетничка и модерна Армија.

Резервниот армиски состав, кој брои 44.000 лица, ќе се намали на 4.500 лица. Се смета дека бројот на лица во резервниот армиски состав не би требало да биде одлучувачки во толкава мера, доколку има стручен и способен состав на армиските единици.

Инаку, во фокусот на овие реформи на Армијата, се наоѓа и трансформацијата на целокупното општество (општествениот систем), посебно економските, демократските и политичките промени. Се работи на тоа, Република Македонија да добие ефикасна, но економски и финансиски рационална одбрана.

## XI.3. ПРИОРИТЕТИ

Во[1] годината што започна, Министерството за одбрана енергично се зафати со реализација на оперативниот план на приоритети во реформите на македонската одбрана.

Веќе подолго време, стручни лица работат на подготовката на Стратегискиот одбранбен преглед, кој претставува круцијален документ за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО.

[1] Извор на содржини за поглавјето XI.3.: Армиски збор - Скопје, 5.2.2004 г. (год. X, бр. 103)

Како резултат на стратегискиот одбранбен преглед, ќе се дефинираат надлежностите, функциите и задачите на Министерството за одбрана и АРМ во согласност со проекците, имплементацијата на системот за повеќегодишно планирање, програмирање и буџетирање и во согласност со стандардите и нормите на НАТО, како и спроведуавње на планот за соодветна застапеност на припадниците на етничките заедници.

Во овој период се заокружува донесувањето на повеќегодишниот план за модернизација на опремата и вооружувањето на АРМ.

Во него јасно ќе бидат дефинирани потребите на АРМ и средставта за набавка и модернизирање на армиската опрема и вооружување. Како приоритети на овој план, за оваа година и во иднина, ќе биде опремувањето на единиците за специјална намена со комуникациски средства, транспортни возила и со лично вооружување на припадниците на оваа единица. Започна и процесот на ослободување од застарената техника и опрема. Усогласени се и ставовите за донесување на Законот за кризен менаџмент.

Преку неговото донесување и по формирањето на Центарот за кризен менаџмент, ќе се имплементира еден од стандардите на колективните системи за безбедност.

Министерството за одбрана, по успешното спреведување на Акциониот план за соодветна и правична застапеност на етничките заедници (за претходната и оваа година), ќе продолжи со неговата имплементација.

Една од приоритетните задачи во реформите на македонската одбрана, е и реализацијата на стратегијата за интегрирано гранично обезбедување. Обезбедувањето на државната граница ќе премине од АРМ во надлежност на МВР. Оваа година продолжува процесот на професионализација на АРМ. На тој план досега е постигнат значителен успех, што претставува основа за формирање на мала мобилна и ефикасна армија, компатибилна со стандардите на НАТО. Реформите за секоја армија, па и за нашата, ќе бидат тешки - но неопходни.

Друга алтернатива - впрочем и немаме.

# ЗАКЛУЧОК

Македонската историографија треба да посвети посебно внимание на проблемот на македонското печалбарство и иселеништво.

Бројните македонски научни и други работници се зафатија со презентирање и анализа на овој чувствителен проблем од поновата македонска историја, од повеќе аспекти, но не во доволна мера. Во меѓувреме, идејата за проучување и спречување на иселеништвото, во Институтот за национална историја, зеде поголем замав. Поголем интерес за обработка на оваа проблематика пројави и Матицата на иселеници - Скопје, Агенцијата за иселеништво, како и други организации и поединци од земјата. Последиците во одбраната од иселувањето на младите од Република Македонија се големи. Во рамките на меѓународните односи, државите водат интензивна грижа на својата безбедност.

Применувајќи низа мерки и активности во тој правец, од особено значење е и создавањето на соодветен одбранбено-заштитен систем, чија основна улога е да обезбеди мир и стабилност на луѓето. Класичните извори на загрозување на светскиот мир и безбедност, не се елиминирани, напротив дел од нив се проширени со изменета форма и содржина и деструктивно дејствуваат во различни области од општествениот живот. За периодот на пост-Студената војна, беше карактеристичен процесот на екстензивно разоружување и конверзија на воените расходи, додека сега сме сведени на започнување на повторно вооружување, на глобално ниво во новиот милениум.

Во овој труд е отворено прашањето на иселувањето на младите и неговото влијание врз одбраната на земјата и направени се обиди да се даде придонес кон решавањето на проблемот поврзан со миграцијата на младите (обезбедувањето на потребниот контингент во АРМ) - сегмент, што е значаен за системот на одбраната и неговото функционирање во АРМ.

Најголема пречка е развојот на компатибилни системи. Тука се потребни стандард, обезбедување на компатибилност на производите.

Постигнувањето на консензус е доста тешко, бидејќи во проектирањето и развојот во одбраната учествуваат различни дисциплини: инженерство, психологијата, операционите истражувања, телекомуникациите, напредната електроника но сепак - човечкиот фактор е најбитен.

Нас ни се случува “прелевање на мозоци во другите држави”, кои не вложиле ни цент за нивното стручно наобразување.

Ќе се појават слабости во одбранбениот систем и на основните носители на работите од оваа област, МО И АРМ да извлечат поука, како основа за преземање корективни акции за подобрување на системот.

Анализирањето на непосредното минато и на актуелното време во кое живееме, всушност значи и прибирање на факти за предвидување на иднината, со цел - опстанок и просперитет на македонската држава.

По осамостојувањето, РМ се определи за изградба на сопствен систем на одбрана и сопствена армија, која соочена со проблемите во потесното опкружување, како и предизвиците на времето, постојано ја зајакнуваше својата борбена готовност. Република Македонија уште на самиот почеток на креирањето на сопствен одбранбен систем се ориентира кон политичка, односно воена интеграција во колективните системи за безбедност, со крајна цел зачленување во НАТО. Од формирањето на АРМ, една од приоритетните цели беше достигнувањето на стандардите што важат за современите армии и создавање на армија која според структурата и модалитетот ќе биде компатибилна на НАТО и западните армии, што е еден од условите за влез во западната алијанса. Носителите на креирањето на структурата и модалитетот на АРМ се нејзините лидери.

Лидерите во армиите на нашата држава, од најстари времиња до денес, беа и се главните креатори и носители во остварувањето на стратегијата, оперативата и тактиката. Тоа го остваруваа преку креирање на армиските модели, вештината на војувањето, едукациониот систем усовршувањето на вооружувањето и логистичката поддршка. Денешните лидери ја проучуваат историјата на војувањата, а посебно се изучуваат, вештините принципите стандардите и нормите на воената организација. Истите се обработуваат во повеќе светски военошколски установи, додека одредени вештини и квалитети се прифатени и се употребуваат и ден денес.

Армиските лидери ги анализираат и проучуваат теориите на лидерството. Во армиската лидерска структура доминантни се трансакциското и трасформациското лидерство. Ниту едното, ниту другото можат да обезбедат целосен успех. Военатa организација има потреба од визија, инспирирање обврзување но исто така и од лидери кои можат да се фокусираат на детали, да обезбедат насочување и да изнајдат стил на соодветно однесување. Оттука во воената организација пожелно е да се негуваат: трансакциското, трансформациското и суперлидерство.

Дефинирањето и редефинирањето на лидерството и водењето во организациите, нивните карактеристики (функциите, принципите, особините и вештините), нивното влијание и имплементацијата во воената организација, е со цел за нивно модифицирање и прилагодување на армиските цели.

Лидерството и менаџментот, нивниот взаемен однос, дава сознанија за нивното поимовно определување, дефинирање, компарирање и нивната имплементација во воената организација. Релацијата помеѓу лидерите и менаџерите, лидерски карактеристики за авторитетот и моќта во воената организација, овозможуваат на лидерите да знаат што треба да бидат, кои квалитети да ги поседуваат, пренасочуваат и делегираат на потчинетите. Карактеристично е преклопувањето на лидерските и менаџерските функции и задачи, затоа што лидерите во воената организација се во двојна улога: како лидери и како менаџери.

Познавањето на нивоата, моделите и стиловите на раководење во воената организација од страна на лидерите е неминовно. Тоа на армиските лодери ќе им помогне во определувањето и користењето на моделот, стилот и факторите кои влијаат на истите, како и на последиците од користењето на определениот модел и стил на однесувањена било кое и да е ниво на раководење. Селективната комбинација на употреба на моделите и стиловите на лидерството ќе даде позитивен допринос во имплементацијата на истите на сите нивоа во организациите, па и во воената организација.

Факторите на лидерството директно влијаат на лидерот и неговото водење на воената организација. Секој армиски лидер треба да ги знае нивните карактеристики, за да може успешно да се носи во воената хиерархија. Лидерот мора да има визија, да ги познава и знае лидерските цели, да го познава, поседува и пренесува вистинскиот авторитет, да ја превзема и делегира одговорноста, да ја почитува дисциплината, да го поседува моралот и да ги пренесува моралните норми, да ги познава прописите и да знае да се движи во времето.

Лидерот во АРМ треба да ги поседува и да има потрбни вредности, карактеристики, вештини и да превзема соодветни акции. Со поседувањето вакви квалитети, вештини и знаења, ќе биде во состојба да ја оствари својата визија и цел, и тоа би бил, кој би одговарал на армиските лидерски вредности и квалитети на НАТО. Ваквите лидери можат да одговараат на денешните и идни предизвици, истовремено ќе бидат промотори на вредносните особини кај својот персонал, кај пониските лидери и нивните следбеници.

За вклучување во НАТО алијансата, потребно е да се изврши не само трансформација на организациско - формациската структура на АРМ, туку и нејзиниот едукациски систем на лидери, почнувајќи од Генералштабот, Воената академија завршувајќи со Командата за обука и останатите единици и установи во АРМ. Со реализација на оваа приоритетна цел на АРМ, до израз би дошле лидерските квалитети и задачи. Педложениот лидерко - едукациски модел за потребите на АРМ можеби би требало да ги инспирира најодговорнит во оваа област за соодветна реакција.

Лидерите на иднината ќе мораат да воспостават реална визија и да внесат во воената организација такви новитети и односи, кои ќе ги предводат своите потчинети со чувство за вредност, насочено кон остварување на визијата и целите.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АРМ** | **А**рмија на **Р**епублика **М**акедонија |
| **АРЕ за ПВО** | **А**ртилериско **Р**акетни **Е**диници **за П**ротив **В**оздушна **О**дбрана |
| **Б** | **Б**рој на иселеници |
| **ВС** | **В**ооружени **С**или |
| **ГШ** | **Г**енерал**Ш**таб |
| **ДДС** | **Д**о**Д**ипломски **С**тудии |
| **I** | Број на доселеници (**И**мигранти) |
| **КШШ (ПДС - СКД)** | **К**омандно - **Ш**табна **Ш**кола (**П**ост**Д**ипломски **С**тудии - **С**пецијализација за **К**омандни **Д**олжности) |
| **М** | број на умрени (**М**орталитет) |
| **М** | природен прираст |
| **МО** | **М**инистерство за **О**дбрана |
| **МПО** | **М**акедонска **П**атриотска **О**рганизација |
| **МРО** | **М**акедонска **Р**еволуционерна **О**рганизација |
| **N** | број на живородени (**Н**аталитет) |
| **НАТО** | **N**ort **A**tlantik **T**reaty **O**rganisation - Организација на Северноатланскиот договор (северно-атланска политичка и воена организација) |
| **НИР** | **Н**аучно - **И**стражувачка **Р**абота |

**НОВ** ........................................ **Н**ародно **О**слободителна **В**ојна

**ОМЕ** ........................................ **О**клопно - **М**еханизирани **Е**диници

**ООН** ........................................ **О**рганизација на **О**бединети **Н**ации

**$P_2$, $P_1$** ........................................ **Б**рој на население (**П**опулација)

**ПДС - М** ........................................ **П**ост**Д**ипломски **С**тудии - **М**агистратура

**ПДС - С** ........................................ **П**ост**Д**ипломски **С**тудии - **С**пецијализација

**ПОМ** ........................................ **П**артизански **О**дреди на **М**акедонија

**РМ** ........................................ **Р**епублика **М**акедонија

**РШТО** ........................................ **Р**епублички **Ш**таб за **Т**ериторијлна **О**дбрана

**S** ........................................ **М**играционо **С**алдо

**САД** ........................................ **С**оединети **А**мерикански **Д**ржави

**СРМ** ........................................ **С**оцијалистичка **Р**епублика **М**акедонија

**СФРЈ** ........................................ **С**оцијалистичка **Ф**едеративна **Р**епублика **Ј**угославија

**ТМОРО** ........................................ **Т**ајна **М**акедонско **О**дринска **Р**еволуционерна **О**рганизација

**ЦЛ** ........................................ **Ц**ивилно **Л**ице

# БИБЛИОГРАФИЈА

1. *Адижее И:* **Овладување со промените**, ДЕТРА - Скопје 1998
2. *Богдановиќ М:* **Методолошке студије**, Институт за политичке студије - Београд 1993
3. *Ванковска Б:* *Цветковски Ц:* **Правото и одбраната-основи на одбранбеното право**, РОБЗ - Скопје 1996
4. *Ванковска Б:* **Војската и демократијата**, Детска радост-Скопје 1995
5. *Василевски В:* **Меѓународно воено право Маринг** - Скопје 1998
6. Вујевиќ М: **Увоѓење у знансвени рад у подручју друштвених наука,** Информатор - Загреб 1988
7. *Гили А:* **Како се истражује**, Школска књига - Загреб 1994
8. *Георгиевски П:* **Методологија на општествените појави (воведен текст и избор на текстови** ) Филозофски факултет - Скопје 1998
9. *Гоцевски Т:* **Современи тенденции во одбраната**, Македонска ризница - Куманово 1997
10. *Гоцевски Т:* **Одбранбено осамостојување на Македонија,** Македонска ризница - Куманово 2001
11. *Гоцевски Т:* *Митревска М:* **Кризен менаџмент**, Македонска ризница - Куманово 2001
12. *Георгиева Л:* **Творење на мирот**, Студио АДА - СКОПЈЕ 1999
13. *Георгиевски П:* **Методологија на истражувањето на општествените појави** - Скопје 1988

14. *Good W., Hatt P:* **Методи социјалног истраживања**, Вук Караџиќ - Београд 1996

15. *Карнеги Д:* **Психологија на успехот, книга 1,2,3, 4** Штрк-Скопје 1994

16. *Котовчевски М:* **Извори на загрозување на мирот и Националната безбедност**, Балкански центар за мир - Скопје 1999

17. *Котовчевски М:* **Македонија воена алка во светот**, Македонска цивилизација - Скопје 1995

18. *Котовчевски М:* **Тајни служби**, Македонска цивилизација Скопје 1999

19. *Лазаров Л:* **ВМРО низ француската дипломатија**, ЗУМ-ПРЕС, Скопје 1999

20. *Милиќ В:* **Социолошки метод**, НОЛИТ Београд 1978

21. *МилосављевиќС:* **Истраживање политичких појава**, Институт Студије ФПН, Савремена Администрација - Београд 1982

22. *МилосављевиќС:*
*Радосаљевиќ И:* **Репетиторијум из методологије друштвених истраживања**, Институт Студије ФПН - Београд 1975 Основи методологије ратне вештине

23. *Милошевиќ Н:* **Истражувачки поступак 1и2**–дио ССНО-Београд 1984

24. *Нацев З:* **Едукативни проекции во одбраната**, НИП Ѓурѓа - Скопје 1995

25. *Нацев З:* **Теоретски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана**, НИП Ѓурѓа - Скопје 1998

26. *Нацев З:*
*Начевски Р:* **Војна мир и безбедност**, Македонска ризница - Куманово 2000

27. *Нацев З:*
*Начевски Р:* **Безбедност и национална одбрана**, Македонска ризница - Куманово 2000
28. **Националното и наднационалното во стратегиски контекст на Р.Македонија за 21 век** во Годишниот зборник на филозофскиот факултет, книга 24/500 - Скопје, Филозофски факултет, 1997,
29. *Никодиновски Б:*
*Стојменов А:* **Регионална воена географија**, Херати Комерц - Битола, 1999
30. *Панов М:* **Социјална географија**, НУБ “Кл. Охридски”-Скопје 1984
31. *Петроска-БешкаВ:* **Анкетирање што, зошто, кој, како**, Филозофски факултет - Скопје 1999
32. *Шамиќ М:* **Како настаје научно дело**, Светлост - Сарајево 1984

НОРМАТИВНО –ПРАВНИ АКТИ

33. **Уставот на Р.Македонија**, НИП “Магазин 21” - Скопје 1991
34. **Закон за одбрана**, Службен весник на Р.Македонија 42/2001
35. **Стратегија за одбрана на Република Македонија** Преседател на Р.Македонија - Скопје 1998
36. **Бела книга за одбрана на Република Македонија**, Министерство за одбрана - Скопје 1998
37. **Акционен план за членство во НАТО одбрана**, Министерство за одбрана - Скопје 2000
38. *Д-р. Јове Талевски:* **Границите на Република Македонија** - Битола 1998
39. **Национална стратегија за економски развој на Република Македонија** - Скопје - 1997